


Konrad Adenauer Stiftung

IDSCS | Institute for Democracy Societas Civilis -Skopje


# ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2016 ГОДИНА

ВТОРО ДОПОЛНЕТО ИЗДАНИЕ

ПОЛИТИКА

# ПРИРАЧНИК ЗА ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2016 ГОДИНА

ВТОРО ДОПОЛНЕТО ИЗДАНИЕ

# Импресум

**Наслов:**
Прирачник за парламентарни избори во Република Македонија 2016 година

**Издавач:**
Фондација Конрад Аденауер во Република Македонија
Институт за демократија „Societas Civilis" – Скопје

**Автор:**
Христина Вељанова

**Координација:**
Давор Пашоски
Јоханес Д. Раи

**Лектура:**
Ивана Коцевска

**Дизајн и подготовка:**
Винсент Графика

Публикацијата може бесплатно да се преземе на:
http://www.kas.de/mazedonien/mk
http://www.idscs.org.mk

**Напомена:**
**Ставовите изнесени во публикацијата не се ставови на Фондацијата Конрад Аденауер и на Институтот за демократија "Societas Civilis" – Скопје, туку се лични гледишта на авторот.**

# Содржина:


**1. Вовед во парламентарни избори 2016** **6**

Подготовки за предвремените парламентарни избори 12

Последни промени на изборното законодавство 14

**2. Историјат на парламентарните избори во Македонија (1990 - 2014)** **20**

Парламентарни избори 1990 година 21

Парламентарни избори 1994 година 23

Парламентарни избори 1998 година 25

Парламентарни избори 2002 година 26

Парламентарни избори 2006 година 28

Парламентарни избори 2008 година 30

Парламентарни избори 2011 година 32

Парламентарни избори 2014 година 34

Одѕив на парламентарни избори (1990 – 2014) 37

**3. Македонски изборен систем за парламентарни избори** **38**

Изборни органи 41

Активно и пасивно избирачко право, процедура за поднесување кандидатури 43

Ограничување на актуелни функционери 46

Изборна кампања 48

Улогата на јавните гласила 51

Набљудување на изборите 53

**4. Изборни единици** **56**

**5. Преглед на учесниците на предвремените парламентарни избори 2016** **64**

ВМРО-ДПМНЕ 66

Демократска партија на Албанците (ДПА) 71

Демократска унија за интеграција (ДУИ) 74

Социјалдемократски сојуз на Македонија 77

Коалиција за промени и правда – трет блок (Демократски сојуз, ФРОДЕМ, ДЕМОС и МОРО-РП) 82

Партија за демократски просперитет 83

Коалиција „Алијанса за Албанците“ (ДР-ДПА, Унитети, НДП) 84

Либерална партија 85

Коалиција „ВМРО за Македонија“ 86

Движење БЕСА 87

Левица 88

**6. Парламентарни избори во Република Македонија 2016 година - Резултати, кампања, оценки** **90**

Вовед 91

Изборна кампања 92

Финансирање на изборната кампања 100

Медиуми 104

Резултати од предвремените парламентарни избори во 2016 117

Заштита на избирачко право 120

Оценка на изборите од набљудувачите 123

Оценка на изборите од политичките партии 128

Заклучоци 132

**7. Изборна архива на изборите во Република Македонија од 1990 година до денес** **138**

**8. Извори** **142**

# ВОВЕД ВО ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2016

## ВОВЕД ВО ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2016

Осмите по ред парламентарни избори од независноста на Република Македонија, а четврти по ред предвремени избори, ќе се одржат на 11 декември 2016 г. На 17 октомври 2016 г. на 125. седница со 110 гласа „ЗА" и ниту еден против или воздржан, Собранието едногласно ја донесе одлуката за распуштање на Собранието. Следниот ден, на 18 октомври, претседателот на Собранието, Трајко Вељаноски, во рамките на своите уставни и законски надлежности ги распиша изборите.[1] Овие предвремени парламентарни избори ќе се одржат во шест изборни единици (ИЕ) на територијата на Република Македонија и една изборна единица (ИЕ 7) во странство, која ги опфаќа сите македонски државјани кои живеат во странство. Во дипломатско-конзуларните претставништва (ДКП) на Република Македонија гласањето ќе се одржи еден ден порано, односно на 10 декември 2016 година.

На одржувањето на овие избори му претходеше турбулентен и динамичен период исполнет со многу политички пресврти, настани и превирања. Политичката криза која ја зафати Македонија последните неколку години кулминираше во 2015 г. со „аферата со прислушувањето".[2] Тоа постави подлога за низа настани и масовни протести кои дополнително придонесоа кон дестабилизирање на и онака чувствителната политичка состојба. Потпишувањето на Договорот од Пржино[3] на 2 јуни и на Протоколот на 15 јули

---

1 Решение за распишување на предвремени избори за пратеници во Собрание на Република Македонија. Решението е преземено од страницата на Државната изборна комисија (ДИК). Пристапено на: http://www.sec.mk/predvremeni-iz-bori-za-pratenici-2016/ (последна посета: 7 ноември 2016).

2 Во февруари 2015 г. најголемата опозициска партија СДСМ почна да објавува прислушувани разговори од изминатите неколку години (во јавноста познати и како „бомби"), за кои тврдеше дека наводно укажуваат на вмешаноста на високи владини и јавни службеници во изборна измама, корупција, злоупотреба на власта, притисок врз медиумите. Претседателот на СДСМ, Зоран Заев, укажа дека станува збор за повеќе од 20. 000 незаконски прислушувани граѓани. Во однос на оваа бројка, на 18 ноември 2016 Специјалното јавно обвинителство на прес-конференција соопшти дека располага со материјали и докази кои укажуваат дека во периодот од 2008 до 2015 директно биле прислушувани најмалку 5.827 телефонски броеви. За повеќе информации види: www.jonsk.mk/2016/11/18/изјава-од-прес-конференција (последна посета: 22 ноември 2016).

3 Види Договор од Пржино. Пристапено на: http://ec.europa.eu/enlargement/news_corner/news/news-files/20150619_agreement.pdf и Протокол. Пристапено на: http://europa.eu/rapid/press-release_STATEMENT-15-5372_en.htm (последна посета: 7 ноември 2016).

2015 г. имаа за цел решавање на политичката криза.[4] Договорот беше потпишан помеѓу четирите најголеми политички партии – Внатрешната македонска револуционерна организација-Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ), Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ), Демократската унија за интеграција (ДУИ), и Демократската партија на Албанците (ДПА), а со посредништво на претставници на Европската комисија, на Европскиот парламент и на САД. Една од предвидените мерки со Договорот беше и одржување на предвремени парламентарни избори првично закажани за 24 април 2016 г. Како дел од Договорот, на 11 ноември 2015 г. беше формирана преодна Влада, а на 15 јануари 2016 г. тогашниот премиер Никола Груевски поднесе оставка. На премиерското место беше назначен генералниот секретар на ВМРО-ДПМНЕ, Емил Димитриев, кој во стоте дена до изборите требаше да ја предводи Владата. Сепак, во јануари 2016 г. СДСМ најави дека нема да учествува на предвремените парламентарни избори, а како причина беше наведено неисполнувањето на условите од Договорот од Пржино, особено непрочистувањето на избирачкиот список и делот со реформите во медиумите.[5] Во согласност со Договорот од Пржино, ЕУ и САД го назначија 20 февруари како рок кога би се оценило колку се исполнети условите за одржување на веродостојни избори на 24 април.[6] Меѓу наведените услови беа прочистување на избирачкиот список, реформи во медиумите, одвојување на државата од партиските активности. По истекот на овој рок, амбасадорите на ЕУ и САД во Македонија излегоа во јавноста со став дека и покрај тоа што е забележан одреден напредок, нема

4 Со Договорот од Пржино и Протоколот беа предвидени широк пакет-мерки за решавање на политичката криза, меѓу кои именување на нов состав на Државната изборна комисија, враќање на СДСМ во Собранието, формирање на Специјално јавно обвинителство за испитување на прислушуваните снимки, формирање на „преодна влада" во која ќе влезат и министри и заменици-министри назначени од СДСМ и оставка на премиерот. СДСМ со Договорот доби министер за внатрешни работи и министер за труд и социјална политика и заменици-министри во ресорите земјоделство и финансии.

5 „СДСМ – Бојкот на 24 април и нов датум за избори", Радио Слободна Европа, 20 јануари 2016. Пристапено на: http://www.slobodnaevropa.mk/a/27499957.html (последна посета: 14 октомври 2016)

6 ЕУ и САД си дадоа рок: до 20 февруари ќе оценуваат дали има услови за избори, Телеграф, 29 јануари 2016. Пристапено на: http://www.telegraf.mk/aktuelno/makedonija/ns-newsarticle-340495-eu-i-sad-si-zadadoa-rok-do-20-fevruari-ke-ocenuvaat-dali-ima-uslovi-za-izbori.nspx (последна посета: 21 ноември 2016).

услови за одржување на кредибилни избори.[7] Ваквите околности значеа одложување на изборите и преиначување на одлуката според која Собранието требаше да се распушти на 18 јануари 2016 г. На 23 февруари Собранието го усвои барањето на ДУИ за одлагање на распуштањето на Собранието, при што претседателот на Собранието, Трајко Вељаноски, на 15 април официјално ги презакажа изборите за 5 јуни 2016 г.[8]

И покрај тоа што новоутврдениот датум требаше да даде дополнително време за надминување на постојните предизвици, настаните кои следеа дополнително ја отежнаа политичката атмосфера. Пред официјалното презакажување на изборите, на 9 април, СДСМ и 17 помали политички партии ја потпишаа Платформата за демократска Македонија, со која повторно беа истакнати потребните предуслови за одржување на регуларни, фер и демократски избори, но беше и најавено бојкотирање на изборите.[9] Неколку дена потоа следеше одлуката на претседателот на државата, Ѓорѓе Иванов, да аболира[10] 56 лица од кои дел високи политичари од власта и опозицијата вмешани во аферата со прислушувањето. Одлуката предизвика низа протести и контрапротести во следниот период. Едната група демонстранти организирани под иницијативата „Протестирам" бараа оставка од претседателот и одложување на изборите, додека другите обединети од ГДОМ (Граѓанско движење за одбрана на Македонија)

7 ЕУ и САД со проценка, нема услови за избори на 24 април, 24 Вести, 21 февруари 2016. Пристапено на: http://24vesti.mk/eu-i-sad-so-procenka-nema-uslovi-za-izbori-na-24-april (последна посета: 14 октомври 2016).

8 Со 83 гласа „ЗА", 3 гласа „против" и ниту еден воздржан, ВМРО-ДПМНЕ, ДУИ и ДПА ги изгласаа промените во Изборниот законик со кои беше одреден нов датум за избори, 5 јуни, и распуштање на Собранието на 7 април. СДСМ не присуствуваше на седницата.

9 Опозициските партии потпишаа Платформа за демократска Македонија, Телеграф, 9 април 2016. Пристапено на: http://www.telegraf.mk/aktuelno/makedonija/ns-newsarticle-opoziciskite-partii-potpisaa-platforma-za-demokratska-makedonija.nspx (последна посета: 10 ноември 2016).

10 На 12 април претседателот Иванов донесе одлука за аболирање со која беа опфатени 56 лица меѓу кои значајни политичари, вклучувајќи ги и лидерите на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, поранешни владини функционери, градоначалници, судии, службеници, директори. По ваквата одлука следеа бројни реакции и притисок од домашната јавност, но и од меѓународната заедница, при што на 27 мај претседателот Иванов одлучи делумно да ја повлече аболицијата, односно да го повлече помилувањето на 22 аболицирани политичари, а на останатите 34 аболицирани лица кои не се политички експонирани им беше дадена можност сами да да поднесат барање за повлекување на аболицијата. Десет дена подоцна, на 6 јуни, претседателот Иванов целосно ја повлече аболицијата откако ниту едно од останатите аболицирани лица не побара нејзино повлекување.

го поддржаа ставот на власта и идејата за одржување на изборите на 5 јуни. Во периодот што следеше, двете најголеми политички партии и потписнички на Договорот од Пржино и понатаму се разидуваа во нивниот став во врска со одржувањето на изборите кои беа презакажани за 5 јуни 2016. ВМРО-ДПМНЕ го задржа ставот дека предвремените избори се клуч за излез од долготрајната политичка криза. СДСМ сметаше дека е потребно целосно спроведување на Договорот од Пржино како единствена гаранција за одржување на фер и кредибилни избори. Со оглед на неисполнувањето на условите од Договорот, СДСМ остана на својот став за бојкот на изборите, а ДУИ и ДПА излегоа со став дека се прифатливи само инклузивни избори на кои би учествувале сите партии.[11] По неуспешните обиди да се постигне договор меѓу партиите, на 11 мај ВМРО-ДПМНЕ беше единствената од четирите партии-потписнички на Договорот од Пржино која поднесе кандидатски листи за учество на изборите. СДСМ, ДУИ и ДПА се повлекоа и не поднесоа свои листи. Можноста за одржување на избори со само една партија противречи на самиот концепт на политички плурализам, поради што на 16 мај следеше критика од Европската комисија за непостоење минимални услови за одржување на веродостојни и демократски избори на 5 јуни.[12] Ваквите случувања кулминираа со иницијативата на ДУИ поднесена на 15 мај, а која имаше за цел преиспитување на уставноста на одлуката за распуштањето на Собранието, при што на 18 мај Уставниот суд донесе времена мерка за прекинување на сите изборни активности до конечната судска одлука. Истиот ден претседателот на Собранието Вељаноски закажа седница, го свика претходниот соста, при што следеше промена на Изборниот законик со која се избриша 5 јуни како датум за избори.[13] Можен датум за одржување на следни избори не беше утврден. Веднаш потоа, на 25 мај, следеше конечната одлука на Судот во однос на иницијативата на ДУИ со која распуштањето на Собранието беше прогласено за неуставно. Владата се врати во Собранието во составот како пред Договорот од Пржино, при што ова значеше повторно враќање на почетната позиција и нов бран на меѓупартиски преговори и препукувања.[14]

По двата неуспешни обида за одржување на предвремени парламентарни избори во 2016 г., наредните неколку месеци поминаа во знак на понатамошни преговори помеѓу лидерите на четирите најголеми политички партии во Р. Македонија, со посредништво на претставниците на ЕУ и на САД во Македонија со цел излез од политичката криза и изнаоѓање решение за спорните прашања. На агендата и понатаму останаа прашањата за прочистување на избирачкиот список, преодната влада и реформирање на медиумите, како главни услови за фер и демократски избори. На 20 јули овие напори резултираа со успех и постигнување на договор т.н. Пржино 2,[15] со кој, меѓу другото, беше договорено решавање на прашањето со спорните гласачи од избирачкиот список, враќање на министрите и дополнителните заменици-министри од опозицијата во „преодната влада", формирање на ад хок тело кое ќе врши мониторинг на медиумите и известувањето во предизборниот период, како и прашањето за надлежностите на министерот за внатрешни работи. По изгласувањето во Собранието на измените и дополнувањата на законите кои произлегуваа од последниот анекс на Договорот од Пржино (Пржино 2), на 31 август следеше уште една лидерска средба на која беше констатирано дека претходно договореното е исполнето и беше утврден датум за одржување на предвремените парламентарни избори, односно 11 декември.[16]

Сепак, и периодот по објавување на датумот за избори не помина без никакви случувања. Прашањето за непропорционалниот број на гласачи во изборните единици и иницијативата за прекројување на

---

11 Конечен извештај, Мисија за набљудување на избори на ОБСЕ/ОДИХР, Предвремени парламентарни избори закажани за 5 јуни 2016, Канцеларија за демократски институции и човекови права, 8 јули 2016, стр.6. Пристапено на: http://www.osce.org/mk/odihr/elections/fyrom/253996?download=true (последна посета: 10 ноември 2016).

12 Брисел: Нема ни минимум услови за избори на 5 јуни, Дојче веле, 16 мај 2016. Пристапено на: www.dw.com/mk/брисел-нема-ни-минимум-услови-за-избори-на-5-јуни/а-19260597 (последна посета: 10 ноември 2016).

13 Сите присутни пратеници ја поддржаа оваа одлука, со исклучок на ДПА која не учествуваше во гласањето.

14 Собранието одлучи – нема избори на 5 јуни, 24 Вести, 18 мај 2016. Пристапено на: http://24vesti.mk/sobranieto-odluchi-nema-izbori-na-5-juni (последна посета: 10 ноември 2016).

15 Договор помеѓу четирите политички партии од 20 јули 2016г. Пристапено на: http://eeas.europa.eu/delegations/the_former_yugoslav_republic_of_macedonia/press_corner/all_news/news/2016/2016-07-20_agreement_en.htm (последна посета: 10 ноември 2016).

16 На 31 август се одржа лидерска средба на лидерите на четирите најголеми политички партии каде во фокус беше прашањето дали постојат услови за одржување избори во декември. На оваа средба лидерите се договорија за датумот за предвремените избори – 11 декември, како и за други дополнителни чекори кои произлегуваат од Договорот од Пржино.

изборните единици беше едно од најактуелните прашања. Имено, во дел од јавноста преовладуваше ставот дека нерешавањето на ова прашање би можело да го доведе во прашање легитимитетот и законитоста на самите избори, и притоа би можело да се искористи како алиби од некоја од партиите која би била незадоволна со изборните резултати да ги прогласи изборите за нелегитимни.[17] Исто така, дополнителна дебата поттикна и одложувањето на датумот за распуштање на Собранието, првично планирано за 12 октомври, 60 дена пред предвремените парламентарни избори. Причина за ваквото одложување беше неусвојувањето на предлог-буџетот за 2017 г. Во меѓувреме, на 12 октомври, СДСМ поднесе итно барање за распуштање на Собранието кое беше условено од страна на ВМРО-ДПМНЕ со усвојувањето на Буџетот за 2017. На 17 октомври Буџетот беше усвоен по брза постапка и со тоа се отвори пат за донесување на одлуката за распуштање на Собранието која беше официјално донесена на 18 октомври. Но, и по донесувањето на одлуката ситуацијата не стивна. Партијата Унитети поднесе иницијатива до Уставниот суд со која се оспорува решението за распишување на предвремените парламентарни избори. Причината за оваа иницијатива беше неизбалансираноста на изборните единици, односно поголемиот број на гласачи од дозволеното во шестата изборна единица.[18] Уставниот суд сè уште се нема произнесено по ова прашање.

## ПОДГОТОВКИ ЗА ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ

На 18 октомври Државната изборна комисија (ДИК) го донесе Роковникот за извршување на изборните дејствија за спроведување на предвремени избори за пратеници за Собранието.[19] Во согласност со Роковникот, три дена од денот на распишување на изборите, односно 21 октомври, ДИК достави барање до Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) за доставување податоци за вработените во државната и општинската администрација, администрацијата на Градот Скопје и јавната администрација, кои МИОА ги достави до ДИК најдоцна до 26 октомври, пет дена од денот на добиеното барање. Потоа врз основа на тие податоци, најдоцна до 31 октомври ДИК ги формира, односно надополнува општинските изборни комисии (ОИК) со членови на местата на оние на кои им престанал мандатот. Исто така, најдоцна до 3 ноември, три дена од формирањето на ОИК, ДИК ги проследи до ОИК податоците за вработените во државната и општинската администрација, администрацијата на Градот Скопје и јавната администрација со живеалиште на територијата во надлежност на ОИК со цел формирање, односно надополнување на избирачките одбори (ИО) со членови на местата на оние на кои им престанал мандатот во одборите. Како надополнение на ова, до 2 ноември ДИК достави барање до политичките партии во опозицијата и на власт со најмногу освоени гласови на последните парламентарни избори за доставување предлози за членови на ИО и нивни заменици со цел формирање, односно дополнување на ИО. Партиите беа должни најдоцна до 7 ноември, во рок од пет дена од денот на добивање на податоци од ДИК, да ги достават своите предлози до ОИК, кои потоа врз основа на добиените податоци ги формираат ИО. Во однос на спроведувањето на гласањето во странство, рокот за формирање на ИО беше 8 ноември.

Во согласност со Изборниот законик, 10 дена по распишување на изборите ДИК го става Избирачкиот список на јавен увид на интернет страницата http://izbirackispisok.gov.mk, во своите подрачни одделенија и месни канцеларии, како и во ДКП. За овие избори, увидот во списокот траеше од 28 октомври до 11 ноември. Во рок од 5 дена по завршувањето на увидот, најдоцна до 16 ноември, ДИК го доставува Избирачкиот список до политичките партии, кои потоа во рок од 5 дена, до 21 ноември, можат да доставаат барања за запишување, дополнување или бришење на податоци. Комисијата одлучува по барањата во рок од 3 дена, најдоцна до 24 ноември. Десет дена пред одржување на изборите, на 1 декември, ДИК го потпишува заклучениот Избирачки список.

17 Сите партии си оставија алиби за пораз на изборите, Радио Слободна Европа, 18 октомври 2016. Пристапено на: http://www.slobodnaevropa.mk/a/28060549.html (последна посета: 10 ноември 2016).

18 Унитети ги оспори изборите пред Уставен суд, Дојче веле, 25 октомври 2016. Пристапено на: www.dw.com/mk/унитети-ги-оспори-изборите-пред-уставен-суд/а-36148913open_in_new (последна посета: 11 ноември 2016).

19 Роковник за извршување на изборните дејствија за спроведување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 18 октомври – 11 декември 2016 – пречистен текст. Пристапено на: https://drive.google.com/file/d/0B8ZpCwro9h-zMHFRVlZOQWdHbTg/view (последна посета: 11 ноември 2016).

Според законски утврдените рокови и според Роковникот на ДИК за спроведување на предвремените парламентарни избори 2016, изборната кампања за овие избори ќе трае од 21 ноември до 9 декември 2016 година. 10 декември е ден на изборниот молк.

Според Роковникот, финансиските извештаи на организаторите на изборната кампања се доставуваат до ДИК, Државниот завод за ревизија (ДЗР) и Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК) во следниве рокови:

- на 1 декември за приходите и расходите во првите 10 дена кампања;
- на 10 декември за приходите и расходите во втората половина од кампањата;
- финалните финансиски извештаи се доставуваат веднаш, а најдоцна до 30 дена од затворањето на трансакциската сметка и се објавуваат јавно на веб-страниците на ДИК, ДЗР и ДКСК;
- радиодифузерите и печатените медиуми во Република Македонија се должни да поднесат извештај за рекламниот простор искористен од секој од учесниците во изборната кампања и тоа не подоцна од 15 дена по денот на завршувањето на изборната кампања.

Во однос на набљудувањето на изборите, според Роковникот, доставувањето на барањата за набљудување до ДИК почнува на 18 октомври, а трае до 6 декември, односно најдоцна 5 дена пред денот на одржувањето на изборите. Најдоцна 2 дена по приемот на барањето, ДИК им издава овластување на набљудувачите.

## ПОСЛЕДНИ ПРОМЕНИ НА ИЗБОРНОТО ЗАКОНОДАВСТВО

Последните промени на изборното законодавство произлегоа како дел од Договорот од Пржино. На 75. Седница Собранието по скратена постапка го донесе пакетот закони вклучително и Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик,[20] кои произлегуваа од Договорот од Пржино и од лидерската средба, а беа со цел создавање услови за одржување на фер и легитимни предвремени парламентарни избори. Овие измени се однесуваа на следните суштински аспекти од изборниот процес:

- Изборниот модел на шест изборни единици на територијата на Република Македонија останува непроменет. Промена има во изборните единици во дијаспората каде што досегашните три изборни единици (ИЕ 7, ИЕ 8 и ИЕ 9) беа заменети само со една изборна единица – ИЕ 7, која ги опфаќа сите македонски државјани кои живеат во Европа, Азија, Африка, Северна и Јужна Америка и Австралија. Пратениците во ИЕ 7 ќе се избираат според пропорционалниот модел. Ова значи дека потребниот број на гласови за да се избере еден пратеник во ИЕ 7 треба да соодветствува со минимум онолку гласови колку што добил пратеник кој е избран со најмал број на гласови во некоја од изборните единици на претходните парламентарни избори.

- Се забранува користење на канцелариски простор, опрема и службени возила на државните органи за потребите на изборната кампања, освен со посебни прописи.

- Како дел од промените на Изборниот законик се предвидува и Кодекс за фер и демократски избори,[21] кој ќе се потпише од страна на политичките партии учесници во изборите од денот на распишувањето на изборите. Со Кодексот учесниците се обврзуваат да не вршат притисок врз вработените во јавната и државната администрација или други институции финансирани од Буџетот на Република Македонија. Исто така, Кодексот има за цел да гарантира дека поддржувањето, односно неподдржувањето на која било политичка партија

[20] Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, Службен весник на Р. Македонија, бр. 196 од 10 ноември 2015. Пристапено на: http://www.slvesnik.com.mk/Issues/63cc34eb402342698f7e82e59629175a.pdf (последна посета: 11 ноември 2016).

[21] Кодекс за фер и демократски избори, ноември 2016. Пристапено на: https://drive.google.com/file/d/0B8ZpCwro9h-zTGdoMmZIZjV4UkE/view (последна посета: 21 ноември 2016).

или кандидат од страна на граѓаните, учениците во изборниот процес нема да го искористат како предмет за закана во однос на работно место или социјалната сигурност.

- Составот на ДИК беше променет, од претходни седум члена на девет члена. Во овој состав влегуваат претседател, потпретседател и 7 члена. Начинот на избирање на членовите на ДИК беше променет. Со новите измени тројца членови предлагаат политичките партии на власт, притоа партијата на власт со најголем број пратеници во Собранието предлага двајца членови, а втората партија по број на пратеници на власт предлага еден член. Партиите од опозицијата предлагаат тројца членови, при што опозициската партија со најголем број пратеници во Собранието предлага двајца членови, а втората по големина опозициска партија со број на пратеници предлага еден член. Тројца членови ќе се избираат по пат на консензус, кои ќе ја претставуваат експертската јавност. Со промените беше воведена функцијата генерален секретар на ДИК која има за цел зајакнување на административниот дел. Генералниот секретар не влегува во составот на ДИК и нема право на глас.

- Дополнителните промени на Изборниот законик вклучуваат и одредби кои се однесуваат на Избирачкиот список. ДИК се именува како единствено надлежна институција за водење и ажурирање на Избирачкиот список. ДИК обезбедува електронски пристап до Избирачкиот список во согласност со прописите. ДИК го објавува Избирачкиот список на својата веб-страница, при што секој граѓанин има право да поднесе барање до ДИК неговата адреса да не биде јавно објавена од безбедносни причини. ДИК врши ажурирање на Избирачкиот список еднаш месечно, а на секои 6 месеци објавува јавен повик до граѓаните за увид на своите податоци. Исто така, со цел утврдување на веродостојноста на Избирачкиот список, секој член на ДИК може да побара да се изврши увид во евиденцијата на МВР за издавање на биометриски исправи, и во базите на податоци и евиденции на граѓани на други државни органи и институции. ДИК усвојува Правилник за методологија за водење и ажурирање на Избирачкиот список заснована на проверки и статистички анализи, вкрстени проверки на различни бази на податоци и евиденции, неограничени теренски проверки и други соодветни признати методи на проверка, како и Правилник за методологија за целосен пристап, вршење промени и бришење на податоци во Избирачкиот список, како и постапка за спроведување теренски проверки заради ажурирање на истиот.

- Измените на Изборниот законик предвидуваат и зголемување на процентот на застапеност на помалку застапениот пол во поднесените листи за кандидати и пратеници, од сегашните 33 % се предвидува зголемување на 40 %, односно на секои три места најмалку едно место му припаѓа на помалку застапениот пол и дополнително уште најмалку по едно место на секои десет места.

- Во категоријата медиумско претставување, со измените на Изборниот законик за прв пат се вбројуваат и електронските медиуми (интернет-порталите), кои исто како и радиодифузните и печатените медиуми кои го покриваат изборниот процес се обврзани да работат во согласност со Изборниот законик. Исто така, се забранува финансирање и донирање на политичките партии од страна на медиумите и лица поврзани со нив, како и се воведува забрана за емитување на реклами финансирани од Буџетот на Република Македонија, буџетите на општините и Градот Скопје. Со измените на Изборниот законик фокусот беше ставен и на овозможување еднаков и балансиран пристап на политичките партии до рекламниот простор.

По одложувањето на планираните предвремени парламентарни избори на 5 јуни, а како дел од новата рунда меѓупартиски преговори, на 20 јули четирите најголеми партии постигнаа нов договор, анекс на Договорот од Пржино (Пржино 2), со кој, меѓу другото, беа предвидени промени и во Изборниот законик. На 28 јули беше донесен Законот за изменување и дополнување на

Изборниот законик.[22] Измените на овој Закон главно се однесуваат на реформите во медиумите:

- Формирање на ад хок тело во рамките на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно формирање на петчлена Привремена комисија за следење на медиумско претставување која има за цел мониторирање на медиумското известување во предизборниот период. Мандатот на оваа Комисија ќе трае до завршувањето на изборниот процес.

- Назначување на нов уредник на информативната програма на Јавниот радиодифузен сервис. Уредникот ќе биде избран на предлог на опозициската партија со најголем број пратеници во Собранието, а по претходна консултација со двете политички партии на власт со најголем број пратеници во Собранието и со политичката партија во опозиција со втор најголем број пратеници во Собранието.

22 Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, Службен весник на Р. Македонија, бр. 142 од 1 август 2016. Пристапено на: http://www.avmu.mk/images/Zakon_za_izmenuvanje_i_dopolnuvanje_na_izborniot_zakonik_28_juli_2016.pdf (последна посета: 11 ноември 2016).

# ИСТОРИЈАТ НА ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ ВО МАКЕДОНИЈА (1990 - 2014)

## ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 1990 ГОДИНА[23]

Со воведувањето на политичкиот плурализам во 1989 година беше овозможено формирање политички партии, при што во 1990 година македонските гласачи во тогашна Социјалистичка Република Македонија (СРМ) за прв пат имаа можност да гласаат на повеќепартиски избори.[24] Тоа воедно беа и првите слободни повеќепартиски избори кои во текот на истата година се одржаа во сите шест републики на Социјалистичка Федеративна Република Југославија (СФРЈ). Изборите се организираа во атмосфера во која веќе се наѕираше почетокот на распадот на Федерацијата, што на изборите во повеќето Републики резултираше со победа на новоформираните национални партии над партиите кои произлегоа од републичките ограноци на Комунистичката партија на Југославија. Изборите во Македонија се одржаа според мнозинскиот изборен систем во два круга гласање, на ниво на 120 изборни единици. На првите избори учествуваа 18 политички партии и 43 независни кандидати. Во некои од изборните единици партиите настапија поединечно, но во други формираа предизборни коалиции, при што кандидираа заеднички кандидати. Во првиот круг, кој се одржа на 11 ноември, излезноста на гласачите изнесуваше 84,8 % и најмногу гласови освои дотогаш единствената и владејачка партија, Сојузот на комунисти на Македонија – Партија за демократска преобразба (СКМ-ПДП). Меѓутоа, на 25 ноември, во вториот круг, најмногу гласови доби Внатрешната македонска революционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ), основана истата година. Излезноста на гласачите во вториот круг беше 76,8 %.[25]

---

23 Подетални информации за изборите и за политичката сцена во тој период може да најдете во Прирачникот за парламентарни избори во Република Македонија 2014 година (второ дополнето издание), Фондација Конрад Аденауер и Институт за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје, стр. 21-23. Пристапено на: http://www.kas.de/wf/doc/kas_37897-1522-2-30.pdf?140529135320 (последна посета: 26 октомври 2016).

24 Републичка (Државна) изборна комисија. Парламентарни избори на 11 и 25 ноември 1990. Билтен бр. 20. Конечни резултати од изборите за пратеници за Собранието на СР Македонија. Пристапено на: http://www.sec.mk/arhiva/1990_parlamentarni/konecni_rezultati_1990.pdf (последна посета: 24 март 2014).

25 Благоја Нинески, „Изборите, медиумите и партиите во Македонија 1990-2000“, „Студентски збор“, Скопје, 2001, стр. 20.

Во изборните единици во кои настапија поединечно, по вториот круг партиите освоија: ВМРО-ДПМНЕ вкупно 38 мандати, СКМ-ПДП – 31, Партијата за демократски просперитет (ПДП) – 17, Сојузот на реформски сили на Македонија (СРСМ) – 11, Социјалистичката партија на Македонија (СПМ) – 4, Странката на Југословените (СЈ) – 2, ВМРО-Демократска партија (ВМРО-ДП) – 1, Народна демократска партија (НДП) – 1. Како коалиции освоија: коалицијата ПДП/НДП – 5 мандати, коалицијата СРСМ/Млада демократско-прогресивна странка (МДПС) – 6, коалицијата СПМ/СРСМ/МДПС – 1, коалицијата Партија за целосна еманципација на Ромите (ПЦЕР)/СПМ – 1. На изборите беа избрани и тројца независни пратеници.

Во ваков состав на 20 март 1991 г. Собранието ја изгласа првата Влада на Република Македонија која беше експертска на чело со Никола Кљусев. Собранието го избра и Киро Глигоров за прв претседател, а Љубчо Георгиевски, лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, за потпретседател на државата. Првата Влада не траеше долго, Собранието на 17 август 1992 ѝ изгласа недоверба. Мандатот за составување на новата Влада му беше доделен на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Љубчо Георгиевски, партија која имаше најмногу мандати во Собранието. Георгиевски не успеа да состави влада, па мандатот му беше понуден на Петар Гошев, претседател на СКМ-ПДП. Меѓутоа, Гошев го одби мандатот, по што му беше понуден на Бранко Црвенковски, исто така, од СКМ-ПДП. Црвенковски го прифати и ја состави првата политичка Влада во независна Македонија.




## ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 1994 ГОДИНА

Првите парламентарни избори по осамостојувањето на Македонија се одржаа во 1994 година, истовремено со првите непосредни избори за претседател на државата. На изборите свои кандидати предложија 38 политички партии и се пријавија 283 независни кандидати. Победи коалицијата „Сојуз за Македонија", предводена од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ), партија наследник на СКМ-ПДП. Имено, на партискиот Конгрес во април 1991 година партијата го смени името, каде својата идеологија ја трансформираше од комунистичка во социјалдемократска.

На изборите,[26] кои се одвиваа според мнозинскиот изборен модел, од вкупно 1 360 792 регистрирани гласачи во првиот круг, кој се одржа на 16 октомври, излегоа 77,8 %, а одзивот во вториот, кој се одржа на 30 октомври, беше 57,5 %. Значително намалената излезност во вториот круг се должи на тоа што опозициските ВМРО-ДПМНЕ и Демократската партија одлучија да го бојкотираат гласањето.[27] Тие тврдеа дека во првиот круг имало сериозно нарушување на изборниот процес, дека се случил изборен фалсификат и пропусти во организирањето на изборите, особено околу избирачките списоци.

Според резултатите од првиот круг, коалицијата „Сојуз за Македонија", во која учествуваа СДСМ и СПМ, имаше значителна предност пред водечките опозициски партии, ВМРО-ДПМНЕ и Демократската партија (ДП). Коалицијата „Сојуз за Македонија" освои 32,6 % од гласовите, ВМРО-ДПМНЕ – 14,3 %, а ДП – 11,0 %.

Поради бојкотот на опозицијата, партиите од Сојузот за Македонија во вториот круг успеаја да добијат многу поголем број на пратеници. СДСМ тогаш освои вкупно 60 пратенички места, Либерална партија

[26] Државна изборна комисија. Парламентарни избори 16 и 30 октомври 1994. Извештај за спроведените избори за пратеници во Собранието во Република Македонија во 1994 година. Скопје, 8 ноември 1994. Пристапено на: http://www.sec.mk/arhi-va/1994_parlamentarni/izvestaj_parlamentarni_1994.pdf (последна посета: 22 март 2014).

[27] д-р Цане Мојановски, Летопис на македонската демократија, страница 43, Скопје, 2000 година. Пристапено на: http://www.fb.uklo.edu.mk/knigi/Cane%20T.%20Moja-noski%20Letopis%20na%20makedonskata%20demokratija.pdf (последна посета: 24 март 2014).

(ЛП) – 29, ПДП – 11, СПМ – 9, Партијата за демократски просперитет на Албанците (ПДПА) – 4, НДП – 2. По 1 пратеник добија партиите Демократска партија на Македонија (ДПМ), Демократска партија на Турците (ДПТ), Демократски сојуз на Албанците – Либерална партија, Социјалдемократска партија на Македонија (СДПМ) и ПЦЕР.

Вториот круг на овие избори беше следен од набљудувачи на Меѓународниот републикански институт (ИРИ).[28] Притоа набљудувачите не забележаа сериозни проблеми во изборниот процес кои би можеле да ја доведат во прашање легитимноста на изборите, сепак, подвлекоа дека и покрај генералната констатација дека изборите се добро организирани, на многу места избирачките списоци не биле ажурирани и дека од страна на избирачките комисии на различни гласачки места на гласачите им биле барани различни документи за идентификација, со што се создавала забуна. Исто така, набљудувачите забележаа и поплаки од гласачи дека поради бавност на државните органи не ги добиле потребните документи, со што биле оневозможени да го остварат правото на глас. По изборите Владата повторно ја формира Бранко Црвенковски и во неа освен министри на СДСМ, места добиваат и СПМ, ПДП и ЛП. Во периодот од 1994 до 1998 Собранието функционираше без најголемите опозициски партии кои ја бојкотираа работата во целиот четиригодишен мандат.




28 Според: Меѓународен републикански институт (IRI), Мисија за набљудување на избори во Македонија. Парламентарни избори на 18 октомври и 30 октомви 1994. Конечен извештај од набљудувањето на вториот круг на изборите. Пристапено на: http://www.iri.org/sites/default/files/Macedonia's%201994%20 Parliamentary%20Elections.pdf (последна посета: 24 март 2014).

## ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 1998 ГОДИНА

Следните парламентарни избори се одржаа во 1998 година според изменет изборен модел. Изборите се одржаа според мешовит изборен систем,[29] со комбинација на пропорционален и мнозински модел со гласање во два круга. Со измените, од 120 мандати, 85 се распределуваа во едномандатни изборни единици за кои се гласаше на 18 октомври, а останатите 35 мандати преку пропорционалната Д'Хондт-ова формула, при што целата држава беше една изборна единица, а гласањето се одржа на 1 ноември. За пропорционалните листи беше воведен изборен праг од 5 %. Од вкупно 1 572 976 регистрирани гласачи за овие избори на гласањето за мнозинските листи излегоа 72,9 %. Одѕивот[30] за пропорционалната листа во вториот круг беше 69,4 %. За мнозинските листи со свои кандидати излегоа 22 политички партии, 4 коалиции и 7 независни кандидати. На пропорционалните листи, пак, се натпреваруваа 12 партии, 4 коалиции и една група избирачи.

На овие избори дојде до смена на власта, при што победник беше ВМРО-ДПМНЕ,[31] која освои 49 пратенички места, а на второ место беше СДСМ со 27 мандати. ПДП доби 14 пратеници, Демократската алтернатива (ДА) – 13, Демократската партија на Албанците (ДПА) – 11, Либерално-демократската партија (ЛДП) – 4, а СПМ и Сојузот на Ромите на Македонија (СРМ) по 1 место во Парламентот. По изборите, лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Љубчо Георгиевски, формираше коалициска влада заедно со ДА и ДПА.

Овие избори се првите во Македонија кои беа набљудувани од Мисијата на ОБСЕ/ОДИХР, чии претставници пристигнаа на покана на македонското Министерство за надворешни работи. Генерална оценка

29 Закон за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, Службен весник на Република Македонија, бр. 24 од 28 мај 1998. Пристапено на: http://www.slvesnik.com.mk/Issues/EF6EE403BB7A4C52B969183A4F04CA8A.pdf (последна посета: 22 октомври 2016).

30 д-р Цане Мојановски, Летопис на македонската демократија., страница 67, Скопје 2000 година. Податоци за излезноста на гласачите во двата круга на парламентарните избори во 1998. Пристапено на: http://www.fb.uklo.edu.mk/knigi/Cane%20T.%20Mojanoski%20Letopis%20na%20makedonskata%20demokratija.pdf (последна посета: 26 март 2014). На веб-сајтот на Државната изборна комисија во архивата не се достапни податоците за излезноста во 1998 година.

31 Собрание на РМ, Резултати од изборот на пратеници за Собранието на Република Македонија од парламентарни избори 1998. Пристапено на: http://www.sobranie.mk/?ItemID=9402373424ED504883EE17FED5E72EB4 (последна посета: 12 октомври 2016).

во извештајот[32] од мониторингот е дека на овој изборен процес има значителни подобрувања во однос на минатите поради измените во изборната легислатива, коректната предизборна кампања со мал број на изолирани случаи на насилство. Главните забелешки се однесуваа на повеќе забележани случаи на групно и семејно гласање и бавноста на изборните органи при обработка на податоците од гласањето.




## ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2002 ГОДИНА

На 15 септември 2002 година парламентарните избори се одржаа во затегната постконфликтна атмосфера, по 2001 година, во која се случи вооружениот конфликт меѓу безбедносните сили и припадниците на Ослободителната народна армија (ОНА), кој заврши со потпишување на Охридскиот рамковен договор.[33] Карактеристично за овој циклус е што на политичката сцена во албанскиот политички блок се јави нов субјект, партијата Демократска унија за интеграција (ДУИ), формирана од страна на раководството на ОНА. На овие избори дојде до промена на изборниот модел. Изборите се одржаа според пропорционалниот изборен модел,[34] во шест изборни единици, а на кандидатските листи имаше претставници на 33 партии. Од вкупно 1 664 296 регистрирани гласачи излегоа 73,4 %. На овие избори повторно дојде до промена на власта. Мнозинството го освои коалицијата „За Македонија заедно" предводена од СДСМ. Коалицијата освои 60 мандати, од кои СДСМ доби 43, ЛДП – 12, ДПТ – 2 и по 1 пратеник за Обединетата партија на Ромите на Македонија (ОПРМ), Демократската лига на Бошњаците (ДЛБ) и Демократската партија на Србите (ДПС).

Коалицијата ВМРО-ДПМНЕ – ЛП освои вкупно 33 мандати. Од нив, 27 за ВМРО-ДПМНЕ, 5 за ЛП и едно за Партијата за движење на Турците во Македонија (ПДТМ). Од политичките партии на Албанците во Македонија најмногу места во Собранието освои новоформираната ДУИ, односно 16 мандати. ДПА доби – 7, ПДП – 2, а НДП 1 мандат. Социјалистичката партија на Македонија (СПМ), исто така, освои еден маднат.

Набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР[35] изрази загриженост за периодот на кампањата која им претходеше на овие избори, поради повеќе случаи на насилство, закани и селективна примена на законските процедури кон одредени кандидати. За самиот изборен процес беше оценето дека се одвивал добро.

Мандатар на новата Влада, по 4 години пауза, повторно беше лидерот на СДСМ, Бранко Црвенковски, а во неа влегоа и ЛДП и ДУИ. За ДУИ, тоа е прво учество во една македонска Влада.




32 Според: ОБСЕ Канцеларија за демократски институции и човекови права. Република Македонија, парламентарни избори 18 октомври и 1 ноември 1998, Конечен извештај.
Пристапено на: http://www.osce.org/odihr/elections/fyrom/15887?download=true (последна посета: 12 октомври 2016).

33 Охридски рамковен договор, Секретаријат за спроведување на Охридскиот договор. Пристапено на: http://siofa.gov.mk/data/file/Ramkoven_dogovor_mk.pdf (последна посета: 13 октомври 2016).

34 Закон за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, член 96, Утврдување на резултатите од гласањето во изборните единици за парламентарните избори во 2002. Пристапено на: http://www.sec.mk/arhiva/2002_parlamentarni/zakonski%20regulativi/zakonski%20regulativi.html (последна посета: 26 март 2014).

35 Според: ОБСЕ Канцеларија за демократски институции и човекови права. Република Македонија, парламентарни избори 15 септември 2002, конечен извештај. Варшава, 20 ноември 2002 година. Пристапено на: http://www.osce.org/mk/odihr/elections/fyrom/15961?download=true (последна посета: 24 март 2014).

## ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2006 ГОДИНА

На овие избори, кои се одржаа на 5 јули 2006, е забележан најмал одѕив.[36] Од вкупно 1 741 449 запишани гласачи излегоа само 56 %, а партиите повторно ги сменија улогите. Владејачката СДСМ стана опозиција, а дотогашната опозиција ВМРО-ДПМНЕ го освои мнозинството во Парламентот. На изборите кои, како и претходните, се одржаа според пропорционалниот изборен модел во шест изборни единици, за учество беа пријавени 33 кандидатски листи, од кои 31 на политички партии и коалиции и 2 од група избирачи. Коалицијата „За подобра Македонија" предводена од ВМРО-ДПМНЕ освои 45 пратенички мандати. Од нив, 38 ѝ припаднаа на ВМРО-ДПМНЕ. Втора според гласовите беше коалицијата „За Македонија заедно" предводена од СДСМ со 32 мандати. Од нив, СДСМ доби 23 пратеници. Трета беше коалицијата ДУИ-ПДП која освои 17 мандати. На ДУИ ѝ припаднаа 14 од овие места, а на ПДП – 3. ДПА освои 11 мандати, Новата социјалдемократска партија (НСДП) – 7, ВМРО-Народна партија (ВМРО-НП) – 6, Демократската обнова на Македонија (ДОМ) – 1 и Партијата за европска иднина (ПЕИ) – 1 мандат.

Набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР[37] заклучи дека изборите биле одржани во голема мера во согласност со заложбите за демократски избори. На денот на гласање, сепак, се забележани одреден број на неправилности, а во првата половина на предизборната кампања имало случаи на насилство и заплашување. По овие избори, Никола Груевски го доби својот прв мандат за формирање на Влада. Во нејзиниот состав влегоа претставници на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, ДПА и НСДП. Владата ја поддржаа и ДОМ и ПЕИ, кои, сепак, не добија министерски места. ВМРО-НП гласаше за Владата, но не влезе во владината коалиција. Карактеристично за овој состав на Владата е што

[36] Собрание на Република Македонија, Изборни резултати од парламентарни избори 2006. Конечни збирни резултати од гласањето. Извештајот е изготвен од Државната изборна комисија, 25 јуни 2006. Пристапено на: http://sobranie.mk/WBStorage/Files/ Rezultati-2006-5.pdf (последна посета: 25 март 2014).

[37] Според: ОБСЕ Канцеларија за демократски институции и човекови права. Република Македонија, парламентарни избори 5 јули 2006, Конечен извештај. Варшава, 18 септември 2006. Пристапено на: http://www.osce.org/mk/odihr/elections/fyrom/20630?download=true (последна посета: 23 март 2014).



иако ДУИ освои повеќе гласови и пратеници, ВМРО-ДПМНЕ како свој партнер ја вклучи ДПА на Мендух Тачи. Тоа резултираше со политичка криза и повеќедневни получасовни блокади[38] на дел од магистралните патишта во северозападна Македонија од членови и симпатизери на ДУИ. ДУИ сметаше дека поради изборните резултати е единствениот легитимен претставник на мнозинството Албанци во Македонија, поради што мора да биде во Владата и дека сè што е спротивно на тоа е непочитување на политичката волја на Албанците. Во март 2008 година ДПА[39] донесе одлука да ја напушти Владата. Образложението на ДПА[40] беше дека го преземаат тој чекор поради молкот на премиерот Груевски околу шест барања кои тие му ги доставија. Барањата се однесуваа на признавање на Косово, непроцесуирање на „хашките случаи", измени на Законот за јазиците околу официјалната употреба на албанскиот јазик, употребата на знамињата и статусот на борците на ОНА и зголемување на застапеноста на Албанците во јавната администрација.




[38] Протести на ДУИ, Дојче Веле, Сервис на македонски јазик, 7 август 2006. Пристапено на: http://www.dw.de/%D0%BF%D1%80%D0%BE%D1%82%D0%B5%D1%81%D1%82%D0%B8-%D0%BD%D0%B0-%D0%B4%D1%83%D0%B8/a-2535607 (последна посета: 17 октомври 2016).

[39] ДПА излезе од владата, Македонска информативна агенција, 13 март 2008. Пристапено на: http://www.idividi.com.mk/vesti/makedonija/427732/index.htm (последна посета: 17 октомври 2016).

[40] ДПА вели дека ја напушта владата, Би-би-си сервис на македонски јазик, 12 март 2008. Пристапено на: http://www.bbc.co.uk/macedonian/news/story/2008/03/080312_vladaostavka.shtml (последна посета: 17 октомври 2016).

## ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2008 ГОДИНА

Две години по освојувањето на власта, владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ ја прифати собраниската иницијатива на ДУИ за распуштање на Собранието и организирање на предвремени избори.[41] На 12 април 2008 година Собранието се распушти, а парламентарните избори во Македонија се одржаа на 1 јуни. Партијата на Али Ахмети сметаше дека се потребни нови избори за да се исправи претходната состојба во која ДПА, партијата со помал број на освоени мандати, ги претставувала Албанците во Владата. Истовремено во тој период земјата се соочи со нови предизвици во евроатлантските интеграции поради недобивањето на покана за членство во Алијансата[42] на Самитот во Букурешт, поради проблемот со Грција околу уставното име на Македонија. Ова се првите предвремени парламентарни избори во Македонија значајни и по тоа што на нив не дојде до смена на власта, туку ВМРО-ДПМНЕ ги засили своите позиции. Изборите се спроведоа според пропорционалниот модел, а на гласање излегоа 57,06 % од вкупно 1 779 116 запишани граѓани со право на глас. На изборите кои се одржаа на 1 јуни со свои кандидати на листите учествуваа 41 партија и две групи избирачи.

Коалицијата „За подобра Македонија" предводена од ВМРО-ДПМНЕ од можните 120 освои дотогаш рекордни 63 мандати.[43] Од нив, 53 ѝ припаднаа на ВМРО-ДПМНЕ. Од партиите во коалицијата, СПМ освои 3, а по 1 пратеник добија Демократскиот сојуз (ДС), ДОМ, Демократската партија на Турците на Македонија (ДПТМ), ДПС, ОПРМ, ВМРО-Македонска и Странката на демократска акција на Македонија (СДА).

[41] Според: Граѓанска асоцијација Мост, Финален извештај од домашно набљудување на предвремените парламентарни избори на 1 јуни 2008. Скопје, септември 2008. Политички контекст, стр. 3. Пристапено на: http://www.most.org.mk/images/transparency/Parliamentary%20Elections%202008/parlamentarniIzbori2008.pdf (последна посета: 26 март 2014).

[42] Dejection in Bucharest: Jilted Macedonia Walks out of NATO Summit, Spiegel. Пристапено на: http://www.spiegel.de/international/world/dejection-in-bucharest-jilted-mace-donia-walks-out-of-nato-summit-a-545214.html (последна посета: 17 октомври 2016).

[43] Државна изборна комисија, предвремени парламентарни избори на 1 јуни 2008. Извештај за конечни резултати по Донтов метод. Пристапено на: http://www.sec.mk/ arhiva/2008_predvremeniparlamentarni/index/2008-07-17-10-15-07.htm (последна посета: 20 март 2014).

На второ место беше опозициската коалиција „Сонце – Коалиција за Европа" предводена од СДСМ со вкупно 27 пратеници. Од овие мандати 18 ѝ припаднаа на СДСМ, што е најмал број дотогаш. Останатите места во Парламентот ги добија членовите на коалицијата, ЛДП – 4, НСДП – 3, а ЛП и Нова алтернатива (НА) по 1.

ДУИ доби 18 пратеници и потоа заедно со победничката коалиција формираше Влада. ДПА доби 11 пратеници. Едно место освои и ПЕИ.

Државната изборна комисија го поништи гласањето на 197 избирачки места и организираше прегласување. Набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР[44] забележа дека на изборите не е остварен очекуваниот напредок, поради тоа што надлежните власти не успеале да ги спречат насилните инциденти, претежно во мнозински албанските средини. Недостатоците се отстранети при прегласувањето со засилено присуство на полицијата, при што граѓаните го остварија своето право на глас во помирна атмосфера. Владата повторно ја формираше Никола Груевски, а во неа покрај министри од коалицијата „За подобра Македонија" влегоа и министри на ДУИ.




[44] Според: ОБСЕ Канцеларија за демократски институции и човекови права. Република Македонија, предвремени парламентарни избори 1 јуни 2008, Конечен извештај. Варшава 20 август 2008. Пристапено на: http://www.osce.org/mk/odihr/elections/fyrom/33153?download=true (последна посета: 23 март 2014).

## ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2011 ГОДИНА[45]

Предвремените парламентарни избори на 5 јуни 2011 година беа втори предвремени парламентарни избори од независноста на Македонија и втори такви избори во низа. Им претходеше сложена политичка состојба и една од најсериозните политички кризи во земјата од нејзината независност.[46] На почетокот на 2011 година опозицијата предводена од Бранко Црвенковски, со исклучок на ЛДП, го напушти Парламентот и побара распишување на предвремени парламентарни избори. Причина беше замрзнувањето на банкарските сметки на најголемата приватна телевизија „А1" и трите дневни весници „Време", „Коха" и „Шпиц" во сопственост на бизнисменот Велија Рамковски, неговото апсење во декември 2010 г., како и тврдењето дека во земјата не постои политички дијалог.[47] Премиерот Никола Груевски[48] во март го прифати барањето, по што опозиционерите поставија неколку услови, меѓу кои одмрзнување на сметките на четирите медиуми, донесување на закон за рамномерна распределба на државни пари за сите медиуми, расправа за измени на Изборниот закон со консензус и формирање на заедничка парламентарна комисија за проверка на Избирачкиот список, и притоа се заканија дека ако не бидат исполнети ќе ги бојкотираат изборите. На 21 март најголемата опозициска партија[49]

45 Подетални информации за изборите и за политичката сцена во тој период може да најдете во Прирачникот за парламентарни избори во Република Македонија 2014 година (второ дополнето издание), Фондација Конрад Аденауер и Институт за демократија „Социетас Цивилис" – Скопје, стр. 32-34. Пристапено на: http://www.kas.de/wf/doc/kas_37897-1522-2-30.pdf?140529135320 (последна посета: 26 октомври 2016).

46 Според: Граѓанска асоцијација Мост, Финален извештај од домашно набљудување на предвремените парламентарни избори, 5 јуни 2011. Пристапено на: http://www.most.org.mk/images/transparency/elections2011/Final_report_IZBORI_2011_MKD.pdf (последна посета: 17 октомври 2016).

47 Рамковски беше уапсен во декември 2010 г. и задржан во притвор под обвинение перење пари, злосторничко здружување, затајување данок и злоупотреба на службена положба и овластувања. Како првообвинет во судскиот процес „Пајажина", во март 2012 му беше изречена казна од 13 години затвор. Како дел од судскиот процес „Пајажина" беа обвинети 23 лица управители и основачи на фирми со седиште на „Перо Наков" б.б., меѓу кои синот на Рамковски, Хеди Рамковски, неговата ќерка, Емел Рамковска, братот на Рамковски, Амди Рамковски, како и поранешните директори на „А1" телевизија, Дарко Перушевски и Анета Кочишки.

48 С.С.З. Партиите вршат итни консултации, Нова Македонија, 22 февруари 2011. Пристапено на: http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=22211818202&id=9&setIzdanie=22213 (последна посета: 26 март 2014).

49 Црвенковски: По исполнувањето на 4-те услови СДСМ се враќа во Собранието. СДСМ, Скопје, 21 март 2011. Изјава на лидерот на СДСМ, Бранко Црвенковски, за завршувањето на политичката криза која доведе до изборите во 2011. Пристапено на: http://sdsm.org.mk/default.aspx?mId=55&agId=5&articleId=5008 (последна посета: 26 март 2014).



заклучи дека генерално условите кои ги поставила се исполнети и одлучи да се врати во Собранието.

Карактеристично за овие избори е и тоа што се зголеми бројот на изборните единици од 6 на 9. Со трите нови единици, една за Европа и Африка, една за Северна и Јужна Америка и една за Австралија и Азија, се опфатија и државјаните во странство. Со тоа се зголеми бројот на места во Собранието од 120 на 123, односно по 1 пратеник од секоја од новите изборни единици. Македонските државјани кои живеат во странство гласаа во дипломатско конзуларните претставништва (ДКП).

Одѕивот на изборите беше 63,39 % од вкупно 1 821 122 регистрирани гласачи. Поради овозможување на гласањето во странство дојде до мала модификација на изборниот модел. Така, во 6 изборни единици на територијата на Македонија кандидатите се бираа според пропорционалниот модел, а за трите нови единици во странство беше применет мнозинскиот модел. На изборните листи свои кандидати пријавија 53 политички партии.

Повторно победи коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Коалицијата освои 56 мандати, од кои 47 ВМРО-ДПМНЕ. Од коалициските партии, СПМ доби 3 пратеници, а ДС, ДОМ, СДА, ДПТМ, ДПС и ВМРО-Македонска по 1 пратеник. На второ место по бројот на освоени места беше коалицијата предводена од СДСМ, со вкупно 42 мандати. Од нив 29 за СДСМ, НСДП – 4, ПЕИ – 3, а по 1 пратеник добија ЛП, Движењето за национално единство на Турците во Македонија (ДНЕТ), ПЦЕР, Српската напредна странка во Македонија (СНСМ) и двајца независни пратеници. На трето место по бројот на места во Собранието беше ДУИ со 14, а потоа следуваа ДПА – 8, НДП – 2 и Демократската лига на Бошњаците (ДЛБ) со 1 пратеник.

Генералната оценка беше дека изборите се одвиваа во мирна и фер атмосфера.[50] По изборите, лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Никола

50 Според: ОБСЕ Канцеларија за демократски институции и човекови права. Република Македонија, предвремени парламентарни избори 5 јуни 2011, Конечен извештај. Варшава, 6 октомври 2011 август 2008. Пристапено на: http://www.osce.org/mk/ node/84061?download=true (последна посета: 26 март 2014).

Груевски, по трет пат формираше Влада во која повторно како коалициски партнер кој ги претставува Албанците влезе ДУИ.




## ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2014

Парламентарните избори во 2014 година беа осми по ред парламентарни избори од независноста на Република Македонија, а трети по ред предвремени парламентарни избори. Изборите се одржаа заедно со вториот круг претседателски избори, а беа распишани на 6 март откако еден ден претходно, на 5 март, пратениците едногласно гласаа за распуштање на Собранието.[51] Претходно, во декември, лидерот на ДУИ, Али Ахмети, излезе со став дека не го поддржува актуелниот претседател Ѓорге Иванов,[52] бидејќи недоволно ги застапувал етничките Албанци во Македонија. Партијата потоа настапи со ставот дека нема да промовира свој претседателски кандидат и се залагаше за т.н. „консензуален претседател", односно претседател прифатлив за сите етнички заедници во Македонија. Откако двата коалициски партнера, ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ, не успеаја да изнајдат заедничко решение во поглед на предлогот за „консензуален претседател" и откако стана сè поизвесно дека ВМРО-ДПМНЕ ќе го поддржи Иванов за втор претседателски мандат, пратеничката група на ДУИ на 1 март формално поднесе иницијатива до Собранието

51 Решение за распишување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, Собрание на РМ, 6 март 2014. Пристапено на: http://goo.gl/ph6ffF (последна посета: 19 октомври 2016).

52 Ахмети – Бомбардирања во коалицијата нема да има, Радио Слободна Европа, програма на македонски јазик, 22 декември 2013. Пристапено на: http://www.makdenes.org/content/article/25208426.html (последна посета: 31 март 2014).



за негово распуштање и за распишување на предвремени парламентарни избори.[53]

Изборите се одржаа на 27 април. Од вкупно 1 780 128 регистрирани гласачи гласаа 62,96 %. Кандидатите за пратеници како и во претходниот изборен циклус се бираа во 6 изборни единици на територијата на Македонија, според пропорционалниот модел и три во странство, според мнозинскиот модел. До крајниот рок свои листи со кандидати доставија вкупно 14 политички субјекти.

На овие избори повторно победи коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ[54] и Никола Груевски, овој пат со убедлив број на гласови. Оваа коалиција освои 61 мандат, од кои 52 ВМРО-ДПМНЕ. Од коалициските партии, СПМ доби 3 пратеници, а ДС – 1, ДОМ – 1, СДАМ (Странка на демократска акција на Македонија) – 1, ДПТМ – 1, ДПСМ (Демократска партија на Србите во Македонија) – 1 и СРМ (Сојуз на Ромите од Македонија) по 1 пратеник. На второ место по бројот на освоени места беше коалицијата предводена од СДСМ, со вкупно 34 мандати. Од нив 27 за СДСМ, НСДП – 3, ЛДП – 3 и ПДТ (Партија на движење на Турците) – 1. На трето место по бројот на места во Собранието беше ДУИ со 19, а потоа следуваа ДПА – 7, НДП (Национална демократска преродба) и ГРОМ (Граѓанска опција за Македонија) со по еден пратеник.

По изборите, лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Никола Груевски, по четврти пат формираше Влада во која повторно како коалициски партнер кој ги претставува Албанците влезе ДУИ. Веднаш по затворањето на

53 Прирачник за парламентарни избори во Република Македонија 2014 година (второ дополнето издание), Фондација Конрад Аденауер и Институт за демократија „Социетас Цивилис" – Скопје, стр. 12-13. Пристапено на: http://www.kas.de/wf/doc/kas_37897-1522-2-30.pdf?140529135320 (последна посета: 26 октомври 2016).

54 ВМРО-ДПМНЕ, Социјалистичка партија на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија, Сојуз на Ромите од Македонија, Партија на правдата, Странка на демократска акција на Македонија, Партија на Власите од Македонија, Партија за интеграција на Ромите, Работничко-земјоделска партија на Република Македонија, Трајно македонско радикално обединување, Нова либерална партија, Партија на обединети демократи на Македонија, Татковинска македонска организација за радикална обнова – Вардар – Егеј – Пирин, Македонска алијанса, Демократска партија на Турците на Македонија, ВМРО-ДП (ВМРО-Демократска партија), Демократски сојуз, Демократска обнова на Македонија, Демократски сили на Ромите, Демократска бошњачка партија, Обединета партија за еднаквост на Ромите, Демократска партија на Ромите, Социјалдемократска унија, Роми обединети од Македонија.

гласачките места на 27 април 2014 година пред да почне броењето на гласовите, лидерот на СДСМ, Зоран Заев, објави дека здружената опозиција нема да ги признае изборните резултати и дека бараат да се формира техничка влада која ќе спроведе нови претседателски и парламентарни избори. Тој ја обвини ВМРО-ДПМНЕ за узурпирање на гласачкото право, целосна системска контрола на гласачите во изборниот процес, злоупотреба на државниот систем во партиски цели, притисоци врз јавната администрација, при што изјави дека партијата СДСМ била сведок на поткуп на гласови и бројни нерегуларности.[55]

Набљудувачите оценија дека изборите на 27 април беа ефикасно спроведени, вклучувајќи го и денот на изборите, со некои технички нерегуларности забележани во текот на денот. Позитивно беше оценето сумирањето на резултатите на веб-страницата на ДИК. Набљудувачите, сепак, наведоа и низа слабости во изборниот процес. Меѓу нив, користењето на јавните ресурси во кампањата на владејачката партија, нееднаквост на гласот поради нерамномерна распределба на гласачите во изборните единици 7, 8 и 9 во странство и разликата помеѓу бројот на гласачи во изборните единици во и надвор од земјата, притисок врз гласачи, особено врз вработени во јавната администрација и врз социјални случаи и купување на гласови меѓу економски загрозените групи. Изразена беше загриженост во однос на точноста на Избирачкиот список, а посебно во однос на големиот број на гласачи кои живеат на иста адреса. Законските одредби кои на политичките партии им овозможуваат да ги оспорат податоците кои се однесуваат на гласачите во Избирачкиот список се оценети како нејасни и нејасно утврдуваат која институција е одговорна за спроведување на истрагите.[56,57]

[55] Заев: СДСМ не ги признава изборите и бара нови со техничка влада, Глас на Америка, 27 април 2014. Пристапено на: http://mk.voanews.com/a/macedonia-elections/1902316.html (последна посета: 20 декември 2016).

[56] Финален извештај – Домашно набљудување на претседателските и предвремените парламентарни избори 2014, Граѓанска асоцијација МОСТ. Пристапено на: www.most.org.mk/images/MOST/Final Report_Presidential and Parliamentary Elections 2014_MKD.pdf (последна посета: 18 октомври 2016).

[57] Според: ОБСЕ Канцеларија за демократски институции и човекови права. Република Македонија, Претседателски и предвремени парламентарни избори, 27 април 2014 год, Конечен извештај. Варшава, 15 јули 2014. Пристапено на http://www.osce.org/mk/odihr/elections/fyrom/121926?download=true (последна посета: 8 ноември 2014 год.)




## ОДЅИВ НА ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ (1990 – 2014)

Од податоците од сите досега одржани парламентарни избори, сметајќи од 1990 г., па до последните во 2014 г., може да се забележи благ пад во одзивот на гласачите. На првите парламентарни избори во 1990 г. одзивот бил најголем, додека најмал одзив е регистриран на парламентарните избори во 2006 г. Од 2011 г. па до последните парламентарни избори одржани во 2014 г., процентот на излезност останува сличен, но, сепак, далеку понизок од оној од 1990 г.



# МАКЕДОНСКИ ИЗБОРЕН СИСТЕМ ЗА ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ

## МАКЕДОНСКИ ИЗБОРЕН СИСТЕМ ЗА ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ

Пратеник во Собранието на Република Македонија се избира на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање за мандат од 4 години. На парламентарните избори се избираат 120–123 пратеници, а според Уставот на Република Македонија Собранието може да се состои од 120 до 140 пратеници. Пратениците се избираат по пропорционален изборен модел на затворени кандидатски листи, при што во секоја од шесте изборни единици на кои е поделена територијата на Македонија се избираат по 20 пратеници. Со измените на Изборниот законик[58] од ноември 2015 година гласањето надвор од територијата на Република Македонија се организира на ниво на една изборна единица, број 7, за странство и ги вклучува Европа, Северна и Јужна Америка, Австралија, Азија, и Африка при што во оваа изборна единица може да се изберат најмногу 3 пратеници. За претходните парламентарни избори во 2011 и 2014 година, гласањето во странство се одвиваше на ниво на три изборни единици каде преку мнозински систем се избираше по еден, односно вкупно тројца пратеници.

Бројот на избирачите во секоја од 6-те изборни единици може да отстапува најмногу во рамки на маргината -/+5% во однос на просечниот број на избирачи во изборните единици. Распределбата на мандатите се врши по Д’Хондт-овата формула, при што резултатите се утврдуваат за секоја изборна единица одделно, според бројот на вкупните гласови што ги добиле листите на кандидати. Секоја од партиите добива пратенички места пропорционално на бројот на гласовите за нејзината кандидатска листа споредено со бројот на гласовите за другите кандидатски листи. Ако во доделувањето на последното пратеничко место се јават две листи со идентични резултати, тогаш местото се доделува со ждрепка. При распределбата на пратеничките места се сметаат за избрани онолку кандидати колку што места добила листата. Притоа, мандати добиваат кандидатите според редоследот по кој се утврдени на кандидатските листи. Бројот на избрани пратеници

58 Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, Службен весник на Република Македонија, бр. 196 од 10 ноември 2015. Пристапено на: (последна посета: 8 април 2016).

во странство зависи од тоа колкав ќе биде одѕивот во странство, и во колкава мера бројот на гласачите во странство за кандидатските листи ќе соодветствува со најмалиот број на гласачите во изборните единици на територија на Републиката од последните парламентарни избори. Првиот пратеник во изборната единица 7 ќе биде избран доколку кандидатската листа за пратеници добие минимум онолку гласови колку што добил и пратеник кој е избран со најмал број на гласови во некоја од изборните единици на територија на државата на последните парламентарни избори. Според резултатите од последните парламентарни избори во 2014 г. тој број изнесува 6 478 гласови. Потребниот број на гласови неопходни за да се освои второто и третото пратеничко место во странство треба да се движи по иста пропорција, односно да биде двојно и тројно поголем од најмалиот број на гласови добиен во некоја од изборните единици на територија на државата на последните парламентарни избори. Доколку ниедна од кандидатските листи во странство не го добие потребниот број на гласови, тогаш нема да биде избран ниту еден пратеник од изборната единица 7.

Изборите за пратеници се одржуваат секоја четврта година во последните 90 дена од мандатот на претходниот пратенички состав, или во рок од 60 дена од денот на распуштање на Собранието. При предвремени избори сите рокови за изборните дејствија се скратуваат за пет дена, освен рокот утврден за спроведување на изборната кампања.

Мандатот на еден пратеник може да му престане пред истекот на времето за кое е избран, ако поднесе оставка, ако е осуден за кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку пет години, настапи случај на неспоивост со функцијата пратеник, во случај на смрт или доколку со правосилно решение е лишен од деловна способност. Ако пратеникот поднесе оставка, Собранието на првата наредна седница констатира дека на пратеникот му престанува мандатот од денот на одржувањето на таа седница.

Ако на пратеник кој е избран од листата на кандидати му престане мандатот според еден од овие основи, тогаш за остатокот од мандатот на негово место доаѓа следниот кандидат од изборната листа на партијата на која бил избран пратеникот. Исклучок од ова правило е доколку дојде до престанок на мандатот на жена-пратеник. Во таков случај на нејзино место доаѓа следниот кандидат жена од листата.

Новиот пратенички состав на Собранието се конституира на првата седница која се одржува најдоцна 20 дена по денот на изборите, а ја свикува претседателот во заминување. Доколку Собранието не се конституира во тие 20 дена, тогаш пратениците сами се состануваат и го конституираат Собранието на дваесет и првиот ден од денот на завршувањето на изборите во 10 часот, а седницата треба да ја свика најстариот по години избран пратеник. Ако и тој одбие да ја свика, тоа право преминува редоследно на наредниот по години избран пратеник, сè до избраниот пратеник кој ќе се согласи да ја свика првата седница на која се конституира Собранието.[59]

Во рок од најмногу десет дена по конституирањето на новиот состав на Собранието, Претседателот на Република Македонија е должен да го довери мандатот за состав на новата Влада на кандидат (мандатор) од партијата или партиите кои имаат мнозинство пратеници.[60] Мандаторот во рок од 20 дена од денот на доверувањето на мандатот на Собранието му поднесува програма и го предлага составот на Владата. Пратениците потоа со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници ја избираат Владата.

## ИЗБОРНИ ОРГАНИ

Државната изборна комисија (ДИК), заедно со општинските изборни комисии (ОИК), избирачките одбори (ИО) за гласање во земјата и во ДКП на Република Македонија се изборните органи задолжени за спроведување на парламентарните избори.

[59] Деловник на Собранието на Република Македонија (пречистен текст), Службен весник на Република Македонија, бр. 54 од 15 април 2013 година. Пристапено на: http://www.sobranie.mk/delovnik-na-sobranieto-na-republika-makedonija-precisten-tekst.nspx (последна посета: 18 октомври 2016).

[60] Устав на Република Македонија, Собрание на Република Македонија, 17 ноември 1991. Пристапено на: http://sobranie.mk/ustav-na-rm.nspx (последна посета: 18 октомври 2016).

Државната изборна комисија е составена од девет члена[61] кои ги избира Собранието на Република Македонија со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Функцијата ја извршуваат професионално со мандат од пет години и имаат право на повторен избор. Членовите на ДИК се избираат во рок од 30 дена пред истекот на мандатот на постојниот состав. ДИК има партиско-експертски состав, при што шест нејзини членови се претставници на политичките партии претставени во Собранието, а тројца членови се избираат на заеднички предлог од партиите на власта и на опозицијата, односно од редот на пријавени кандидати. Притоа партијата на власт со најголем број на пратеници предлага двајца членови, втората по големина партија на власт предлага еден член. Најголемата политичка партија во опозиција предлага двајца членови, а втората по големина опозициска партија предлага еден член. Претседателот и потпретседателот на ДИК се избираат од страна на Собранието од редот на членовите кои се предложени на заеднички предлог од партиите на власта и опозицијата, при што претседателот или потпретседателот треба да биде од редот на припадниците на најголемата немнозинска заедница. ДИК именува генерален секретар кој раководи со стручната служба која ги врши стручно-административните и организационо-техничките работи.

Општинските изборни комисии (ОИК), кои се формираат на ниво на секоја општина, се задолжени за спроведување на изборите на територијата под нивна надлежност и вршат надзор на работата на избирачките одбори. Тие се составени од пет члена, од кои еден е претседател, а секој од членовите има заменик. Членовите и замениците на ОИК се избираат од редот на вработените во државната, јавната и општинската администрација, со високо образование, за мандат од пет години. Нивниот избор го врши ДИК по случаен избор штом ќе ја добие евиденцијата на податоци на

61 Според измените на Изборниот законик предвидени со Договорот од Пржино, новата ДИК е составена од девет члена, тројца предложени од партиите на власт, тројца од опозицијата и тројца независни члена избрани од Собранието со двотретинско мнозинство, од кои претседателот или потпретседателот се избираат од редот на припадниците на најголемата немнозинска заедница. Претходно ДИК беше составена од седум члена со мандат до четири години со понаков начин на избирање на членовите. Имено, партиите во опозиција предлагаа претседател и двајца членови на ДИК, а партиите на власт предлагаа потпретседател и тројца членови на ДИК.



државната и општинската администрација, администрацијата на Градот Скопје и јавната администрација.

Избирачкиот одбор (ИО) е тело кое се формира за секое избирачко место, го сочинуваат пет члена од кои еден е претседател, а за секој од нив се избираат и заменици. Претседателот на избирачкиот одбор и неговиот заменик, два члена и нивни заменици се избираат од редот на вработените во државната, јавната и општинската администрација, по случаен избор за време од четири години. По еден член на ИО и неговиот заменик се именуваат на предлог на политичките партии во опозиција, кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови, а друг по предлог на политичките партии на власт кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови. Случајниот избор на членовите на избирачките одбори (од редот на администрацијата) го вршат ОИК за подрачјето за кое се надлежни, по претходен акт на ДИК. Гласање во странство ќе се организира само во оние ДКП каде што се пријавиле најмалку 10 избирачи, а бројот на избирачки места во странство ќе се утврди по пријавувањето за гласање во овие избирачки места.

## АКТИВНО И ПАСИВНО ИЗБИРАЧКО ПРАВО, ПРОЦЕДУРА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ КАНДИДАТУРИ[62]

Право на глас има државјанин на Република Македонија со наполнети 18 години живот и кој е деловно способен. Гласањето е тајно и никој не смее да го повика избирачот на одговорност заради гласањето, ниту, пак, од него да бара да каже за кого гласал или зошто не гласал. ДИК е одговорна да ги информира и да ги едуцира граѓаните за начинот на гласање и за остварување на избирачкото право, притоа на гласачките места и на гласачкиот параван истакнува упатство за гласање на македонски, албански,

62 Изборен законик (пречистен текст), неофицијална верзија изготвена од Стручната служба на Државната изборна комисија, (Службен весник на Република Македонија, бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16 и 99/16). Пристапено на: http://www.sec.mk/izboren-zakonik/ (последна посета: 19 октомври 2016); Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, Службен весник на Република Македонија, бр. 142 од 1 август 2016. Пристапено на: http://www.avmu.mk/images/Zakon_za_izmenuvanje_i_dopolnuvanje_na_izborniot_zakonik_28_juli_2016.pdf (последна посета: 19 октомври 2016).

турски, влашки, српски, ромски и бошњачки јазик. Листите на кандидати, исто така, се истакнуваат во просторијата за гласање.

Право да се кандидира за пратеник има секој полнолетен граѓанин, доколку не е осуден со правосилна судска одлука на безусловна казна затвор над шест месеци, чие издржување сè уште не е започнато или се наоѓа на издржување казна затвор за сторено кривично дело. Исто така, доколку на некој граѓанин со конечно решение му е утврдена соработка со органите на државната безбедност,[63] правото за вршење на јавна функција му е ограничено во рок од пет години од денот на конечноста на решението.[64]

Предлагањето на кандидати за избор на пратеници се врши со поднесување на листа на кандидати до Државната изборна комисија. Притоа, еден кандидат може да биде предложен само на една листа, а еден подносител на листа може да поднесе само една листа на кандидати за пратеници. На кандидатските листи за пратеници, неопходно е најмалку 40 % од кандидатите да му припаѓаат на помалку застапениот пол, при што на секои три места најмалку едно место му припаѓа на помалку застапениот пол и дополнително уште најмалку по едно место на секои 10 места. Оваа промена е воведена во ноември 2015, додека претходно на секои три места на листата најмалку едно место му припаѓаше на помалку застапениот пол.

Листите се поднесуваат на македонски јазик и кирилско писмо како официјален службен јазик во Република Македонија, но подносителот на листите во изборните единици во кои најмалку 20 % од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот, може тоа да го направи и на јазикот и писмото што го употребуваат граѓаните во таа единица на локалната самоуправа.

63 Оваа одлука произлегува од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност, Службен весник, бр.86 од 9 јули 2012 или познат во јавноста како Закон за лустрација.

64 Закон за престанување на важење на законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработка со органите на државната безбедност, Службен весник на Република Македонија, бр. 143 од 24 август 2015. Пристапено на: http://www.slvesnik.com.mk/Issues/aaab4eac48b942f38b927f84b6a49dfa.pdf (последна посета: 28 октомври 2016).

Право да поднесат листа на кандидати за пратеници имаат регистрираните политички партии самостојно, коалиции, како и група избирачи. Групата избирачи за да може да поднесе кандидатска листа е потребно да собере најмалку 1.000 потписи од запишаните избирачи во изводот на Избирачкиот список на изборната единица. Собирањето потписи се врши пред подрачните единици на ДИК и пред службените лица на ДКП-та, односно конзуларните канцеларии, на образец пропишан од Државната изборна комисија. Еден избирач може да го даде својот потпис за повеќе кандидатски листи за пратеници. При редовни избори собирањето на потписи започнува петнаесеттиот ден од денот на распишувањето на изборите и трае 15 дена, додека во услови на предвремени избори започнува десетиот ден од распишување на избори и трае 10 дена. За овие избори собирањето потписи трае од 28 октомври до 6 ноември. Листите за кандидати за пратеници треба да се доставаат до ДИК до 11 ноември на полноќ.

Кога подносител на листа на кандидати е политичка партија, мора да приложи потврда за регистрација од надлежниот суд. Кога подносител на кандидатска листа е коалиција, мора да го приложи договорот за коалицирање меѓу партиите. Кога подносител на листата е група избирачи, мора да се поднесат и собраните потписи од избирачите. За секоја кандидатура е потребна писмена согласност (изјава) на кандидатот која е неотповиклива. Листите на кандидати се доставуваат до надлежната изборна комисија најдоцна 30 дена пред денот на одржувањето на изборите. Потоа ДИК, односно ОИК утврдуваат дали листите се поднесени во законскиот рок и според законските услови. Ако се утврдат неправилности, ДИК, односно ОИК ќе го повика овластениот претставник на подносителот на листата, односно првопотпишаниот на листата на кандидати, да ги отстранат неправилностите во рок од 48 часа од приемот на листите. Ако потоа се утврди дека листите се поднесени според законските одредби и дека евентуално констатираните неправилности се отстранети во дадениот рок, тогаш поднесената листа се потврдува со решение. Ако се утврди дека листите се поднесени ненавремено, односно констатираните неправилности или пропусти подносителите на листите не ги отстраниле во рок од 48 часа, тогаш ќе се донесе

решение за отфрлање на листата. Поднесувачот на листата може да поднесе тужба против решението пред Управен суд во рок од 24 часа по добивањето на решението, а Судот треба да одлучи по тужбата во рок од 24 часа по нејзиниот прием. Доставувањето на приговор и тужба за листите во ИЕ7 е дозволено само по електронски пат, лично или преку овластен претставник.

Утврдените листи на кандидати за пратеници во изборните единици ДИК ги објавува во дневниот печат, од кој еден е на јазикот на заедницата што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните во Република Македонија, најдоцна 23 дена пред денот определен за одржување на изборите. Во рок од 48 часа кандидатските листи треба да се достават до ДКП-та преку Министерството за надворешни работи заради јавно објавување.

## ОГРАНИЧУВАЊЕ ЗА АКТУЕЛНИ ФУНКЦИОНЕРИ[65]

Функцијата пратеник во Собранието на Република Македонија се врши професионално и таа е неспоива со функцијата претседател на Републиката, претседател на Владата на Република Македонија, министер, судија, јавен обвинител, јавен правобранител, народен правобранител и со други носители на функции кои ги избира или ги именува Собранието и Владата на Република Македонија. Функцијата пратеник, исто така, е неспоива со функцијата градоначалник или член на совет на локална самоуправа, со извршување на стручни и управни работи во органите на државната управа, извршување на стопанска или друга профитна дејност, членување во управни одбори на јавни претпријатија, јавни установи, фондови, агенции, заводи и во други правни лица, како и со изборот на претставник на државниот и општествен капитал во трговските друштва.

65 Изборен законик (пречистен текст), неофицијална верзија изготвена од Стручната служба на Државната изборна комисија, (Службен весник на Република Македонија, бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16 и 99/16). Пристапено на: http://www.sec.mk/izboren-zakonik/ (последна посета: 19.10.2016); Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, Службен весник на Република Македонија, бр. 142 од 1 август 2016. Пристапено на: http://www.avmu.mk/images/Zakon_za_izmenuvanje_i_dopolnuvanje_na_izborniot_zakonik_28_juli_2016.pdf (последна посета: 19 октомври 2016).

Ако член на Владата и заменик-министер или друг функционер е кандидиран за пратеник, од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборите не смее да:

- располага со буџетски средства на Република Македонија, средства на буџетите на општините и Градот Скопје, јавни фондови, јавни претпријатија, јавни установи или правни лица кои располагаат со државен капитал, освен ако тоа поинаку не е утврдено со закон со кој се уредува финансирањето на изборните кампањи на политичките партии;
- започнува изградба, со средства од буџетот, јавни фондови, јавни претпријатија и други правни лица кои располагаат со државен капитал, на нови објекти во инфраструктурата, како патишта, водоводи, далноводи, канализација, спортски игралишта и други објекти или објекти за општествени дејности – училишта, градинки и други објекти, освен ако за таа намена претходно се обезбедени средства од буџетот, односно се работи за реализација на програма донесена врз основа на закон во тековната година;
- врши вонредно исплаќање на плати, пензии, социјална помош или други исплати од буџетски средства, средства на јавните фондови;
- отуѓува државен капитал;
- потпишува колективни договори; како и други ограничувања по Изборниот законик.

Доколку некој министер или заменик-министер ги прекрши овие правила, тогаш ќе му се изрече глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност, а самиот обид и постапување спротивно на овие правила е казниво според одредбите на Кривичниот законик.

Доколку некој од кандидатите за пратеник е припадник на вооружените сили на Република Македонија, униформираниот дел на полицијата, овластените службени лица во Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана или Агенцијата за разузнавање, од денот кога ќе биде утврден како кандидат,

работниот однос ќе му мирува и тоа лице не смее да учествува во изборната кампања во службена униформа.

Дополнително, во периодот од 20 дена пред започнување на изборната кампања па до завршување на изборот на пратеници и изборот на Владата не може да се исплаќаат субвенции кои не се редовни месечни исплати, да се одржуваат јавни настани по повод започнување на изградба или пуштање во употреба на објекти со средства од Буџетот или од јавни фондови, или со средства на јавни претпријатија или други правни лица што располагаат со државен капитал, во инфраструктура како патишта, водоводи, далноводи, канализација, спортски игралишта и други објекти или објекти за општествени дејности, училишта, градинки и други објекти. Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот и изборот на Владата, Министерството за финансии е должно сите буџетски исплати, освен редовни плати, пензии и комунални трошоци, да ги објавува јавно на интернет-страница во посебна база за буџетски трошоци во изборен период. Министерството е должно и две недели по распишување на изборите да поднесе предизборен финансиски извештај во кој ќе биде опфатен преглед на сите планирани и реализирани приходи и расходи од Буџетот по ставки, во периодот од почетокот на фискалната година до денот на поднесување на извештајот кој се објавува на својата веб-страница.

## ИЗБОРНА КАМПАЊА[66]

Изборна кампања е јавно претставување на кандидати од надлежните изборни органи и нивните програми во предизборниот период за одреден вид на избори. Изборната кампања за предвремените парламентарни избори започнува 20 дена пред денот на изборите, односно на 21 ноември и завршува на 9 декември во 24:00 часот. Денот пред одржувањето на изборите, односно 10 декември е ден на предизборен молк кога кандидатите не смеат да водат изборна кампања, а јавните гласила не смеат да вршат изборно претставување на учесниците во изборниот процес.

Организаторите на изборната кампања најдоцна 48 часа по потврдување на листата на кандидати треба да отворат посебна банкарска сметка преку која единствено може да се финансира кампањата и не може да се користи за друга намена. Притоа, кампањата може да се финансира од членарината на политичките партии и од донации кои не смеат да надминат 3.000 евра за физички лица и 30.000 евра за правни лица. Кампањата може да се финансира со пари, ствари и услуги чија вредност не смее да ги надмине овие износи. Ако висината на донацијата е поголема од дозволените износи, учесникот во изборната кампања е должен во рок од пет дена од денот на добивањето на донацијата, разликата меѓу дозволената и донираната вредност да ја префрли во Буџетот на Република Македонија. Учесниците во изборната кампања смеат да потрошат најмногу до 110 денари по запишан избирач во изборната единица за која има поднесено листа на кандидати, 70 денари помалку отколку што беше дозволено во изборите во 2014 година.

Изборните кампањи не можат да бидат финансирани од средства од Буџетот на Република Македонија, буџетите на општините и Град Скопје, од средства од надоместоците на трошоци за избори кои ги имаат организаторите на изборна кампања. Не може да се финансира ниту од средства на јавни претпријатија и установи, средства на здруженија на граѓани, верски заедници, религиозни групи и фондации, средства од странски влади и меѓународни институции, како и средства од претпријатија со мешовит капитал каде доминира странскиот капитал, но и од неидентификувани извори. Со новите законски измени радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет-порталите), како и нивните поврзани лица не смеат да финансираат или да донираат на политички партии, вклучувајќи и кампањи. Притоа како поврзани лица се сметаат членовите на семејство, на семејството

66 Изборен законик (пречистен текст), неофицијална верзија изготвена од Стручната служба на Државната изборна комисија, (Службен весник на Република Македонија, бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16 и 99/16). Пристапено на: http://www.sec.mk/izboren-zakonik/ (последна посета: 19.10.2016); Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, Службен весник на Република Македонија, бр. 142 од 1 август 2016. Пристапено на: http://www.avmu.mk/images/Zakon_za_izmenuvanje_i_dopolnuvanje_na_izborniot_zakonik_28_juli_2016.pdf (последна посета: 19 октомври 2016).

на брачниот или вонбрачниот другар, лицата кои имаат удел во сопственоста, учествуваат во управувањето, лица кои во подолг период со маркетинг или друг договор остваруваат повеќе од 30 % од приходи од рекламирање, телешопинг и спонзорство.[67]

Во случај кандидатурата да не се реализира, организаторите на изборната кампања се должни непотрошените донации во рок од 60 дена да им ги вратат на донаторите. Учесникот во изборната кампања е должен веднаш, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на завршување на изборната кампања да поднесе финансиски извештај за средствата собрани и потрошени во кампањата. Избраните кандидати за пратеници или сите кои освоиле најмалку 1,5 % од гласовите на излезените граѓани во изборната единица имаат право на надомест од државниот буџет во висина од 15 денари од добиен глас. Овие средства се исплаќаат најдоцна до три месеци по доставувањето на финансискиот извештај за кампањата.

Како дел од законските измени воведени со Договорот од Пржино, од денот на распишување на изборите па до нивното завршување, радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет-порталите) не смеат да објавуваат реклами кои се финансирани од Буџетот на Република Македонија, од буџетите на општините и на Градот Скопје и на сите други лица на кои со закон им е доверено вршење на јавни овластувања.

Доколку во текот на јавните настапи или известувања се повредени правата на некои од кандидатите, истите имаат право веднаш да покренат судска постапка за заштита на своите права. За ваква тужба надлежниот основен суд решава во итни рокови, а одлуката се објавува во јавните гласила.

67 Терминот „поврзани лица" е прецизно дефиниран со Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Службен весник на Република Македонија, бр. 184 од 26 декември 2013. Пристапено на: http://www.slvesnik.com.mk/Issues/b063254742a44129b8dfe1221762ddb4.pdf (последна посета: 19 октомври 2016).

## УЛОГАТА НА ЈАВНИТЕ ГЛАСИЛА[68]

Во текот на кампањата, приватните медиуми, вклучувајќи ги и електронските медиуми (интернет-порталите) и јавниот радиодифузен сервис имаат должност да овозможат еднаков пристап за претставувањето на изборните програми и кандидатите на правичен, непристрасен и балансиран начин. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ)[69] е должна да го следи изборното претставување на партиите и кандидатите во радиодифузните и електронски медиуми (интернет-порталите)[70] од денот на распишувањето на изборите до завршувањето на гласањето на денот на одржувањето на изборите. Во случај на повреда на начелото на рамноправен пристап, Агенцијата е должна да покрене прекршочна постапка против одговорниот медиум.

Уредници, новинари, водители на програма и презентери, ангажирани во подготвување програми на радиодифузерите не смеат да учествуваат во предизборни активности на политички партии, коалиции, групи избирачи и нивни претставници, односно учесници во изборна кампања. Ако се одлучат да учествуваат во такви активности, нивниот ангажман во програмите на радиодифузерите им мирува од денот на распишувањето до завршувањето на изборите.

68 Изборен законик (пречистен текст), неофицијална верзија изготвена од Стручната служба на Државната изборна комисија, (Службен весник на Република Македонија, бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16 и 99/16). Пристапено на: http://www.sec.mk/izboren-zakonik/ (последна посета: 19.10.2016); Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, Службен весник на Република Македонија, бр. 142 од 1 август 2016. Пристапено на: http://www.avmu.mk/images/Zakon_za_izmenuvanje_i_dopolnuvanje_na_izborniot_zakonik_28_juli_2016.pdf (последна посета: 19 октомври 2016).

69 Поранешен Совет за радиодифузија, Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Службен весник на Република Македонија, бр. 184 од 26 декември 2013. Пристапено на: http://www.avmu.mk/images/Zakon_za_audio_i_audiovizuelni_mediumski_uslugi_mkd_1.pdf (последна посета: 27 март 2014).

70 И покрај тоа што Изборниот законик ја предвидува оваа обврска на Агенцијата, во јануари 2016 г. Агенцијата излезе со став дека поради непостоење на предуслови нема да врши надзор врз изборното медиумско претставување на интернет-порталите. Повеќе информации за ова на: АВМУ, 2016, Став на АВМУ за надзор на известувањето на интернет-порталите. Пристапено на: http://www.avmu.mk/images/Stav_na_Agencijata.pdf (последна посета: 4 ноември 2016). АВМУ, 2016, Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси. Пристапено на: http://www.avmu.mk/images/metodologija_za_monitoring_05.01.2016.pdf (последна посета: 4 ноември 2016).

Јавниот дифузер, Македонската радиотелевизија (МРТВ), е должен без надоместок да ги информира граѓаните за начинот и техниката на гласање, како и за други прашања поврзани со изборниот процес. МРТВ треба да обезбеди рамноправен пристап во информативната програма. Со измените на Изборниот законик по Договорот од Пржино, тоа значи дека 30 % од програмата треба да се однесува на настани од земјата и светот, 30 % на активностите на партиите застапени во власта, 30 % од времето на активностите на партиите во опозиција и 10 % од времето на активностите на вонпарламентарните политички партии.

За време на изборната кампања МРТВ  е должна да емитува бесплатно политичко претставување на учесниците во изборниот процес во согласност со принципот на избалансираност, односно пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници, а Собранискиот канал треба да обезбеди бесплатно политичко претставување од по три часа и за опозицијата и за владејачките партии во согласност со резултатите од последните парламентарни избори, и еден час за подносителите на листи кои не се застапени во Собранието. Притоа бесплатното политичко претставување мора да биде соодветно и видливо означено како „бесплатно политичко претставување" во текот на целото времетраење на емитувањето. За разлика од МРТВ, радиодифузерите не смеат да емитуваат бесплатно политичко претставување од денот на распишување на изборите до нивното завршување.

Од денот на распишување на изборите до почетокот на изборната кампања е забрането платено политичко рекламирање. Од истиот ден е забрането и објавување на реклами финансирани од државниот и општинските буџети. Во истиот период радиодифузерите се должни да ја снимаат својата програма, а снимките да ги чуваат најмалку 30 дена по завршувањето на изборите со цел да ѝ ги достават на АВМУ, доколку таа ги побара.

Медиумите мора да утврдат ценовници[71] за политичкото рекламирање во рок од пет дена од распишувањето на изборите и јавно да ги објават, а истите не смеат да се менуваат во текот на кампањата. Радиодифузерите кои ги покриваат изборите можат да емитуваат најмногу 18 минути дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање, при што за политичките партии на власт посебно и за парламентарните опозициски партии можат да одвојат најмногу по осум минути, а за парламентарните политички партии кои немаат пратеничка група и за вонпарламентарните политички партии можат да одвојат по една минута. Кога постои интерес за спојување на блоковите за дополнителното време за рекламирање на една политичка партија во два последователни реални часа, медиумот треба да осигура наизменична застапеност на политичките партии од власт и опозиција на два часа. Радиодифузерите и печатените медиуми се должни да поднесат извештај за рекламниот простор искористен од секој од учесниците во изборната кампања и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа.

Резултати од испитување на јавното мислење поврзано со кандидатите не смеат да се објават преку јавните гласила во текот на последните 5 дена пред денот определен за одржување на изборите. При објавување на резултатите од испитувањата на јавното мислење поврзани со учесниците во изборниот процес, медиумите се должни да наведат податоци за името на нарачателот кој го побарал и го платил испитувањето, институцијата што го извршила испитувањето, применетата методологија, големината и структурата на испитаниот примерок и периодот во кој е спроведено испитувањето. Резултати од испитувања на јавното мислење спроведени на самиот ден на изборите не смеат да се објавуваат пред 19,00 часот, односно пред затворањето на избирачките места.

## НАБЉУДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

Право за набљудување на изборите имаат акредитирани домашни, странски и меѓународни организации и претставници на странски земји, при што овластувањето за набљудување го издава ДИК.

[71] Ценовници на медиумите за платено политичко рекламирање на учесниците во изборниот процес за парламентарните избори на 11 декември 2016 се достапни на веб-страницата на ДИК на следниот линк: goo.gl/TbAlf3.

Акредитација за набљудувачи можат да добијат домашни граѓански организации коишто се регистрирани барем една година пред одржувањето на изборите, а во својот статут го имаат вградено начелото за заштита на човековите права. Подносителите на листите, исто така, имаат право нивни овластени претставници да ја следат работата на изборните органи.

# ИЗБОРНИ ЕДИНИЦИ

## ИЗБОРНИ ЕДИНИЦИ[72]




Изборни единици[73]

Предвремените парламентарни избори кои ќе се одржат на 11 декември 2016 година ќе се организираат на ниво на 7 изборни единици (ИЕ). Територијата на Република Македонија е поделена на 6 ИЕ, а 7-та ИЕ ги опфаќа избирачките места надвор од територијата на државата и ги вклучува сите македонски државјани со право на глас кои живеат во странство.

Непосредно пред одржувањето на парламентарните избори во 2002 г. беше донесен Законот за изборни единици[74] со кој беа утврдени 6 ИЕ во Македонија, со кои територијата на државата се дели на изборни региони со приближно еднаков број на регистрирани

72 За бројот на освоени мандати и регистрирани гласачи по ИЕ од предвремените парламентарни избори на 27 април 2014 се користени конечните официјални резултати на Државната изборна комисија на Република Македонија. Пристапено на: rezultati.sec.mk/Parliamentary/Results (последна посета: 15 октомври 2016).

73 Графичкиот приказ на изборните единици во Македонија е преземен од интернет-страницата на Државната изборна комисија на Република Македонија (ДИК). Пристапено на: http://217.16.84.11/Default.aspx и на goo.gl/6Cb9e5 (последна посета: 2 ноември 2016).

74 Закон за изборните единици за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, Службен весник на Република Македонија, бр. 43 од 26 јуни 2002. Пристапено на: http://www.slvesnik.com.mk/Issues/D8BCA0533D-35554CA3F003112BB47F1B.pdf (последна посета: 5 октомври 2016).

гласачи. Во согласност со Изборниот законик од 2016 г.,[75] бројот на избирачи во една ИЕ може да отстапува од минус 5 до плус 5 проценти во однос на просечниот број на избирачи, кој изнесува околу 292 илјади по изборна единица. Во секоја од овие 6 ИЕ се избираат по 20 пратеници во Собранието според пропорционалниот принцип, односно 120 од вкупно 123 пратеници.

Пред предвремените парламентарни избори во 2011 г. беа направени измени во Изборниот законик[76] со кои за прв пат беше овозможено да гласаат и македонските државјани кои се наоѓаат во странство. Гласањето во странство се одвиваше во три изборни единици со мнозински принцип на гласање. Притоа, изборна единица 7 ги вклучуваше Европа и Африка, изборна единица 8 ги вклучуваше Северна и Јужна Америка и изборна единица 9 ги вклучуваше Азија и Австралија. Со законските измени реализирани со Договорот од Пржино се воведе само една изборна единица за странство, односно изборна единица 7 за Европа, Африка, Северна Америка, Јужна Америка, Австралија и Азија, каде според пропорционалниот модел се избираат тројца пратеници.[77] Македонските државјани во странство гласаат во дипломатско-конзуларните претставништва (ДКП) и во конзуларните канцеларии на Република Македонија.

Бројот на избирачките места во земјата за овие предвремени парламентарни избори изнесува 3 524. На предвремените

[75] Изборен законик (пречистен текст), неофицијална верзија изготвена од Стручната служба на Државната изборна комисија, (Службен весник на Република Македонија, бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16 и 99/16). Пристапено на: http://www.sec.mk/izboren-zakonik/ (последна посета: 7 октомври 2016); Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, Службен весник на Република Македонија, бр. 142 од 1 август 2016. Пристапено на: http://www.avmu.mk/images/Zakon_za_izmenuvanje_i_dopolnuvanje_na_izborniot_zakonik_28_juli_2016.pdf (последна посета: 7 октомври 2016).

[76] Изборен законик (пречистен текст), Службен весник на РМ, бр.54 од 14 април 2011. Пристапено на: http://old.sec.mk/star/Predvremeni2011/IZBOREN_ZAKONIK_(Precisten_tekst).pdf (последна посета: 3 ноември 2016).

[77] Изборен законик (пречистен текст), неофицијална верзија изготвена од Стручната служба на Државната изборна комисија, (Службен весник на Република Македонија, бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16 и 99/16). Пристапено на: http://www.sec.mk/izboren-zakonik/ (последна посета: 7 октомври 2016); Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, Службен весник на Република Македонија, бр. 142 од 1 август 2016. Пристапено на: http://www.avmu.mk/images/Zakon_za_izmenuvanje_i_dopolnuvanje_na_izborniot_zakonik_28_juli_2016.pdf (последна посета: 7 октомври 2016).



парламентарни избори во 2014 г. бројот на избирачки места изнесуваше 3 480, односно 504 повеќе избирачки места отколку на претходните избори во 2011 г. На едно избирачко место не можат да гласаат повеќе од 1 000 гласачи.

Освен промените кои ги донесе Договорот од Пржино во однос на Изборниот законик и укинувањето на трите ИЕ во странство и нивно спојување во една изборна единица – ИЕ 7, во изминатиот период преовладуваше и дискусијата за прекројување на границите на изборните единици. Така, по последниот доставен избирачки список од страна на ДИК беше утврдено дека во шестата изборна единица (тетовско-гостиварскиот регион) прагот на гласачи ги надминува дозволените 5 проценти (со забележани 5,28 %) утврдени со Изборниот законик, со што се загрозува еднаквоста на гласот. Како резултат на тоа, ДУИ ја иницираше дебатата за промена на границите на изборните единици која резултираше со формирање на Работна група за измени и дополнувања на Изборниот законик во делот на промена на границите на избирачките единици. Притоа, ДУИ понуди два предлога за надминување на постоечката нерамномерност во изборните единици. Едниот предлог предвидуваше прекројување само на шестата изборна единица и префрлање неколку илјади гласачи во петтата, односно префрлање на цел Дебар во петтата ИЕ. Во рамките на другиот предлог како можно решение беше наведено прекројување на сите изборни единици. Сепак, и покрај овие предлози работната група не успеа да дојде до решение за овој проблем пред распуштање на Собранието, што воедно значеше одржување на парламентарните избори без урамнотежени изборни единици.[78]

ИЕ 1 опфаќа дел од главниот град Скопје и дел од централна Македонија, односно скопските општини Аеродром, Карпош, Кисела Вода, Центар, дел од општина Чаир, Сарај, Сопиште, Македонски Брод и Студеничани. Според етничката припадност на населението, мнозинскиот дел од гласачите се етнички Македонци. На последните парламентарни избори во 2014 во оваа ИЕ беа регистрирани 297

[78] „Шестката – кец од ракав за оспорување на изборите", Дојче Веле, 19 октомври 2016. Пристапено на: www.dw.com/mk/шестката-кец-од-ракав-за-оспорување-на-изборите/а-36085391 (последна посета: 3 ноември 2016).

686 гласачи кои гласаат во 522 избирачки места. Одѕивот во оваа изборна единица изнесуваше 65,22 %, а најмногу мандати освои коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ – 8, коалицијата на СДСМ – 7 , ДУИ – 3 , ДПА – 1 и ГРОМ – 1.

ИЕ 2 опфаќа, исто така, дел од Скопје и дел од северна Македонија со рамномерен состав на населението, етнички Македонци, Албанци, а застапени се и Срби и Роми. Во оваа ИЕ влегуваат скопските општини Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, дел од општина Чаир, Шуто Оризари, Арачиново, дел од Куманово, Липково, дел од Старо Нагоричане и Чучер Сандево. На последните парламентарни избори во 2014 во ИЕ 2 беа регистрирани 306 067 гласачи кои гласаат во 504 избирачки места. Одѕивот на гласачите изнесуваше 60,18 %, а најмногу мандати освои коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ – 10, втора беше коалицијата на СДСМ со 5, потоа ДУИ со 4 и ДПА со 1 мандат.

ИЕ 3 опфаќа делови од централна, источна и североисточна Македонија. Оваа ИЕ ги опфаќа општините Берово, Велес, Виница, Градско, Делчево, Зелениково, Зрновци, Илинден, Карбинци, Кочани, Кратово, Крива Паланка, дел од Куманово, Лозово, Македонска Каменица, Петровец, Пехчево, Пробиштип, Ранковце, Свети Николе, дел од Старо Нагоричане, Чашка, Чешиново – Облешево и Штип. Доминантно е населението од македонска етничка припадност. На последните парламентарни избори во 2014 во ИЕ 3 беа регистрирани 280 890 гласачи кои гласаат во 682 избирачки места. На парламентарните избори во 2014 одѕивот на гласачите изнесуваше 70,80 %, при што најмногу мандати освои коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ – 13, а втора беше коалицијата на СДСМ со 7 мандати.

ИЕ 4 ја опфаќа територијата на југоисточна Македонија. Во оваа ИЕ влегуваат дел од градот Битола, Богданци, Босилево, Валандово, Василево, Гевгелија, Демир Капија, Дојран, Кавадарци, Конче, дел од Кривогаштани, Могила, Неготино, Новаци, Ново Село, Прилеп, Радовиш, Росоман и Струмица. Во овој дел е доминантно населението од македонска етничка припадност. На последните парламентарни избори во 2014 во ИЕ 4 беа регистрирани 280 810 гласачи кои гласаат во 599 избирачки места. На парламентарните избори во 2014, одѕивот на гласачите изнесуваше 73,14 %, а мандати освои коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ – 12 и на СДСМ – 8.

ИЕ 5 ја опфаќа територијата на југозападна Македонија. Во неа спаѓаат дел од градот Битола, Вевчани, дел од Дебар, Дебарца, Демир Хисар, Долнени, дел од Кичево, дел од Кривогаштани, Крушево, Охрид, Пласница, Ресен, Струга и Центар Жупа. Мнозинскиот дел од населението е од македонска етничка припадност, но значителен дел претставуваат и гласачите од албанска етничка заедница. На последните парламентарни избори во 2014 во ИЕ 5 беа регистрирани 286 435 гласачи кои гласаат во 655 избирачки места. На парламентарните избори во 2014, одѕивот изнесуваше 61,24 %, а мандати освои коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ – 11, на СДСМ – 6 и ДУИ – 3.

ИЕ 6 ја опфаќа територијата на северозападна Македонија. Тука спаѓаат Боговиње, Брвеница, Врапчиште, Гостивар, дел од Дебар, Желино, Јегуновце, дел од Кичево, Маврово и Ростуша, Теарце и Тетово. Од овој дел е доминантно населението од албанска етничка припадност. На последните парламентарни избори во 2014 во ИЕ 6 беа регистрирани 304 458 гласачи кои гласаат во 516 избирачки места, а одѕивот изнесуваше 49,69 %. На парламентарните избори во 2014 во оваа ИЕ најмногу мандати освои ДУИ – 9, на второ место беше ДПА со 5, потоа коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ со 4, а НДП и коалицијата на СДСМ освоија по 1 мандат.

ИЕ 7 ги опфаќа сите македонски државјани кои живеат или се на привремен престој во странство, односно во државите во Европа, Африка, Северна Америка, Јужна Америка, Австралија и Азија. ИЕ 7 сега ги опфаќа сите македонски државјани во странство кои според пропорционалниот модел можат да избираат 3 пратеници. Пратеничките мандати се распределуваат според Д'Хонтовата формула. За да можат да гласаат во странство, државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство со пријавено последно живеалиште во Република Македонија пред изборите треба да се пријават во соодветно ДКП/ конзуларна канцеларија за да гласаат. Притоа, тие се запишуваат во посебен извод од Избирачкиот список. Пријавувањето може да

се врши со доставување на пријава која треба да биде своерачно потпишана или испратена по електронска пошта. Бројот на избирачки места во странство е подложен на промена, и избирачко место нема да се определи за ДКП/конзуларна канцеларија каде за гласање ќе се пријават помалку од 10 гласачи.

За парламентарните избори во 2011 и 2014 гласањето во странство се водеше во три изборни единици. На последните парламентарни избори во 2014 година во ИЕ 7 (Европа и Африка) беа регистрирани 18 911 гласачи кои имаа можност да гласаат на 27 избирачки места во ДКП или во конзуларните канцеларии на Република Македонија, а одзивот изнесуваше 45,55 %. Мандатот во ИЕ 7 – Европа и Африка го освои коалицијата на ВМРО- ДПМНЕ. Во ИЕ 8 (Северна и Јужна Америка) во 2014 беа регистрирани 3 337 гласачи, гласањето се одвиваше во 6 избирачки места, а одзивот изнесуваше 55,29 %. Мандатот го освои коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ. ИЕ 9 на изборите во 2014 вклучи 3 избирачки места во Австралија и државите од Азија. Таму за гласање се пријавија 1 534 гласачи, одзивот беше 64,02 %, а мандатот го освои коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ.

# ПРЕГЛЕД НА УЧЕСНИЦИТЕ НА ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2016

## ПРЕГЛЕД НА УЧЕСНИЦИТЕ НА ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2016

Во согласност со Роковникот за извршување на изборните дејствија за спроведување на предвремените парламентарни избори донесен од ДИК, до крајниот рок 11 ноември 2016 г. вкупно 13 политички партии и коалиции доставија кандидатски листи за избор на пратеници. По разгледувањето на пријавите, ДИК донесе решение за прифаќање на 11 пријави.[79] Две пријави беа отфрлени, односно пријавите на политичиките партии Социјалдемократска партија на Македонија и Народно движење за Македонија.[80] Ова значи дека на овие избори 1 784 524 граѓани со право на глас ќе имаат можност да гласаат за 11 политички субјекти, односно шест политички партии и пет коалиции со 58 листи на кандидати. Во седмата ИЕ за дијаспората, вкупно 20 573 граѓани ќе го остварат своето право на глас.

Во овој прирачник ќе бидат претставени сите политички партии, коалиции, како и носители на кандидатски листи кои ќе учествуваат на предвремените парламентарни избори. Четирите најголеми парламентарни партии, ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ и ДПА, ќе бидат претставени подетално. Редоследот на партиите и коалициите соодветствува со редоследот кој ќе го имаат на гласачките ливчиња.[81]

---

79 Заклучок за потврдени листи на кандидати кои ќе учествуваат на предвремените избори на пратеници во Собранието на Република Македонија – 11 декември 2016 година, Државна изборна комисија, 17 ноември 2016. Пристапено на: https://drive.google.com/file/d/0B8ZpCwro9h-zcVZ4Z1NEb2Y2bFU/view (последна посета: 20 ноември 2016).

80 Пријавите беа отфрлени бидејќи содржеа одредени неправилности. Откако ДИК го објави Решението за отфрлање на пријавите, двете партии поднесоа тужба преку ДИК до Управниот суд на РМ. Судот ги одби тужбите и ги потврди решенијата за отфрлање на кандидатските листи донесени од ДИК.

81 Почна кампањата за предвремените избори на 11 декември, Телма, 21 ноември 2016. Пристапено на: http://telma.com.mk/vesti/pochna-kampanjata-za-predvremnite-izbori-na-11-dekemvri (последна посета: 22 ноември 2016).

## ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ, КОАЛИЦИИ И НОСИТЕЛИ НА КАНДИДАТСКИ ЛИСТИ[82]

### ВМРО-ДПМНЕ

ВМРО-ДПМНЕ е партија која се декларира како народна партија десно од центарот, со идеолошка демохристијанска провиниенција. Од осамостојувањето до денес, ВМРО-ДПМНЕ е една од двете најголеми партии во Македонија. Учествувала на речиси сите парламентарни и локални избори, со исклучок на парламентарните избори во 1994 година, кога го бојкотира вториот круг. На третите парламентарни избори одржани во 1998 година со освоени 49 мандати во коалиција со Демократска алтернатива, која освојува 13 пратеници, и ПДПА-НДП (подоцна ДПА) со 11, и уште неколку мали партии, ВМРО-ДПМНЕ за првпат формира Влада. ВМРО-ДПМНЕ останува на власт до 2002 година, но за време на конфликтот од мај до ноември 2001 година беше формирана Влада на широка коалиција, која вклучи и министри од СДСМ и ЛДП. Во 2002 година ВМРО-ДПМНЕ заедно со коалициските партнери освојува 33 пратенички мандати, ги губи изборите и функционира како опозиција сè до 2006 година. Во 2006 заедно со коалицијата „За подобра Македонија" повторно победува на парламентарните избори освојувајќи вкупно 45 пратенички места и формира влада. На овие избори партијата за првпат настапи со конкретна програма и конкретни рокови, што беше новина во изборните натпреварувања. Од тогаш до денес ВМРО-ДПМНЕ победува на уште три изборни циклуси, на предвремените парламентарни избори во 2008, 2011 и во 2014. На предвремените парламентарни избори во 2008 година заедно со коалицијата „За подобра Македонија" освојува рекордни 63 пратенички места. На предвремените парламентарни избори во 2011 заедно со коалицијата оваа партија освојува вкупно 56 пратенички места. ВМРО-ДПМНЕ во последниот состав на Собранието имаше 52 пратеници, а заедно со коалициските партнери имаа 61 пратеник од вкупно 123 места во Собранието.

Од основањето до 2003 година претседател на ВМРО-ДПМНЕ е Љубчо Георгиевски. На партискиот Конгрес во мај 2003 година Георгиевски поднесува оставка, а на негово место е избран Никола Груевски, која ја води партијата до денес. Груевски од 2006 година па сè до јануари 2016 г. беше Претседател на Владата на Република Македонија.

Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ ја има власта и на локално ниво. По последните локални избори во 2013[83] нејзините кандидати се на чело на 57 од вкупно 80 општини и Градот Скопје.




Коалицијата „За подобра Македонија" предводена од ВМРО-ДПМНЕ е составена од 24 партии: Социјалистичка партија на Македонија (СПМ), Демократска партија на Србите во Македонија (ДПСМ), Сојуз на Ромите од Македонија (СРМ), Партија на правдата, Граѓанска опција за Македонија – ГРОМ, Странка на демократска акција на Македонија (СДАМ), Партија на Власите од Македонија, Партија за интеграција на Ромите (ПИР), Работничко земјоделска партија на Република Македонија, Трајно македонско радикално обединување, Македонска акција (МААК), Нова либерална партија, Партија на обединетите демократи на Македонија, Македонска алијанса, Демократска партија на Турците на Македонија, ВМРО-ДП (ВМРО-Демократска партија), Демократска бошњачка партија, Демократска партија на Ромите, Социјалдемократска унија, Роми обединети од Македонија, Сојуз на Титови леви сили, Обединета партија за еднаквост на Ромите, Движење на национално единство на Турците, Демократски сили на Ромите.

За овие избори, коалицијата „За подобра Македонија" предводена од ВМРО-ДПМНЕ поднесе свои кандидатски листи во сите седум изборни единици.

[82] Логоата на партиите и фотографиите на носителите на кандидатските листи се преземени од интернет-страниците на соодветните партии, одредените јавни институции и од официјалните Фејсбук профили на кандидатите. За сите логоа и фотографии како извор е користен интернет.

[83] Конечни резултати од локални избори 2013, Државна изборна комисија, 1 мај 2013. Пристапено на http://217.16.84.17/Results.aspx?RaceID=1&UnitID=1&IsPS=0&Turnout=0&LangID=1 (последна посета: 3 април 2014).

**ВМРО-ДПМНЕ**
ул. Македонија 17а
1000 Скопје
contact@vmro-dpmne.org.mk
www.vmro-dpmne.org.mk

## НОСИТЕЛИ НА КАНДИДАТСКИ ЛИСТИ НА ВМРО-ДПМНЕ И КОАЛИЦИЈАТА ЗА „ЗА ПОДОБРА МАКЕДОНИЈА"



**ИЕ 1 – Никола Попоски** е актуелен заменик на Претседателот на Владата и министер за надворешни работи. Во минатото извршувал низа функции во европски институции и установи, а од 2010 до 2011 е назначен за амбасадор, шеф на Мисијата на РМ при Европската Унија. Од 2004 година е магистер по странски јазици и меѓународна трговија на Универзитетот во Рен, Франција и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а од 2005 и по Европски економски студии на Колеџот на Европа во Бриж, Белгија. Роден е 1977 во Скопје. Попоски на предвремените парламентарни избори во 2014 беше носител на кандидатската листа во ИЕ 6.



**ИЕ 2 – Никола Тодоров** е заменик на Претседателот на Владата и министер за здравство во Владата на РМ и член на ИК на ВМРО-ДПМНЕ. Од 2006 година извршува низа функции во јавни претпријатија, а од 2009 до 2011 е министер за образование и наука во Владата на РМ. Од 2011 е назначен за министер за здравство. Дипломирал на Правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Роден е 1979 во Скопје. Тодоров на предвремените парламентарни избори во 2014 беше носител на кандидатската листа во ИЕ 3.



**ИЕ 3 – Илија Димовски** е координатор на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ во Собранието на Република Македонија. Својот прв мандат во Собранието го доби во 2006 година. Ова е негов четврти мандат. Роден е 1980 година во Велес. Дипломирал на Правниот факултет ,,Јустинијан I" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.



**ИЕ 4 – Никола Груевски** беше Претседател на Владата на Република Македонија (РМ) до јануари 2016 г., кога во согласност со Договорот од Пржино поднесе оставка. Претседател е на ВМРО-ДПМНЕ. На функцијата Претседател на Владата дојде по победата на парламентарните избори во 2006 година. Груевски во политичкиот живот е присутен од 1998 до 1999 година, кога ги извршува функциите министер без ресор и министер за трговија. Во периодот од 1999 до 2002 е гувернер на РМ во Светска банка и Европската банка за обнова и развој, а потоа и министер за финансии. Избран е за пратеник во Собранието во составот од 2002 до 2006, а од 2003 е лидер на ВМРО-ДПМНЕ. Роден е 1970 година во Скопје. Груевски од 2006 година е магистер по економски науки на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, а дипломирал на Економскиот факултет – Прилеп при Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола.



**ИЕ 5 – Антонио Милошоски** е пратеник и потпретседател на Собранието на Република Македонија. Во периодот од 1999 до 2000 година е шеф на кабинетот на потпретседателот на Владата на РМ, Доста Димовска, а од 2000 до 2001 е портпарол на Владата. На изборите во 2006 година е избран за пратеник во Собранието на РМ. Веднаш потоа е назначен за министер за надворешни работи, функција која ја извршува до 2011 година, кога по парламентарните избори поднесува оставка од функцијата минис-

тер и се враќа во Парламентот. Милошоски од 2002 година е магистер по евроинтеграција на Универзитетот Фридрих Вилхелм во Бон, Германија. Дипломирал на Правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Роден е 1976 година во Тетово. Беше носител на изборната листа во ИЕ 5 и на парламентарните избори во 2006, 2008, 2011 и во 2014.



**ИЕ 6 – Владимир Ѓорчев** е пратеник во Собранието на Република Македонија од 2006 година, а ова е негов четврти мандат. Роден е 1978 година во Скопје. Дипломирал политички студии на Правниот факултет ,,Јустинијан I" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. На парламентарните избори во 2006, 2008 и 2011 беше носител на листа во ИЕ 3.



**ИЕ 7 – Рамазан Мифтароски**[84] по потекло е од Дебарско Могорче. Живее во Венеција, Италија.

[84] За овој кандидат за пратеник во Собранието од ИЕ 7 не можат да се најдат повеќе биографски информации од наведените.

## ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА АЛБАНЦИТЕ

PDSH
PARTIA DEMOKRATIKE SHQIPTARE

Демократската партија на Албанците е основана во јуни 1997 година со обединувањето на Партијата за демократски просперитет на Албанците (ПДПА) и Народната демократска партија (НДП). ПДПА е основана во 1994 година, откако радикалното крило на Партијата за демократски просперитет (ПДП), Арбен Џафери и Мендух Тачи, ја напушти матичната партија. ДПА се декларира како партија десно од центарот и се залага за поголеми права на Албанците во Македонија и за редефиниција на уставната рамка поставена со Охридскиот рамковен договор. Претседател на ДПА е Мендух Тачи, кој на оваа функција е избран на 30 јуни 2007 година. Тачи стапува на оваа функција по оставката на претходниот претседател Арбен Џафери.

На изборите во 1998 година ДПА освои 11 пратенички места и стана дел од Владата на РМ предводена од ВМРО-ДПМНЕ. За време на конфликтот во 2001 година, ДПА останува дел од Владата на широка коалиција која подоцна го потпишува Рамковниот договор. Потписник на Рамковниот договор од страната на ДПА е нејзиниот тогашен претседател Арбен Џафери. По расформирањето на таа Влада, ДПА останува во владината коалиција. На следните парламентарни избори во 2002 година ДПА освои 5,2 % од гласовите и 7 мандати и станува опозиција во Собранието. ДПА повторно се враќа на власт кога по изборите во 2006 година успешно ги завршува преговорите со ВМРО-ДПМНЕ, која го имаше добиено мандатот за формирање на Влада. На овие избори ДПА имаше освоено 7,5 % од гласовите и 11 мандати, што беше помалку од мандатите на ривалската ДУИ. На предвремените избори во 2008 година, ДПА повторно добива 11 мандати. По предвремените парламентарни избори во 2008 година најголемата парламентарна партија ВМРО-ДПМНЕ го прекинува традиционалното партнерство со ДПА и формира коалиција со најголемата албанска партија во Парламентот, ДУИ. На предвремните парламентарни избори во

2011 година ДПА освојува 8 мандати. Во последниот состав на Парламентот ДПА имаше 7 пратеници.

На локално ниво по последните локални избори во 2013 партијата има еден градоначалник од вкупно 80 општини и Градот Скопје.

За овие избори, партијата поднесе свои кандидатски листи во пет изборни единици, односно во ИЕ 1, ИЕ 2, ИЕ 3, ИЕ 5 и ИЕ 6.

**Демократска партија на Албанците**
Плоштад Илирија 15/1
1200 Тетово
info@gurra-pdsh.org
www.pdsh.info

## НОСИТЕЛИ НА КАНДИДАТСКИ ЛИСТИ НА ДПА



**ИЕ 1 – Идриз Орана**[85] по професија е доктор. Исто така, ја извршува и функцијата член на Советот на Град Скопје.



**ИЕ 2 – Орхан Ибраими** е пратеник во последниот состав на Собранието, а воедно и заменик-координатор на пратеничката група на ДПА. Роден е 1964 г. во с. Опае, Липково. Дипломирал на Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола.

[85] За овој кандидат за пратеник во Собранието од ИЕ 1 не можат да се најдат повеќе биографски информации од наведените.



**ИЕ 3 – Сами Рушиди**.[86]



**ИЕ 5 – Адриан Усеини**[87] по професија е адвокат. Роден е во с. Долгожди, Струшко.



**ИЕ 6 – Мендух Тачи** е пратеник во последниот состав на Собранието на РМ и е претседател на ДПА. Тачи е пратеник во Собранието од 2002 година. Од 1997 до 2006 година тој е потпретседател на партијата, а по повлекувањето на нејзиниот лидер, Арбен Џафери, станува претседател на ДПА. Дипломирал стоматологија на Медицинскиот факултет на Универзитетот во Приштина, Косово. Повеќе изборни циклуси за пратеници во Собранието Тачи е носител на кандидатската листа на партијата во ИЕ 6.

[86] За овој кандидат за пратеник во Собранието од ИЕ 3 не можат да се најдат основни биографски податоци.
[87] За овој кандидат за пратеник во Собранието од ИЕ 5 не можат да се најдат повеќе биографски податоци од наведените.

## ДЕМОКРАТСКА УНИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА

Демократската унија за интеграција произлезе од поранешните припадници на поранешната Ослободителна народна армија (ОНА), која го започна вооружениот конфликт во 2001 година. Идеолошки, ДУИ се декларира како лево-центристичка партија која се залага за поголеми права на Албанците и за спроведување на Охридскиот рамковен договор. Партијата е формирана во 2002 година и за првпат настапува на парламентарните избори истата година каде освојува најголем број гласови меѓу етничкиот албански електорат, при што обезбедува вкупно 16 пратенички места и станува дел од Владата предводена СДСМ. Од нејзиното основање до денес претседател на партијата е Али Ахмети. ДУИ беше дел од Владата од 2002 до 2006, при што беше претставена со најголем број министри што една албанска партија ги имала во Владата на РМ. На парламентарните избори во 2006 година, ДУИ повторно освои најголем број гласови меѓу албанскиот електорат (12,2 %) и 17 пратенички места, но по неуспешните преговори со ВМРО-ДПМНЕ не беше вклучена во тогашната владина коалиција. Како резултат на ова ДУИ ја бојкотираше работата на Собранието во поголем период од 2006 до 2008 година, кога беа распишани предвремени парламентарни избори. На парламентарните избори во 2008 година ДУИ освои 12,8 % од гласовите и 18 пратенички места, и како најголема политичка партија со која се претставени етничките Албанци влезе во Владата на чело со Никола Груевски. На наредните парламентарни избори во 2011 година ДУИ повторно е трета по големина партија во Македонија освојувајќи 14 пратенички места. На парламентарните избори во 2014 година ДУИ освои 19 пратенички места и формираше Влада заедно со ВМРО-ДПМНЕ.

На локално ниво по последните локални избори во 2013 ДУИ има 14 градоначалници од вкупно 80 општини и Градот Скопје.

За овие избори, партијата поднесе свои кандидатски листи во сите седум изборни единици.

**Демократската унија за интеграција**
ул. Мала Речица
1200 Тетово
тел: 044 334 398
press@bdi.mk
www.bdi.mk

## НОСИТЕЛИ НА КАНДИДАТСКИ ЛИСТИ НА ДУИ



**ИЕ 1 – Артан Груби** е пратеник во последниот состав на Собранието на РМ. Роден е 1977 г. во Скопје. Магистер е по медиуми и комуникации и докторант по политички науки.



**ИЕ 2 – Ејуп Аљими** е државен секретар во Секретаријатот за имплементација на Охридскиот рамковен договор. Од 2005 до 2009 година извршува функција советник во Советот на Општина Чаир. Ги има извршувано функциите координатор на Групата советници на ДУИ и претседател на Комисијата за меѓународни односи. Роден е 1980 г. во с.Танушевци, Скопје. Дипломирал на Правниот факултет на Државниот универзитет во Тетово.



**ИЕ 3 – Нафи Дурмиши**[88] студира на Медицинскиот факултет во Тетово. По потекло е од велешкиот регион.

88 За кандидатите за пратеник во Собранието од ИЕ 3, ИЕ 4, ИЕ 5 и ИЕ 7 не можат да се најдат повеќе биографски податоци од наведените.



**ИЕ 4 – Артин Спахију** е директор на Домот на културата во Дебар. Роден е во Дебар. Студирал на Државниот универзитет во Тетово.



**ИЕ 5 – Агим Шаќири** потекнува од Лабуништа, Струшко.



**ИЕ 6 – Али Ахмети** е пратеник во последниот состав на Собранието на РМ и е лидер на ДУИ. Тој е лидер на ДУИ уште од нејзиното основање во 2002 година. Во конфликтот во 2001 година беше врховен командант и политички лидер на Ослободителната народна армија (ОНА). Во 1983 година дипломирал филозофија на Универзитетот во Приштина, Косово. Роден е 1959 година во с. Зајас, Кичевско. Ахмети шести пат е носител на кандидатска листа во ИЕ 6.



**ИЕ 7 – Џевдет Спахиу** е бизнисмен кој работи и живее во Цирих, Швајцарија.

## СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА

Социјалдемократскиот сојуз на Македонија се декларира како партија лево од центарот, со социјалдемократска идеолошка провиниенција. Таа, во моментот, е втора партија по големина во Македонија. Основана е на Конгрес на 21 април 1991 година како правен наследник на Сојузот на комунистите на Македонија – Партија за демократска преобразба (СКМ-ПДП). Истата година партијата го менува името во СДСМ и идеологијата од комунистичка во социјалдемократска. Учествувала на сите парламентарни и локални избори од осамостојувањето до денес. Во 1992 година, по распуштањето на првата експертска Влада, СДСМ, иако нема мнозинство во Собранието, добива мандат и ја формира првата политичка Влада на Република Македонија. Во периодот од 1994 до 1998 партијата го има и мнозинството во Собранието кога заедно со своите коалициски партнери на изборите во 1994 година освои 85 пратенички места, но потоа на парламентарните избори во 1998 ја губи власта освојувајќи 27 пратенички места. СДСМ е најголемата опозициска партија до 2002 година, кога повторно победува на изборите со освоени 60 пратенички места заедно со своите коалициски партнери и останува на власт до следните парламентарни избори во 2006 година. На парламентарните избори во 2006 година коалицијата на СДСМ освојува 32 пратенички места. Од тогаш до денес СДСМ е во опозиција, откако губи на уште три изборни циклуси, во 2008, 2011 и во 2014 година. На предвремените парламентарни избори во 2008 година заедно со коалицијата освојува 27 пратенички места, а на предвремените парламентарни избори во 2011 година СДСМ со коалицијата освојува 42 пратенички места. На последните парламентарни избори во 2014 година, СДСМ освои 27 пратенички места, а коалицијата вкупно 34 пратенички места.

Претседател на партијата од осамостојувањето на државата и трансформацијата од СКМ-ПДП во СДСМ во 1991 па сè до 2004 година е Бранко Црвенковски. Се повлекува од оваа позиција поради победата на вонредните претседателски избори во 2004 година и станува Претседател на РМ. На вонреден Конгрес на СДСМ во ноември 2004 за прет-

седател е избран Владо Бучковски, кој ја води партијата до поразот на изборите во 2006. По изборите на Бучковски му е изгласана недоверба и на вонреден Конгрес во ноември 2006 година за претседател е избрана Радмила Шекеринска. На позицијата претседател на СДСМ Радмила Шекеринска се задржува до јуни 2008 година, кога поднесува неотповиклива оставка поради поразот на предвремените парламентарни избори. Во септември 2008 година на 8. Конгрес на оваа партија за в.д. претседател е избран Зоран Заев. Во 2009 година по истекувањето на претседателскиот мандат на партиски Конгрес повторно на чело на СДСМ се враќа Бранко Црвенковски. Тој е партиски лидер до 2013, кога се повлекува од позицијата, а на негово место повторно е избран актуелниот претседател на партијата, Зоран Заев.

Партијата е во опозиција и на локално ниво. По последните локални избори во 2013, СДСМ ја има власта во 4 од вкупно 80 општини и Градот Скопје.

ЗА ЖИВОТ ВО МАКЕДОНИЈА

Коалицијата на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ) предводена од СДСМ е составена од 13 партии: Нова социјалдемократска партија (НСДП), Либерално демократска партија (ЛДП), Партија за движење на Турците во Македонија (ПДТ), Нова алтернатива (НА), Демократски сојуз на Власите од Македонија (ДСВМ), Српска странка во Македонија (ССМ), Партија за економски промени („ПЕП 21"), Партија на обединети пензионери и граѓани на Македонија (ПОПГМ), Партија за европска иднина (ПЕИ), Алијанса за позитивна Македонија (АПМ), Демократска обнова на Македонија (ДОМ), Српска напредна странка во Македонија (СНСМ) и Партија за целосна еманципација на Ромите (ПЦЕР).

За овие избори, партијата поднесе свои кандидатски листи во сите седум изборни единици.

**Социјалдемократски сојуз на Македонија**
ул. Бихаќка бр.8
1000 Скопје, Република Македонија
web@sdsm.org.mk
www.sdsm.org.mk

## НОСИТЕЛИ НА КАНДИДАТСКИТЕ ЛИСТИ НА КОАЛИЦИЈАТА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА



**ИЕ 1 – Стево Пендаровски** е вонреден професор на Факултетот за политички науки при Универзитетот Американ колеџ Скопје. Во 90-тите години на минатиот век работи како помошник министер за внатрешни работи и началник на Управата за аналитика и истражување во МВР. Во периодот 2004/2005 е претседател на Државната изборна комисија, а во периодите 2001 – 2004 и 2005 – 2009 е советник за национална безбедност и надворешна политика на двајца претседатели. Во 2014 беше кандидат за претседател на РМ од СДСМ. Роден е 1963 година во Скопје. Дипломирал на Правниот факултет „Јустинијан I" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј". На истиот Универзитет завршува и магистерски и докторски студии.



**ИЕ 2 – Оливер Спасовски** е генерален секретар на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија. Во согласност со Договорот од Пржино, Спасовски е назначен за министер за внатрешни работи во Владата која е задолжена за организирање на предвремените парламентарни избори во 2016 г. Спасовски беше избран за пратеник во Собранието во два мандата (2006– 2008 и 2011 – 2014). Роден е 1976 година во Куманово. Дипломирал и магистрирал на Правниот факултет „Јустинијан I" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.



**ИЕ 3 – Љупчо Николовски** е шеф на кабинетот на претседателот на СДСМ и член на извршниот одбор на СДСМ. Во согласност со Договорот од Пржино, Николовски е назначен за дополнителен заменик-министер за земјоделство, шумарство и водостопанство во Владата задолжена за организирање на предвремените парламентарни избори во 2016 г. Роден е 1983 г. во Крива Паланка, а дипломирал на Правниот факултет ,,Јустинијан I" при Универзитетот

„Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во моментов е и магистрант на истиот факултет по административно право и јавна администрација.



**ИЕ 4 – Зоран Заев** е претседател на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и градоначалник на Струмица. Со победата на локалните избори во 2013 година го започна својот трет мандат како градоначалник на градот. Во периодот од 2003 до 2005 година беше пратеник на Собранието на Република Македонија. Претседател на СДСМ е од 2013 година. Роден е 1974 година во Струмица. Дипломирал на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а на истиот факултет во моментов е запишан на постдипломски студии по монетарна економија и финансии.



**ИЕ 5 – Радмила Шекеринска** е заменик-претседател на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија. Во текот на нејзината политичка кариера, Шекеринска беше избрана за пратеник во четири мандати (1998 – 2002, 2006 – 2008, 2008 – 2011 и 2011 – 2014). Од 2002 до 2006 беше заменик-претседател на Владата на Република Македонија задолжена за европска интеграција и координатор за странска помош. Од 2006 до 2008 беше претседател на СДСМ. Родена е 1972 година во Скопје. Дипломирала на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Магистер е по меѓународни односи на Флечер школата за право и дипломатија, на Универзитетот Тафтс, САД.



**ИЕ 6 – Петре Шилегов** е пратеник и портпарол на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија. На парламентарните избори во 2014 беше носител на ИЕ 2 и беше избран за пратеник со Собранието. Роден е 1969 година во Скопје. Дипломирал на Правниот факултет ,,Јустинијан I“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Пред извршувањето на функцијата пратеник, Шилегов има работено и како адвокат.




**ИЕ 7 – Блажо Стојанов**[89] е претседател на партиската организација во Локарно, Швајцарија.

89 За кандидатот за пратеник во Собранието од ИЕ 7 не можат да се најдат повеќе биографски податоци од наведените.

## КОАЛИЦИЈА ЗА ПРОМЕНИ И ПРАВДА – ТРЕТ БЛОК (ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ, ФРОДЕМ, ДЕМОС И МОРО-РП)

Коалицијата за ПРОМЕНИ и ПРАВДА – ТРЕТ БЛОК е составена од четири политички субјекти, Демократски сојуз (ДС), Фронт за демократска Македонија (ФРОДЕМ), ДЕМОС и МОРО-Работничка партија, а е предводена од Демократскиот сојуз на Павле Трајанов. Формирана е 2016 г. непосредно пред одржувањето на предвремените парламентарни избори во 2016. Оваа коалиција се залага за борба против криминалот, стабилизација на економијата, намалување на сиромаштијата, спречување на иселувањето на младите.

За овие избори Коалицијата за ПРОМЕНИ и ПРАВДА поднесе кандидатски листи за пратеници во шест изборни единици.

**Демократски сојуз**
ул. Стале Попов 9 лок. 4
1000 Скопје
demokratskisojuz@ymail.com
www.demokratskisojuz.org.mk

## НОСИТЕЛИ НА КАНДИДАТСКИТЕ ЛИСТИ НА КОАЛИЦИЈАТА ЗА ПРОМЕНИ И ПРАВДА

ИЕ 1 – Павле Трајанов
ИЕ 2 – Јове Кекеновски
ИЕ 3 – Весна Стоименовска
ИЕ 4 – Слободан Богоевски
ИЕ 5 – Александар Делов
ИЕ 6 – Бранко Мајсторовски

## ПАРТИЈА ЗА ДЕМОКРАТСКИ ПРОСПЕРИТЕТ

Партијата за демократски просперитет (ПДП) е најстарата партија на Албанците во Македонија, основана 1990 година и функционираше до парламентарните избори во 2011 година кога се припои кон ДПА. Партијата е реактивирана во јануари 2014 г., а на нејзиното чело е Абдулади Вејсели, пратеник во три поранешни состави на Собранието. Во деведесеттите години на минатиот век ПДП беше најголемата парламентарна партија која ги претставуваше Албанците во Македонија и неколку пати беше коалициски партнер во владите на СДСМ. По отцепувањето на т.н. радикално крило од партијата во 1994 година, од кое се формира ДПА, ПДП се смета за умерена политичка партија. ПДП се залага за целосна рамноправност на Албанците на политички, економски, социјален и културен план во Македонија, за нивниот национален јазик, хармонични меѓуетничките односи засновани на демократските принципи на еднаквост и вистинска правда. Слоганот на ПДП за овие избори гласи „Гордост и достоинство".

За овие избори, партијата поднесе листа само во една изборна единица, ИЕ 6.

**Партија за демократски просперитет**
ул. Караорман бр. 62
1200 Тетово
https://www.facebook.com/PPDzyrtare/?ref=br_rs

## НОСИТЕЛ НА КАНДИДАТСКА ЛИСТА НА ПДП

ИЕ 6 – Абдулади Вејсели

## КОАЛИЦИЈА „АЛИЈАНСА ЗА АЛБАНЦИТЕ“ (ДР-ДПА, УНИТЕТИ, НДП)

Коалцијата „Алијанса за Албанците“ е составена од политичките партии Движењето за реформи на ДПА, Унитети и НДП. Конвенцијата за промоција на коалицијата се одржа во Гостивар. Коалицијата е предводена од лидерот на Движењето за реформи на ДПА, Зијадин Села, претседателот на Национал демократската преродба, Весел Мемеди, и претседателот на Унитети, Гзим Острени. Главните заложби на коалицијата се за целосна рамноправност на Албанците во Македонија, албанскиот јазик да стане официјален јазик во Македонија, правилна распределба на буџетот и со устав регулирано постоењето на СЈО.

Коалицијата поднесе кандидатски листи за четири ИЕ.

**Коалиција „Алијанса за Албанците“ (ДР-ДПА, Унитети, НДП)**
www.uniteti.org
www.rdk.org.mk
https://www.facebook.com/aleancaper?fref=ts

## НОСИТЕЛИ НА КАНДИДАТСКИ ЛИСТИ НА КОАЛИЦИЈА „АЛИЈАНСА ЗА АЛБАНЦИТЕ“

ИЕ 1 – Зулфи Адили
ИЕ 2 – Нецмедин Садику
ИЕ 5 – Сурија Рашиди
ИЕ 6 – Зијадин Села

## ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА

Либералната партија е основана во 1990 г. и претставува една од постарите политички партии во Македонија. Има центристички карактер со либерална ориентација. Во првите неколку години по осамостојувањето на Македонија ЛП коалицираше со СДСМ, СПМ и ПДП. Во 1997 г. ЛП се обедини со Демократската партија (ДП) формирајќи ја Либерално демократската партија, со која опстојуваа сè до 1999 г. Од 1999 г. до 2008 г., ЛП коалицираше со ВМРО-ДПМНЕ. Претседател на партијата е Ивон Величковски, кој беше избран во рамките на Десетиот партиски конгрес во 2011 г. ЛП како партија за залага за реформски либерализам според социјал-либерална платформа. Во фокусот се демократијата и плурализмот, пазарната економија и владеење на правото кое гарантира остварување на човековите и граѓанските права и слободи.

На овие избори ЛП поднесе кандидатски листи за пратеници во пет изборни единици во Македонија, односно во ИЕ 1, ИЕ 2, ИЕ 3, ИЕ 4 и ИЕ 5.

**Либерална партија**
ул. Јуриј Гагарин 67Б
1000 Скопје
info@lp.org.m
www.lp.org.mk

## НОСИТЕЛИ НА КАНДИДАТСКИТЕ ЛИСТИ НА ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА

ИЕ 1 – Ивон Величковски
ИЕ 2 – Кире Бузлиев
ИЕ 3 – Данчо Марковски
ИЕ 4 – Даница Јованова
ИЕ 5 – Кице Мицковски

## КОАЛИЦИЈА „ВМРО ЗА МАКЕДОНИЈА“

„ВМРО за Македонија“ е коалиција од политичките партии ВМРО-Народна партија, Обединети за Македонија и Достоинство. Коалицијата е предводена од лидерите на трите политички партии, односно Љубчо Георгиевски, лидер на ВМРО-Народна партија, Љубе Бошковски, лидер на Обединети за Македонија и Стојанче Ангелов, лидер на Достоинство. Идеолошката поставеност е центар-десничарка. Главни цели на коалицијата се демократизирање на Македонија, владеење на правото со независни обвинители и судство, економски напредок, влез во ЕУ и во НАТО.

За овие избори, коалицијата поднесе кандидатски листи во сите седум изборни единици.

**Коалиција „ВМРО за Македонија“**
www.facebook.com/vmrozamakedonija2016/
www.vmro-np.org.mk
www.facebook.com/obedinetiza.makedonija/
www.facebook.com/dostoinstvo1/

## НОСИТЕЛИ НА КАНДИДАТСКИ ЛИСТИ НА КОАЛИЦИЈА „ВМРО ЗА МАКЕДОНИЈА“

ИЕ 1 – Данаил Дончев
ИЕ 2 – Љупчо Балковски
ИЕ 3 – Стојанче Ангелов
ИЕ 4 – Љубчо Георгиевски
ИЕ 5 – Љубе Бошкоски
ИЕ 6 – Зоран Велковски
ИЕ 7 – Стојадин Наумовски

## ДВИЖЕЊЕ БЕСА

Политичката партија Движење БЕСА е основана на 23 март 2015 г. во Скопје. Движење Беса има за цел да ги промовира интересите на сите граѓани, а особено на Албанците. Основните определби се базираат на рамноправност, правда, слобода и благосостојба. Движењето тргнува од асиметричната поставеност на државата кон народите во неа. Наместо асиметричност државата треба да се заснова врз: принципите на слобода, еднаквост, правда, благосостојба, борба против корупција. За постигнување на овие цели Беса е залага за промена на функционирање на системот во земјата, развивање на универзалните вредности на хуманизмот, подобрување на демократијата во земјата, елиминирање на секаков вид дискриминација, изградба на правна држава итн. Оваа партија за прв пат ќе учествува на парламентарните избори.

За овие избори Беса поднесе кандидатски листи во четири изборни единици, и тоа за ИЕ 1, ИЕ 2, ИЕ 5 и ИЕ 6.

**Движење Беса**
бул. Крсте Мисирков бр. 7 локал 68 А
1000 Скопје
kontakt@levizjabesa.mk
www.levizjabesa.mk

## НОСИТЕЛИ НА КАНДИДАТСКИ ЛИСТИ НА ДВИЖЕЊЕ БЕСА

ИЕ 1 – Зеќирија Ибрахими
ИЕ 2 – Африм Гаши
ИЕ 5 – Арбен Лабеништи
ИЕ 6 – Билал Касами

## ЛЕВИЦА

Левица е нова политичка партија основана на крајот на 2015 г. Партијата има изразено левичарска идеологија и се залага за левичарски вредности, меѓу кои антикапитализам, антинационализам, антимилитаризам и анти-клерикализам и антиконзервативизам. Во фокусот на партијата се работничките и основните човекови права, а како партија се залага, пред сѐ, за сиромашните, непривилегираните, маргинализираните, обесправените. Оваа партија за прв пат ќе учествува на едни избори на територијата на Р. Македонија.

Левица поднесе свои кандидатски листи во пет изборни единици, односно во ИЕ 1, ИЕ 2, ИЕ 3, ИЕ 4 и ИЕ 5.

**Левица**
ул. Ѓуро Ѓаковиќ бр. 20, влез 1, кат 3, локал бр.12
1000 Скопје
contact@levica.mk
www.levica.mk

## НОСИТЕЛИ НА КАНДИДАТСКИ ЛИСТИ НА ЛЕВИЦА

ИЕ 1 – Димитар Апасиев
ИЕ 2 – Трајче Стојанов
ИЕ 3 – Марија Џонс
ИЕ 4 – Митко Николов
ИЕ 5 – Здравко Савески

# ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2016 ГОДИНА - РЕЗУЛТАТИ, КАМПАЊА, ОЦЕНКИ

## ВОВЕД

На 11 декември 2016 г. се одржаа осмите по ред парламентарни избори од независноста на Република Македонија, кои истовремено беа и четврти по ред предвремени парламентарни избори. На овие избори право на глас имаа вкупно 1 784 416 гласачи, од кои 20 573 гласачи од дијаспората. Болните, немоќните лица, лицата во домашен притвор и затворениците во казнено-поправните установи гласаа еден ден претходно, односно на 10 декември. Гласањето во дипломатско-конзуларните претставништва се одржа на 7 декември. Излезноста на изборите изнесуваше 66,79 % или 1 191 852 гласачи споредено со 63 % излезност на парламентарните избори во 2014 г. Во дијаспората излезноста беше 40 % или 8 232 гласачи.

На овие избори учествуваа 11 политички субјекти, односно пет коалиции и шест политички партии со 58 листи на кандидати и тоа: коалиција „За подобра Македонија" предводена од ВМРО-ДПМНЕ, коалиција предводена од СДСМ, „Коалиција за промени и правда – Трет блок", коалиција „ВМРО за Македонија", коалиција „Алијанса за Албанците", Демократска партија на Албанците, Демократска унија за интеграција, Партија за демократски просперитет, Либерална партија, Движење БЕСА и Левица.

Според ДИК, парламентарните избори ги набљудуваа вкупно 7 605 акредитирани домашни и 642 странски набљудувачи, 354 преведувачи и 98 акредитирани странски новинари. Генералната оцена на набљудувачите беше дека изборите биле спроведени мирно, но со регистрирани одредени нерегуларности во текот на изборниот процес. Главните забелешки на набљудувачите се однесуваа на вршење притисок врз гласачите, непочитување на тајноста на гласањето, групно гласање итн.[90]

Изборите резултираа со драстични промени во распределбата на мандати помеѓу учесниците. Коалицијата „За подобра Македонија",

90 Меѓународна набљудувачка мисија за избори на ОБСЕ/ОДИХР, Република Македонија, Предвремени парламентарни избори, 11 декември 2016, Изјава за првичните наоди и заклучоци. Пристапено на: http://www.osce.org/mk/odihr/elections/fyrom/288296?download=true (последна посета: 30 декември 2016).

предводена од ВМРО-ДПМНЕ, во следниот состав на Собранието ќе има 51 пратеник за сметка на 61 досега, а ДУИ ќе има 10 пратеници за разлика од 19 во последниот состав. За сметка на ослабувањето на владејачките, опозициските партии/коалиции по овие избори ќе бидат многу повеќе застапени во Собранието отколку во последниот состав. Коалицијата на СДСМ освои 49 пратенички места, односно 15 места повеќе од последниот парламентарен состав кога имаше 34 пратеници. ДПА сега ќе има 2 пратеника, односно 5 помалку отколку во последниот состав кога имаше 7 пратенички места. Новитет на овие избори беа новоформираните албански партии и коалиции – Движење БЕСА и коалиција „Алијанса за Албанците", кои за прв пат ќе влезат во Собранието. Движењето БЕСА освои 5 мандати, а коалицијата „Алијанса за Албанците" 3 мандати. Другите партии и коалиции учеснички на овие избори, односно „Коалицијата за промени и правда – Трет блок", Партијата за демократски просперитет, Либералната партија, коалицијата „ВМРО за Македонија" и Левица не освоија доволно гласови за да обезбедат свој претставник во Собранието. На овие избори поради недоволниот број гласови ниту еден кандидат за пратеник од дијаспората не обезбеди мандат во Собранието. Во дијаспората најголем број гласови освои коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ – 5 044.

Во продолжение на овој прирачник следува подетален осврт на изборната кампања, приходите и трошоците на партиите и коалициите за време на изборната кампања, известувањето на медиумите, резултатите од изборите, почитувањето и заштитата на избирачките права, оцена на изборите од набљудувачите и од политичките партии, како и сумарни заклучоци за целокупниот изборен циклус.

## ИЗБОРНА КАМПАЊА

Кампањата за предвремените парламентарни избори официјално започна на 21 ноември и траеше до 9 декември. Поради изборниот молк, партиите мораа да ги запрат кампањите на 10 декември. Партиите во голема мера ги користеа вообичаените методи за промоција, како митинзи, средби со граѓани, кампања „од врата на врата," телевизиски реклами, а беше забележана и сè поголема застапеност на социјалните медиуми. И покрај тоа што голем дел од кандидатите водеа позитивна кампања, заострената и негативна реторика не изостана и овој пат. Во фокусот на кампањата беше прашањето за политичката криза во Македонија, федерализацијата на Македонија и двојазичноста, иселувањето на младите, отворање работни места, економијата.

Според набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР,[91] во текот на изборната кампања партиите имаа можност слободно да ги водат своите кампањи, при што слободата на здружување, собирање и изразување беше почитувана. Сепак, и покрај тоа заклучоците се дека за време на кампањата беа регистрирани одреден број на инциденти како наводи за заплашување на гласачи, притисок врз државните службеници, врз поединци и нивните семејства, злоупотреба на административни ресурси, купување гласови во ромската заедница. Во албанскиот блок, кампањата се водеше уште поинтензивно со заострена реторика. Исто така, набљудувачите на ОБСЕ забележаа и случаи на насилно однесување и тоа вандализирање на партиски штабови, уништени билборди, оштетени автомобили на членови на политички партии.

Интересно е тоа што во оваа кампања двете најголеми партии во македонскиот блок ги заменија своите препознатливи партиски бои. Владејачката ВМРО-ДПМНЕ за овие избори ја презеде небесно сината боја во комбинација со бели и портокалово-црвени мотиви, додека СДСМ настапи со црвена боја комбинирана со бели мотиви. Со ваквото ребрендирање партиите ги презедоа боите кои се традиционално поврзани со нивната идеолошка определба и кои доминираат и во нивните европски сестрински партии. Во Европа сината боја традиционално се смета за боја на конзервативните десно-центристички партии, додека црвената боја традиционално е боја на социјалдемократите.[92]

---

91 Меѓународна набљудувачка мисија за избори на ОБСЕ/ОДИХР, Република Македонија, Предвремени парламентарни избори, 11 декември 2016, Изјава за првичните наоди и заклучоци. Пристапено на: http://www.osce.org/mk/odihr/elections/fyrom/288296?download=true (последна посета: 19 декември 2016).

92 ВМРО-ДПМНЕ се ребрендираше во сино-бела боја, еве зошто? Журнал, 23 ноември 2015. Пристапено на: http://zurnal.net/?p=11650 (последна посета: 22 декември 2016).

Како дел од кампањата, освен редовните медиумски гостувања и дискусии, се одржаа и неколку дебатни соочувања меѓу носителите на листи. Такви беа дебатите меѓу дел од носителите на листи во ИЕ 1 на ТВ21 и на телевизија Алсат-М, меѓу носителите на листи во ИЕ 2 и во ИЕ 3 на ТВ21, како и меѓу носителите на листи од албанските партии.

Коалицијата „За подобра Македонија", предводена од ВМРО-ДПМНЕ, на овие избори ја водеше кампањата под слоганот „Знаеш што е подобро! За тебе! За Македонија!". Во рамките на изборната кампања, партијата ја промовираше својата изборна програма за периодот 2017-2020 со наслов „Реално! Работа, сигурност, напредок!".[93] Во програмата, претставена на околу 500 страници и во 17 поглавја, беа опфатени проекти и мерки од разни области со кои, меѓу другото, се предвидува отворање на нови 70 000 работни места во наредните четири години, продолжување на станбените субвенции, зголемување на платите, пензиите и на социјалната помош, 600 милиони евра нови субвенции за земјоделците итн. Исто така, во фокусот на изборната програма беа и инвестиции во образованието, инфраструктурата, спортот, интеграција на Македонија во ЕУ и НАТО, подобрување на квалитетот на здравствените услуги, подобрување на условите за водење бизнис, заштита на животната средина, поддршка на туризмот. Неколку месеци пред изборите ВМРО-ДПМНЕ го презентираше и отчетот[94] за реализираното на партијата и коалицијата „За подобра Македонија" во последните 10 години, а со фокус на периодот од 2014 до 2016, кој содржеше над 3 500 реализирани проекти, мерки и реформи.

Онлајн кампањата на ВМРО-ДПМНЕ се водеше преку интернет-страницата на партијата, www.vmro-dpmne.org.mk, официјалните профили на партијата на социјалните мрежи Фејсбук и Твитер, како и преку профилите на носителите и на кандидатите на изборните листи. Видеата од митинзите и средбите со граѓаните, како и од изборните музички и видеоспотови, освен на социјалните мрежи се објавуваа и на Јутјуб каналот[95] на партијата.

Коалицијата предводена од најголемата опозициска партија, СДСМ, изборната кампања ја предводеше под слоганот „За живот во Македонија". Изборната програма која гласеше „План за живот во Македонија!"[96] во 262 страници ги претстави клучните цели на коалицијата, како и итните реформски приоритети на новата Влада во првите 6, односно 24 месеци. Исто така, во рамките на изборната програма беа прикажани и петте столба чија цел е намалување на нееднаквоста во Македонија. Првиот столб опфаќаше одговорна власт и контрола над власта преку обезбедување транспарентност во трошењето на парите од државниот буџет. Вториот столб се однесуваше на постоењето на праведен даночен и социјален систем, а имаше за цел намалување на нееднаквоста во распределбата на расположивиот доход во Македонија. Третиот столб, развој на домашните капацитети и пристојна работа, се однесуваше на обезбедување поддршка на домашните претпријатија, а со тоа и создавање нови работни места. Во фокусот на четвртиот столб, европска иднина и квалитетен живот, стоеше реафирмирање на евро-атлантската агенда на Македонија и изградба на клучните сфери од општеството како образовние, здравство, животна средина, култура. Последниот, петти столб, опфаќаше изградба на обединето општество преку надминување на меѓуетничките и други тензии и фокус на социјалните разлики.

Онлајн кампањата на СДСМ се водеше преку интернет-страницата на партијата, www.sdsm.org.mk, и на коалицијата, www.zazivot.mk, официјалните партиски профили на социјалните мрежи Фејсбук и Твитер и преку личните профили на носителите и кандидатите од изборните листи на коалицијата. Видеата од митинзите и средбите со граѓаните освен на социјалните мрежи се објавуваа и на Јутјуб каналот[97] на партијата.

93 Реално! Програма на ВМРО-ДПМНЕ 2017-2020, Работа! Сигурност! Напредок!, ВМРО-ДПМНЕ. Пристапено на: http://vmro-dpmne.org.mk/files/vmro_programa_2017-2020_web.pdf (последна посета: 15 декември 2016).

94 Отчет за реализацијата на програмата на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата „За подобра Македонија" 2016 г., ВМРО-ДПМНЕ. Пристапено на: http://vmro-dpmne.org.mk/files/vmro-dpmne_otcet_2016.pdf (последна посета: 16 декември 2016).

95 Јутјуб канал на ВМРО-ДПМНЕ. Пристапено на: https://www.youtube.com/user/vmrodpmnemacedonia (последна посета: 15 декември 2016).

96 План за живот во Македонија, СДСМ и коалиција, Парламентарни избори 2016. Пристапено на: http://zazivot.mk/wp-content/uploads/2016/11/Plan_za_zivot_vo_Makedonija.pdf (последна посета: 15 декември 2016).

97 Јутјуб канал на СДСМ. Пристапено на: https://www.youtube.com/user/SDSMtube (последна посета: 16 декември 2016).

ДУИ ја водеше изборната кампања со слоганот „Заедно одлучуваме". Изборната програма[98] изработена од страна на над 100-тина интелектуалци и составена од над 200 страници, имаше идентичен наслов со слоганот на партијата. Во неа беа претставени мерките за наредните четири години, 2016-2020. Како приоритет за наредните четири години беше издвоена двојазичноста во Македонија, односно воведување на службена употреба на албанскиот јазик на целата територија на Македонија. За таа цел партијата вети формирање институција која ќе служи како механизам за заштита на албанскиот јазик. Во економскиот дел партијата предвидуваше мерки за намалување на невработеноста преку отворање нови работни места со цел ниту едно албанско семејство да не остане без еден вработен. Исто така, дел од мерките беа насочени кон постигнување целосна еднаквост и благосостојба на Албанците во сите општествени области, понатаму зголемување на квалитетот на образованието, регионален развој, транспарентен буџет, а истовремено беше ставен акцент и на евро-атлантските интеграции на земјата. Во оваа изборна кампања новитет беше тоа што партијата им овозможи на граѓаните на веб-страницата на партијата да предложат сугестии за она што сметаат дека досега партијата не успеала да го постигне.

Изборната кампања преку интернет ДУИ ја водеше во најголем дел преку својата партиска страница, www.bdi.mk, преку официјалните партиски профили на социјалната мрежа Фејсбук и профилите на носителите на изборните листи и кандидатите за пратеници. ДУИ на овие избори немаше профил на социјалната мрежа Твитер.

На овие избори партијата ДПА настапи со слоганот „Одиме право". Како и на изминатите парламентарни избори така и на овие, ДПА на гласачите не им понуди изборна програма, туку платфора за следниот мандат на Владата со наслов „Платформа на ДПА за периодот 2016-2020"[99] опишана на 68 страници. Во рамките на оваа платформа, партијата особено се фокусираше на две сфери,

98 Bashkë vendosim (Заедно одлучуваме), ДУИ. Пристапено на: http://bashkevendosim.com.mk/BDI_Programa_WEB.pdf (последна посета: 16 декември 2016).
99 Платформа на ДПА за периодот 2016-2020, ДПА. Пристапено на: http://www.pdsh.info/platforma-finale.pdf (последна посета: 16 декември 2016).



економија и политика. Во економскиот дел партијата се залагаше за правична и пропорционална распределба на буџетот, преземање мерки против дискриминаторски буџет, повеќе инвестиции во сите региони подеднакво и ослободување на Албанците од плаќање на долговите од казни кон државата. Во политичкиот дел во главен фокус на програмата беше двојазичноста, односно службената употреба на албанскиот јазик на целата територија на Македонија, како и ослободување на сите осудени Албанци од монтираните судски процеси.

Партијата, исто така, ја водеше кампањата на интернет и преку социјалните мрежи. Во првиот случај кампањата се водеше главно преку официјалната страница, www.pdsh.info, на социјалната мрежа Фејсбук, преку официјалните партиски профили и преку профилите на носителите и кандидатите на изборните листи. Снимките од настаните се дистрибуираа преку социјалните мрежи и Јутјуб каналот[100] на партијата.

„Коалицијата за промени и правда – Трет блок" на Демократскиот сојуз, ФРОДЕМ, МОРО и ДЕМОС ја водеше изборната кампања под слоганот „Не се плашете, режимот ќе падне". Изборната програма на коалицијата со наслов „Промени, правда, прогрес"[101] опфаќаше разни области од општествениот живот. Како приоритети беа наведени воспоставување систем на одговорно владеење и создавање праведна и правична држава „управувана" од владеењето на правото. Исто така, како важни цели беа наведени и спроведување реформи во судскиот систем, економски развој, реформи во образованието, проекти и креирање можности за младите, влез во ЕУ и НАТО, поголема минимална плата. Коалицијата ја водеше онлајн кампањата преку социјалната мрежа Фејсбук, преку официјалните партиски профили и преку профилите на носителите и кандидатите на изборните листи. Изборните настапи на коалицијата беа достапни и на Јутјуб каналот[102] на партијата Демократски сојуз.

100 Јутјуб канал на ДПА. Пристапено на: https://www.youtube.com/user/PDSHoficiale (последна посета: 16 декември 2016).
101 Промени, правда, прогрес – Изборна програма 2016-2020, Коалиција за промени и правда. Пристапено на: http://www.demokratskisojuz.org.mk/content/KPP%20-%20IP%202016-2020%20A5__NOVO%20(2).pdf (последна посета: 20 декември 2016).
102 Јутјуб канал на ДС. Пристапено на: https://www.youtube.com/user/demokratskisojuz100 (последна посета: 20 декември 2016).

Партијата за демократски просперитет на овие избори настапи само во една изборна единица, ИЕ 6. Изборната кампања беше ограничена на помали средби со граѓани и собири. Партијата, исто така, водеше и скромна изборна кампања главно на социјалната мрежа Фејсбук.

Коалицијата „Алијанса за Албанците" за прв пат настапи на парламентарните избори. Главните заложби од платформата на коалицијата беа целосна рамноправност на Албанците во Македонија, албанскиот јазик да стане официјален јазик на цела територија на Македонија, правилна распределба на буџетот и со устав регулирано постоењето на СЈО. Коалицијата ја водеше онлајн кампањата преку веб-страниците на партиите на коалицијата, социјалната мрежа Фејсбук, преку официјалните партиски профили и преку профилите на носителите и кандидатите на изборните листи, како и преку Јутјуб каналот[103] на коалицијата.

Либералната партија ја водеше изборната кампања под слоганот „За средена држава". Партијата на изборите ја претстави својата изборна програма „Либерална доктрина за консолидирана Македонија.[104] Во рамките на програмата беа идентификувани три клучни теми, економија, организирана држава и образование и млади. Некои од целите на партијата беа создавање доминантен среден слој, консолидирана држава, функционални институции, слободни медиуми, правилно буџетирање и одговорно управување.

Партијата ја водеше изборната кампања во вид на помали средби со граѓани, трибини и мали митинзи. Онлајн кампањата се водеше преку веб-страницата www.lp.org.mk, социјалната мрежа Фејсбук, преку официјалните партиски профили и преку профилите на носителите и кандидатите на изборните листи, како и на Јутјуб каналот[105] на партијата.

103 Јутјуб канал на коалицијата Алијанса за Албанците. Пристапено на: https://www.youtube.com/channel/UC4Eb-YmODPqvlGLFszaUZDg (последна посета: 16 декември 2016).
104 Либерална доктрина за консолидирана Македонија, ЛП. Пристапено на: https://www.dropbox.com/s/amsqxdrix7k1462/Doktrina.pdf?dl=0 (последна посета на 16 декември 2016).
105 Јутјуб канал на ЛП. Пристапено на: https://www.youtube.com/channel/UCr7Z-B0uk0bzZbVxoooypiUg (последна посета: 19 декември 2016).



Коалицијата „ВМРО за Македонија" настапи со слоганот „Заедно за силна Македонија!". Коалицијата не претстави класична печатена програма, туку само рекламни материјали. Преку нивните јавни настапи можеше да се увиди дека како коалиција се залагаат за слобода, демократија, економски просперитет, човекови права. Својата онлајн кампања коалицијата ја водеше главно преку социјалната мрежа Фејсбук, преку официјалните партиски профили и преку профилите на носителите и кандидатите на изборните листи, како и на Јутјуб каналот[106] на коалицијата.

Движењето БЕСА ја водеше изборната кампања под слоганот „Преродба со БЕСА! Денес или никогаш". Изборната програма[107] се фокусираше на повеќе аспекти, меѓу кои евро-атлантските интеграции на Македонија, економија, деполитизација на правосудниот систем, подобрување на здравството, образованието, инфраструктурата. Исто така, една од главните заложби на партијата беше целосна рамноправност на Албанците со Македонците, рамноправност на јазикот и редефинирање на државата. Онлајн кампањата се водеше преку веб-страницата www.levizjabesa.mk, социјалните мрежи Фејсбук и Твитер, преку официјалните партиски профили и преку профилите на носителите и кандидатите на изборните листи, како и преку Јутјуб каналот[108] на БЕСА.

Партијата Левица, која за првпат учествуваше на едни парламентарни избори, настапи со слоганот „Искра во мракот". Преку изборната програма[109] партијата се залагаше за поголеми работнички права и социјална правда, прераспределба на богатството во корист на

106 Јутјуб канал на коалицијата ВМРО за Македонија. Пристапено на: https://www.youtube.com/channel/UC5DX2__0qvTbYkVJPoaNnlw (последна посета: 16 декември 2016).
107 Programi Zgjedhor per Zgjedhjet parlamentare 2016 – Rilindje me BESË (Изборна програма за парламентарни избори 2016), БЕСА. Пристапено на: http://www.levizjabesa.mk/wp-content/uploads/2016/11/Programi%20Zgjedhor%20per%20Zgjedhjet%20parlamentare%202016%20-%20Rilindje%20me%20BES%C3%8B.pdf (последна посета: 16 декември 2016).
108 Јутјуб канал на Движење БЕСА. Пристапено на: https://www.youtube.com/channel/UCFg0vjAkXJ59CMK9C4c5v-A (последна посета: 16 декември 2016).
109 Изборна програма на Левица – 2016, Левица. Пристапено на: https://levica.mk/wp-content/uploads/2016/11/Programa-FINAL-23.XI_.2016.pdf (последна посета: 16 декември 2016).

сиромашните, демократизација во сите сфери на општественото живеење, полесен пристап до правдата, унапредување на образованието, обезбедување здравствена заштита за сите, модернизација и организирање на земјоделството, фокус на екологијата, добрососедски односи. Изборната кампања на партијата се водеше главно преку помали средби со граѓани, помали рекламни кампањи, како и на интернет преку веб-страницата на Левица, www.levica.mk, преку профилите на носителите и кандидатите на изборните листи и Јутјуб каналот[110] на партијата.

## ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА[111]

Во согласност со Роковникот за извршување на изборните дејствија, учесниците на овие парламентарни избори имаа обврска да достават три финансиски извештаи за трошоците за изборната кампања. Првиот финансиски извештај ги опфаќа првите 10 дена од изборната кампања и партиите и коалициите беа должни да го достават на единаесеттиот ден од денот на изборната кампања, односно на 1 декември. Вториот извештај ја опфаќа втората половина од изборната кампања и партиите и коалициите беа должни да го достават еден ден по завршувањето на изборната камапња, односно на 10 декември. Третиот финансиски извештај, кој се однесува на вкупните приходи и расходи во текот на целата кампања, партиите и коалициите треба да го поднесат во рок од 30 дена од денот на затворање на трансакциската сметка, што може да биде до четири месеци по одржување на изборите. Финансиските извештаи се поднесуваат до ДИК, Државниот завод за ревизија (ДЗР) и до Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК), а третиот финансиски извештај се поднесува и до Собранието на Република Македонија. Исто така, ДЗР е должен во рок од 60 дена од поднесувањето на вкупниот финансиски извештај да спроведе ревизија.

Сите учесници на парламентарните избори ги поднесоа двата периодични финансиски извештаи. Според поднесените финансиски извештаи, во изборната кампања најмногу средства  потрошила коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, односно 117 212 742 денари (1 905 898 евра[112]). Во првиот дел од кампањата коалицијата потрошила 43 961 384 денари (714 819 евра), а во вториот 73 251 358 денари (1 191 079 евра). До 10 декември, коалицијата собрала вкупно 18 131 715 денари (294 825 евра), при што разликата меѓу приходите и расходите изнесува 99 081 027 денари (1 611 074 евра), односно расходите се речиси шест и пол пати поголеми од приходите.

Втора партија, односно коалиција според износот на потрошени пари е коалицијата предводена од СДСМ. Коалицијата во текот на изборната кампања потрошила вкупно 33 923 911 денари (551 608 евра), односно 19 683 894 денари (320 063 евра) во првиот и 14 240 017 денари (231 545 евра) во вториот дел од кампањата. Коалицијата предводена од СДСМ е една од петте учесници кои за кампањата на овие избори собрале повеќе пари отколку што потрошиле, односно собрале 50 736 772 денари (824 988 евра). Според Изборниот законик, вишокот средства коалицијата треба да го подари во добротворни цели.

Трета според приходите и расходите во кампањата е ДУИ. Партијата во двата дела од кампањата собрала вкупно 12 686 050 денари (206 277 евра), односно 7 880 750 денари (128 142 евра) во првиот и 4 805 300 денари (78 135 евра) во вториот дел. До 10 декември партијата потрошила вкупно 22 684 550 денари (368 854 евра), што е 9 998 500 денари (162 577 евра) повеќе отколку што собрала.

Коалицијата „ВМРО за Македонија" е следна која за овие избори потрошила вкупно 8 364 675 денари (136 011 евра), односно 2 848 970 денари (46 325 евра) во првиот и 5 515 705 денари (89 686 евра) во вториот дел од кампањата. Коалицијата е една од неколкуте учесници на изборите кои собрале повеќе пари отколку што потрошиле, односно собрала 10 150 504 денари (165 049 евра). Според Изборниот законик, вишокот средства коалицијата треба да го подари во добротворни цели.

110 Јутјуб канал на Левица. Пристапено на: https://www.youtube.com/channel/UC4IvFVInvs76o0WZQdMBAzA (последна посета: 16 декември 2016).
111 Сите податоци се преземени од официјалната веб-страница на ДИК.
112 Пресметките во евра се правени по среден курс од 61,5 денари за 1 евро.

Движењето Беса во текот на изборната кампања потрошило вкупно 8 725 348 денари (141 876 евра), односно 4 725 217 денари (76 833 евра) во првиот и 4 000 131 денари (65 043 евра) во вториот дел. До поднесувањето на вториот финансиски извештај, партијата собрала вкупно 6 079 750 денари (98 858 евра) или 2 645 598 денари (43 018 евра) помалку од расходите.

„Коалицијата за промени и правда – Трет блок" во кампањата потрошила вкупно 2 469 485 денари (40 154 евра), односно 1 559 635 денари (25 360 евра) во првиот и 909 850 денари (14 794 евра) во вториот дел. До 10 декември коалицијата собрала вкупно 1 837 871 денари (29 884 евра) или 631 614 денари (10 270 евра) помалку отколку што потрошила.

Коалицијата „Алијанса за Албанците" за овие избори собрала вкупно 1 326 145 денари (21 563 евра). До поднесувањето на вториот финансиски извештај коалицијата потрошила вкупно 1 052 030 денари (17 106 евра), односно 893 519 денари (14 529 евра) во првиот и 158 511 денари (2 577 евра) во вториот дел. Коалицијата е една од неколкуте партии кај која разликата помеѓу приходите и расходите е во позитива. Според Изборниот законик, вишокот средства коалицијата треба да го подари во добротворни цели.

На овие избори ДПА имаше пониски приходи и расходи. Во првиот дел од кампањата партијата потрошила 433 840 денари (7 054 евра), а во вториот дел 1 610 370 денари (26 185 евра) или вкупно 2 044 210 денари (33 239 евра). До 10 декември партијата собрала вкупно 935 001 денари (15 203 евра), што претставува 1 109 209 денари (18 036 евра) помалку отколку што потрошила.

Помалите партии ЛП, Левица и ПДП на овие избори настапија со помали приходи и расходи во споредба со останатите партии. Трите партии заедно потрошиле вкупно 863 787 денари (14 045 евра), а собрале вкупно 605 300 денари (9 842 евра).

Ако се сумираат резултатите, може да се забележи дека во девет извештаи постои надминување на расходите во споредба со приходите. За да се надоместат ваквите разлики, партиите можат да ги собираат донациите најдоцна до поднесувањето на финалниот финансиски извештај. Исто така, една од забелешките на „Транспарентност Македонија" беше дека во извештаите поголем дел од партиите немаат прикажано расходи за превоз и транспортни услуги, за комунални услуги и за греење, за комуникациски услуги, како и за изнајмување простор и опрема.[113]

| | | **Прв финансиски извештај** | **Втор финансиски извештај** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|---|
| **ВМРО-ДПМНЕ** | Приходи | 7 431 579 | 10 700 136 | 18 131 715 |
| | Расходи | 43 961 384 | 73 251 358 | 117 212 742 |
| **ДПА** | Приходи | 602 001 | 333 000 | 935 001 |
| | Расходи | 433 840 | 1 610 370 | 2 044 210 |
| **ДУИ** | Приходи | 7 880 750 | 4 805 300 | 12 686 050 |
| | Расходи | 5 336 095 | 17 348 455 | 22 684 550 |
| **СДСМ** | Приходи | 32 922 717 | 17 814 055 | 50 736 772 |
| | Расходи | 19 683 894 | 14 240 017 | 33 923 911 |
| **КПП** | Приходи | 1 448 300 | 389 571 | 1 837 871 |
| | Расходи | 1 559 635 | 909 850 | 2469 485 |
| **ПДП** | Приходи | 0 | 0 | 0 |
| | Расходи | 262 761 | 0 | 262 761 |
| **Алијанса за Албанците** | Приходи | 1 145 745 | 180 400 | 1 326 145 |
| | Расходи | 893 519 | 158 511 | 1 052 030 |
| **ЛП** | Приходи | 436 000 | 46 000 | 482 000 |
| | Расходи | 477 811 | 645 | 478 456 |
| **ВМРО за Македонија** | Приходи | 4 633 502 | 5 517 002 | 10 150 504 |
| | Расходи | 2 848 970 | 5 515 705 | 8 364 675 |
| **БЕСА** | Приходи | 4 153 750 | 1 926 000 | 6 079 750 |
| | Расходи | 4 725 217 | 4 000 131 | 8 725 348 |
| **Левица** | Приходи | 104 800 | 18 500 | 123 300 |
| | Расходи | 81 354 | 41 216 | 122 570 |

113 Мониторинг на трошењата од буџетите и политичките партии во предизборниот и изборниот процес, Транспарентност Македонија, 5 декември 2016. Пристапено на: http://www.transparency.mk/images/stories/press/2016/prezentacija_izborni_troshoci_21.11-30.12.2016.pdf (последна посета: 21 декември 2016).

## МЕДИУМИ

Набљудувачката мисија за изборите на ОБСЕ/ОДИХР[114] спроведе мониторинг за периодот од 7 ноември до 10 декември и ги опфати програмите емитувани во ударните термини на каналите на јавниот сервис МРТ1 и МРТ2, приватните телевизии Сител, Канал 5, Алфа, Телма и Алсат-М, главните информативни програми на 24 Вести, како и дневните весници Дневник, Коха, Лајм, Слободен печат и Вест. Мисијата во својот извештај за мониторинг на медиумите за време на кампањата за парламентарните избори забележа постоење на политичка и етничка поделеност на медиумите во Македонија. Исто така, беше забележано и силно влијание на провладините приватни радиодифузери врз рекламниот пазар, како и политички притисок врз медиумите и случаи на провокации и вербални напади врз новинари.

Извештајот на ОБСЕ генерално покажа дека двата јавни телевизиски канали главно ја почитувале регулативата за рамномерно известување помеѓу учесниците во изборната кампања и ги претставиле кандидатите претежно на позитивен и некритичен начин. Во поглед на приватните радиодифузери, мониторингот на ОБСЕ/ОДИХР покажа дека постои разлика помеѓу начинот на известување. Така, приватните медиуми Сител, Канал 5 и Алфа известувале небалансирано и пристрасно во корист на владејачката ВМРО-ДПМНЕ. Од друга страна, пак, истите медиуми посветиле помалку време на покривање на активностите на СДСМ, кое било главно со негативен тон, а таквата тенденција најмногу била забележана кај Сител. Други приватни медиуми, како Телма, Алсат-М и 24 Вести, во информативните емисии успеаја да обезбедат разновидно и често пати критично покривање на главните учесници во изборниот процес. Мониторираните дневни весници известувале генерално разновидно, но, сепак, со одредена наклонетост кон некои партии.

Изборниот законик го регулира медиумското покривање на изборите.[115] Во согласност со Изборниот законик медиумите имаат

[114] Меѓународна набљудувачка мисија за избори на ОБСЕ/ОДИХР, Република Македонија, Предвремени парламентарни избори, 11 декември 2016, Изјава за прввичните наоди и заклучоци. Пристапено на: http://www.osce.org/mk/odihr/elections/fyrom/288296?download=true (последна посета: 7 јануари 2017).
[115] За повеќе информации види Улогата на јавните гласила, стр.51 од Прирачникот.



обврска да обезбедат балансирано, рамномерно и непристрасно известување и покривање на изборната кампања. Во предизборниот период Привремената комисија за следење на медиумско претставување беше задолжена за мониторирање на медиумското известување. Ова ад хок тело беше формирано во рамките на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а како дел од Договорот од Пржино (Пржино 2) помеѓу четирите најголеми политички партии во Македонија. Мандатот на Привремената комисија траеше до завршувањето на изборниот процес. Предмет на надзорот беше спроведувањето на одредбите од членовите 75, 75-а, 75-б, 75-в, 75-г, 75-д, 75-ѓ, 76, 76-а, 76-б, 76-в, 76-г и 77 од Изборниот законик, кои, меѓу другото, се однесуваат на начинот на известување на медиумите за време на предизборниот период, обезбедување на учесниците во изборната кампања еднакви услови за пристап кон сите облици на изборно медиумско претставување, како и придржување кон принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници.

### Мониторинг на јавниот сервис МРТ

За овие избори надзорот на изборното медиумско известување на јавниот радиодифузен сервис МРТ беше спроведен во два временски периода, од 21 до 30 ноември и од 1 до 9 декември 2016 година и опфаќаше одредена минутажа и новинарски прилози од изданијата на ТВ-дневниците и информативните емисии. Во двата временски периода субјекти на надзор беа Првиот програмски сервис МРТ1, Вториот програмски сервис МРТ2, Македонското радио – Прв програмски сервис МР1 и Македонското радио – Трет програмски сервис – Програма на албански јазик МР3.

Во периодот од 21 до 30 ноември 2016 година според Извештајот за извршен надзор[116] за Првиот програмски сервис МРТ1, информативната редакција се придржувала кон програмските принципи утврдени во „Правилата за медиумско покривање на изборни процеси – за рамномерно политичко претставување“. Во

[116] Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) 21 – 30 ноември 2016 – МРТ1, АААВМУ. Пристапено на: http://www.avmu.mk/images/MRT_1_06.12.2016.pdf (последна посета: 7 јануари 2017).

согласност со овие принципи, информативното време треба да се распредели на следниот начин: 30 % за партиите кои се на власт, 30 % за партиите во опозиција, 10 % за оние партии кои немаат свој претставник во Собранието, како и 30 % за дневни настани од земјата и светот. Исто така, за парламентарни избори распределбата на информативното време за учесниците во изборната кампања треба да биде во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи со кандидати за пратеници. Според извештајот, оваа распределба е запазена и е постигнат информативен баланс.

Извештајот за извршен надзор[117] за Вториот програмски сервис МРТ2 покажува одредена нерамномерност во однос на распределбата на времето според Изборниот законик. Така, кај ставката „дневни настани од земјата и од светот" е забележан одреден пораст на сметка на времето наменето за активностите на партиите од власта и од опозицијата. Исто така, принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи со кандидати за пратеници не е запазен. Имено, 30 % од времето предвидено за активностите на партиите на власт, односно за коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ, кои на овие избори имаа по седум кандидатски листи, не е приближно еднакво распределено, туку 1 час повеќе е одвоен во полза на ДУИ. Слични отстапувања има и во распределбата на времето (30 %) предвидено за активностите на партиите од опозиција, каде што за ДПА, која има пет потврдени листи со кандидати, е одвоено многу повеќе време во споредба со коалицијата предводена од СДСМ со седум кандидатски листи и „Коалицијата за промени и правда" (КПП) со шест листи со кандидати. Таква тенденција се забележува и кај 10 % од вкупниот дневно-информативен простор наменет за политичките партии кои не се застапени во Собранието, при што за Коалицијата „ВМРО за Македонија" воопшто нема информации.

Податоците од Извештајот за извршен надзор[118] на Македонското радио – Прв програмски сервис МР1 покажуваат дека и во овој случај

117 Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) 21 – 30 ноември 2016 – МРТ2, АААВМУ. Пристапено на: http://www.avmu.mk/images/MRT_2_06.12.2016.pdf (последна посета: 7 јануари 2017).

118 Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) 21 – 30 ноември 2016 – МР1, АААВМУ. Пристапено на: http://www.avmu.mk/images/MRA_prv_programski_06.12.2016.pdf (последна посета: 7 јануари 2017).



кај ставката „дневни настани од земјата и од светот" е потрошено многу повеќе време од предвиденото, односно дури 39 %. Исто така, распределбата на времето за активностите на учесниците во изборниот процес не е пропорционална со бројот на потврдени листи со кандидати. 30 % од времето наменето за активностите на партиите на власт се распределени во корист на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ со 1 час разлика на сметка на ДУИ. Кај опозицијата, најмногу време е одвоено за коалицијата предводена од СДСМ (1 час 35 минути и 52 секунди), потоа за ДПА (27 минути и 6 секунди) и за КПП (13 минути и 29 секунди).

Според Извештајот за извршен надзор[119] за Македонското радио – Трет програмски сервис – Програма на албански јазик МР3, целокупното време за активностите на учесниците во изборниот процес не е распределено пропорционално со бројот на потврдени листи со кандидати. Кај партиите од власт постои разлика во минутажата во покривањето. ДУИ добила 1 час 5 минути и 8 секунди споредено со коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ која добила само 25 минути и 17 секунди од предвиденото време. Времето предвидено за покривање на активностите на опозицијата, исто така, не е соодветно распределено, каде што за ДПА биле одвоени 43 минути наспрема коалицијата предводена од СДМС која добила 32 минути и 33 секунди и „Коалицијата за промени и правда – Трет блок" (КПП) со 4 минути и 20 секунди.

Табела 1: Застапеност на субјектите во информативните жанрови (21 – 30 ноември 2016)

Извор: АААВМУ

| | **МРТ1** | | **МРТ2 албански јазик** | | **Македонско радио 1** | | **МР албански јазик** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активности за кампањите на политичките партии на власт** | | | | | | | | |
| | Траење | Процент | Траење | Процент | Траење | Процент | Траење | Процент |
| **ВМРО-ДПМНЕ и др.** | 01:16:25 | 51,05 % | 01:03:51 | 33,73 % | 01:46:08 | 69,98 % | 00:25:17 | 27,96 % |
| **ДУИ** | 01:13:16 | 48,95 % | 02:05:28 | 66,27 % | 00:45:32 | 30,02 % | 01:05:08 | 72,04 % |

119 Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) 21 – 30 ноември 2016 – МРА, АААВМУ. Пристапено на: http://www.avmu.mk/images/Makedonsko_radio-tret_programski.pdf (последна посета: 7 јануари 2017).

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 02:29:41 | 100 % | 03:09:19 | 100 % | 02:31:40 | 100 % | 01:30:25 | 100 % |
| **Активности за кампањите на политичките партии во опозиција** | | | | | | | | |
| **СДСМ и др.** | 01:02:18 | 41,05 % | 00:57:11 | 31,19 % | 01:35:52 | 70,26 % | 00:32:33 | 40,70 % |
| **ДПА** | 00:40:43 | 26,83 % | 01:48:33 | 59,21 % | 00:27:06 | 19,86 % | 00:43:05 | 53,88 % |
| **Коалиција за промени и правда** | 00:48:46 | 32,13 % | 00:17:35 | 9,59 % | 00:13:29 | 9,88 % | 00:04:20 | 5,42 % |
| **Вкупно** | 02:31:47 | 100 % | 03:03:19 | 100 % | 02:16:27 | 100 % | 01:19:58 | 100 % |
| **Активности за кампањите на политичките партии кои не се во Собранието** | | | | | | | | |
| **Либерална партија** | 00:09:24 | 18,07 % | 00:02:20 | 3,31 % | 00:08:51 | 20,73 % | 00:02:57 | 8,72 % |
| **Левица** | 00:12:16 | 23,58 % | 00:02:27 | 3,47 % | 00:09:04 | 21,24 % | 00:00:34 | 1,68 % |
| **ПДП** | 00:01:59 | 3,81 % | 00:17:22 | 24,62 % | 00:00:41 | 1,60 % | 00:03:48 | 11,24 % |
| **БЕСА** | 00:06:48 | 13,07 % | 00:24:34 | 34,82 % | 00:02:43 | 6,36 % | 00:10:50 | 32,04 % |
| **Алијанса за Албанците** | 00:07:54 | 15,19 % | 00:23:50 | 33,78 % | 00:03:08 | 7,34 % | 00:10:16 | 30,36 % |
| **ВМРО за Македонија** | 00:13:40 | 26,27 % | / | / | 00:18:14 | 42,72 % | 00:05:24 | 15,97 % |
| **Вкупно** | 00:52:01 | 100 % | 01:10:33 | 100 % | 00:42:41 | 100 % | 00:33:49 | 100 % |

Во периодот од 1 до 9 декември 2016 година е извршен уште еден надзор на Програмските сервиси на Македонската Радиотелевизија. Како и во првиот период, Првиот програмски сервис МРТ1 обезбеди рамноправна распределба на времето за кампањите и активностите на учесниците во изборната кампања согласно принципот на пропорционалност. Во оние 30 % наменети за активностите на партиите на власт, во Извештајот за извршен надзор[120] е нотирана речиси еднаква дистрибуција на времето помеѓу двете партии на власт – коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ, односно 1 час 8 минути и 28 секунди за коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и 1 час 5 минути и 31 секунда за ДУИ. Слична тенденција има и кај покривањето на активностите на партиите во опозиција и оние кои не се во Собранието каде што е запазен принципот на пропорционалност во согласност со листите за кандидати.

Извештајот за извршен надзор[121] за Вториот програмски сервис МРТ2 покажува одредена нерамномерност во однос на распределбата на времето според принципот на пропорционалност од Изборниот законик. Кај партиите на власт, МРТ2 одвоила 1 час 56 минути и 15 секунди за ДУИ и 59 минути за коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Ист соодност има и при покривањето на активностите на партиите/коалициите во опозиција, каде што за ДПА е одвоен 1 час 45 минути и 13 секунди, за коалицијата предводена од СДСМ 47 минути и 30 секудни, и за „Коалицијата за промени и правда – Трет блок" (КПП) 22 минути и 8 секунди. Во однос на времето посветено на партиите кои не се застапени во Собранието, коалицијата „Алијанса за Албанците" има добиено 23 минути и 3 секунди, Движењето БЕСА – 30 минути и 8 секунди, значително многу повеќе отколку Либералната партија (1 минута и 58 секунди), коалицијата „ВМРО за Македонија" (2 минути и 11 секунди) и ПДП (9 минути и 41 секунда) кои имаат повеќе кандидатски листи. Поголемото време посветено на партиите од албанскиот блок во Извештајот беше објаснето врз основа на правилото за инверзен распоред на минутажата за изборните кампањи од „Правилата за медиумско покривање на изборни процеси – за рамномерно политичко претставување", поглавје „Покривање на изборите во вести", каде што е наведено дека со оглед на спецификите на Вториот телевизиски сервис на МРТ наменет за покривање на информативните потреби на граѓаните од немнозинските етнички заедници во Македонија, дистрибуцијата на времето во вестите помеѓу учесниците во изборниот процес ќе биде во корист на политичките субјекти од немнозинските заедници.

Според Извештајот за извршен надзор[122] за Македонското радио – Прв програмски сервис МР1, во текот на периодот на надзор било

120 Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) 1 – 9 декември 2016 – МРТ1, АААВМУ. Пристапено на: http://www.avmu.mk/images/MRT_1_16.12.2016.pdf (последна посета: 7 јануари 2017).

121 Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) 1 – 9 декември 2016 – МРТ2, АААВМУ. Пристапено на: http://www.avmu.mk/images/MRT_2_16.12.2016.pdf (последна посета: 7 јануари 2017).

122 Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) 1 – 9 декември 2016 – МР1, АААВМУ. Пристапено на: http://www.avmu.mk/images/MRA_1_16.12.2016.pdf (последна посета: 7 јануари 2017).

посветено многу повеќе време на „дневните настани од земјата и од светот“, односно дури 39 %. Во однос на минутажата за активностите за кампањите на учесниците во изборниот процес, Првата програма на Македонското радио одлучила да воспостави рамномерен распоред помеѓу две споредбени изборни групации: од една страна, коалициите предводени од ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ со посветен 1 час и 30 минути; а од друга страна, ДУИ како дел од партиите на власт со 36 минути, и ДПА со 26 минути и „Коалицијата за промени и правда“ со 19 минути, како дел од опоцизијата. Дневно-информативниот простор наменет за политичките партии кои не се застапени во Собранието, според извештајот, не е целосно запазен.

Податоците од Извештајот за извршен надзор[123] за Македонското радио – Трет програмски сервис – Програма на албански јазик МР 3 покажуваат дека МР 3 главно се придржувала на процентуалната распределба на времето помеѓу активностите на партиите на власт, во опозиција и оние кои не се застапени во Собранието. Од друга страна, Извештајот покажа дека Третиот програмски сервис доминантно се водел според правилото за инверзен распоред на минутажата за изборните кампањи во согласност со „Правилата за медиумско покривање на изборни процеси – за рамномерно политичко претставување“, поглавје „Покривање на изборите во вести“. Така, партиите од албанскиот блок и од власта и од опозицијата имаат добиено значително повеќе време.

Табела 2: Застапеност на субјектите во информативните жанрови (1 – 9 декември 2016)

Извор: АААВМУ

| | **МРТ1** | | **МРТ2 албански јазик** | | **Македонско радио 1** | | **МР албански јазик** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активности за кампањите на политичките партии на власт** | | | | | | | | |
| | Траење | Процент | Траење | Процент | Траење | Процент | Траење | Процент |
| **ВМРО-ДПМНЕ и др.** | 01:08:28 | 51,10 % | 00:59:26 | 33,83 % | 01:30:54 | 71,51 % | 00:28:30 | 35,46 % |
| **ДУИ** | 01:05:31 | 48,90 % | 01:56:15 | 66,17 % | 00:36:13 | 28,49 % | 00:51:53 | 64,54 % |
| **Вкупно** | 02:13:59 | 100 % | 02:55:41 | 100 % | 02:07:07 | 100 % | 01:20:23 | 100 % |
| **Активности за кампањите на политичките партии во опозиција** | | | | | | | | |
| **СДСМ и др.** | 00:52:52 | 39,97 % | 00:47:30 | 27,17 % | 01:30:34 | 66,43 % | 00:29:10 | 37,36 % |
| **ДПА** | 00:37:07 | 28,07 % | 01:45:13 | 60,18 % | 00:26:01 | 19,08 % | 00:43:18 | 55,47 % |
| **Коалиција за промени и правда** | 00:42:16 | 31,96 % | 00:22:08 | 12,66 % | 00:19:45 | 14,49 % | 00:05:36 | 7,17 % |
| **Вкупно** | 02:12:15 | 100 % | 02:54:51 | 100 % | 02:16:20 | 100 % | 01:18:04 | 100 % |
| **Активности за кампањите на политичките партии кои не се во Собранието** | | | | | | | | |
| **Либерална партија** | 00:07:26 | 15,68 % | 00:01:58 | 2,93 % | 00:05:51 | 14,92 % | 00:00:56 | 3,06 % |
| **Левица** | 00:08:41 | 18,31 % | / | / | 00:03:37 | 9,23 % | 00:01:06 | 3,60 % |
| **ПДП** | 00:02:52 | 6,05 % | 00:09:41 | 14,45 % | 00:01:07 | 2,85 % | 00:04:03 | 13,27 % |
| **БЕСА** | 00:09:03 | 19,09 % | 00:30:08 | 44,96 % | 00:03:54 | 9,95 % | 00:10:08 | 33,21 % |
| **Алијанса за Албанците** | 00:07:39 | 16,13 % | 00:23:03 | 34,39 % | 00:03:03 | 7,78 % | 00:10:22 | 33,97 % |
| **ВМРО за Македонија** | 00:11:44 | 24,75 % | 00:02:11 | 3,26 % | 00:21:40 | 55,27 % | 00:03:56 | 12,89 % |
| **Вкупно** | 00:47:25 | 100 % | 01:07:01 | 100 % | 00:39:12 | 100 % | 00:30:31 | 100 % |

123 Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) 1 – 9 декември 2016 – МРА, АААВМУ. Пристапено на: http://www.avmu.mk/images/MRA_3_16.12.2016.pdf (последна посета: 7 јануари 2017).

## Мониторинг на комерцијалните медиуми

Извештаите за мониторингот извршен на комерцијалните медиуми во периодот од 21 ноември до 9 декември 2016 година го опфаќаат медиумското известување во ударните термини во дневно-информативните емисии во текот на изборната кампања. Извештаите, кои одделно го анализираат првиот (I) и вториот дел (II) од изборната кампања, односно од 21 до 30 ноември и од 1 до 9 декември, покажуваат разлики помеѓу медиумите во однос на изборното медиумско известување.

| Табела 3: Застапеност на субјектите во информативните жанрови (21 ноември – 9 декември 2016)<br>Извор: АААВМУ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 24 Вести | | Алсат - М | | Алфа | | Канал 5 | | Сител | | Телма | |
| | I | II | I | II | I | II | I | II | I | II | I | II |
| **ВМРО-ДПМНЕ и др.** | 00:35:34 | 00:29:33 | 00:12:16 | 00:07:41 | 02:09:01 | 01:46:21 | 03:07:26 | 02:45:51 | 03:28:09 | 03:11:03 | 00:36:53 | 00:15:25 |
| **СДСМ и др.** | 00:25:53 | 00:23:50 | 00:13:21 | 00:08:15 | 01:44:48 | 01:20:55 | 01:58:14 | 02:21:10 | 01:47:25 | 00:57:17 | 00:24:41 | 00:22:26 |
| **ДУИ** | 00:15:35 | 00:09:59 | 00:15:24 | 00:09:06 | 00:06:44 | 00:01:12 | 00:15:07 | 00:10:40 | 00:16:45 | 00:03:58 | 00:11:24 | 00:07:17 |
| **ДПА** | 00:04:01 | 00:04:39 | 00:15:15 | 00:09:16 | 00:03:22 | 00:00:17 | 00:12:58 | 00:01:53 | 00:01:58 | 00:05:08 | 00:10:09 | 00:08:52 |
| **ВМРО за Македонија** | 00:11:24 | 00:14:28 | 00:01:15 | / | 00:02:26 | / | / | 00:04:01 | / | / | 00:12:17 | 00:13:57 |
| **Коалиција за промени и правда** | 00:17:54 | 00:13:49 | 00:01:25 | / | 00:02:00 | 00:00:17 | / | 00:01:26 | / | / | 00:19:10 | 00:11:46 |
| **Либерална партија** | / | 00:00:53 | / | / | 00:00:34 | / | 00:01:21 | / | 00:04:46 | 00:01:55 | 00:03:04 | 00:03:02 |
| **Левица** | / | 00:10:24 | / | / | 00:04:12 | 00:06:36 | / | 00:01:31 | 00:06:35 | 00:00:48 | 00:09:05 | 00:05:30 |
| **ПДП** | / | / | / | / | / | / | 00:01:01 | / | / | / | 00:00:54 | / |
| **БЕСА** | 00:01:02 | 00:01:23 | 00:08:50 | 00:06:44 | 00:00:34 | / | / | / | / | / | 00:02:55 | 00:06:53 |
| **Алијанса за Албанците** | 00:03:59 | 00:01:49 | 00:06:50 | 00:06:00 | 00:00:21 | 00:00:17 | / | / | / | / | 00:05:45 | 00:03:13 |

Во рамки на анализираните изданија на дневно-информативните емисии во првиот дел[124] од изборната кампања, телевизијата 24 Вести[125] одвоила 1 час 57 минути и 40 секунди за активностите на учесниците и кандидатите во изборната кампања. Притоа времето посветено за известување за четирите политички субјекти со седум кандидатски листи е распределено така што за коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ е одвоено најмногу време (35 минути и 34 секунди), потоа следува коалицијата предводена од СДСМ (25 минути и 53 секунди), ДУИ (15 минути и 35 секунди) и коалицијата „ВМРО за Македонија" (11 минути и 24 секунди). За КПП, која има шест кандидатски листи, се одвоени 17 минути и 54 секунди. За ДПА, која има пет кандидатски листи се одвоени 4 минути и 1 секунда. За учесниците во кампањата со четири кандидатски листи се одвоени: коалицијата „Алијанса за Албанците" – 3 минути и 59 секунди, Движење БЕСА – 1 минута и 2 секунди. За ЛП, ПДП и Левица нема прилози. Во текот на вториот дел[126] од кампањата од четирите субјекти со седум кандидатски листи најмногу време за известување е посветено на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ (29 минути и 33 секунди), проследено со коалицијата предводена од СДСМ (23 минути и 50 секунди), коалицијата „ВМРО за Македонија" (14 минути и 28 секунди) и ДУИ (9 минути и 59 секунди). За КПП е известувано 13 минути и 49 секунди. За партиите со пет кандидатски листи телевизија 24 Вести времето го распределила на следниот начин: Левица (10 минути и 24 секунди), ДПА (4 минути и 39 секунди) и ЛП (53 секунди). Кај учесниците во кампањата со четири кандидатски листи времето е распределено на следниот начин: коалиција „Алијанса за Албанците" – 1 минута и 49 секунди и Движење БЕСА – 1 минута и 23 секунди.

Алсат-М во првиот дел[127] од изборната кампања одвоила слична минутажа за двете најголеми партии од македонскиот блок – коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ (12 минути и 16 секунди) и коалицијата предводена од СДСМ (13 минути и 21 секунда), како и за двете партии од албанскиот блок досега застапени во Собранието – ДУИ (15 минути и 24 секунди) и ДПА (15 минути и 15 секунди). За Движењето БЕСА се одвоени 8 минути и 50 секунди, наспрема 6 минути и 50 секунди за коалицијата „Алијанса за Албанците". За КПП и коалицијата „ВМРО за Македонија" е одвоена само 1 минута и 25 секунди, односно 1 минута и 15 секунди. За ЛП, Левица, ПДП

---

124 Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) 21 – 30 ноември – 24 Вести, АААВМУ. Пристапено на: http://www.avmu.mk/images/24_Vesti_06.12.2016.pdf (последна посета: 10 јануари 2017).

125 Распределбата на информативното време за учесниците во изборната кампања треба да биде согласно принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи со кандидати за пратеници.

126 Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) 1 – 9 декември 2016 – 24 Вести, АААВМУ. Пристапено на: http://www.avmu.mk/images/24_Vesti_16.12.2016.pdf (последна посета: 10 јануари 2017).

127 Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) 21 – 30 ноември 2016 – Алсат-М, АААВМУ. Пристапено на: http://www.avmu.mk/images/Alsat_06.12.2016.pdf (последна посета: 10 јануари 2017).

нема прилози. Вториот дел[128] од изборната кампања бележи слична распределба на времето за известување. За ДУИ и ДПА повторно е одвоено повеќе време, 9 минути и 6 секунди, односно 9 минути и 16 секунди, наспрема времето одвоено за коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата предводена од СДСМ, 7 минути и 41 секунда и 8 минути и 15 секунди. За Движењето БЕСА и коалицијата „Алијанса за Албанците" е одвоено слично време, околу 6 минути. За ЛП, Левица, ПДП, КПП и коалицијата „ВМРО за Македонија" нема прилози.

Во првиот дел[129] од изборната кампања анализираните прилози покажуваат дека Телевизија Алфа за активностите на учесниците во кампањата известувала 4 часа 14 минути и 36 секунди. Од четирите субјекти со седум кандидатски листи Телевизија Алфа одвоила повеќе време за коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ (2 часа 9 минути и 1 секунда), потоа за коалицијата предводена од СДСМ (1 час 44 минути 48 секунди), па ДУИ (6 минути 44 секунди) и коалицијата „ВМРО за Македонија" (2 минути и 26 секунди). КПП со шест кандидатски листи има 2 минути. Од партиите со 5 кандидатски листи е известувано за Левица (4 минути и 12 секунди), ДПА (3 минути и 22 секунди) и ЛП (34 секунди). Движењето БЕСА и коалицијата „Алијанса за Албанците" кои се со четири листи имаат 34 секунди, односно 21 секунда. За ПДП нема информации. Во вториот дел[130] од кампањата Телевизија Алфа посветила 3 часа 15 минути и 55 секунди за активностите на учесниците во изборната кампања и повторно најдолга минутажа за коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ (1 час 46 минути и 21 секунда), потоа за коалицијата предводена од СДСМ (1 час 20 минути и 55 секунди), Левица (6 минути и 36 секунди), ДУИ (1 минута и 12 секунди) и ДПА, КПП и коалицијата „Алијанса за Албанците" 17 секунди. За четири учесници во изборната кампања нема прилози и тоа за коалицијата „ВМРО за Македонија", ЛП, ПДП и Движењето БЕСА.

128 Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) 1 – 9 декември 2016 – Алсат-М, АААВМУ. Пристапено на: http://www.avmu.mk/images/Alsat-M_16.12.2016.pdf (последна посета: 10 јануари 2017).

129 Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) 21 – 30 ноември 2106 – Алфа, АААВМУ. Пристапено на: http://www.avmu.mk/images/Alfa_06.12.2016.pdf (последна посета: 10 јануари 2017).

130 Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) 1 – 9 декември 2016 – Алфа, АААВМУ. Пристапено на: http://www.avmu.mk/images/Alfa_TV_16.12.2016.pdf (последна посета: 10 јануари 2017).

ТВ Канал 5, пак, одвоила доминантна минутажа за покривање на кампањата на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата и во двата периоди на надзор. Во рамки на анализираните прилози во првиот дел[131] од изборната кампања, од вкупно 5 часа 36 минути и 7 секунди посветени на активности на учесниците во изборната кампања, 3 часа 7 минути и 26 секунди се одвоени за коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ споредено со 1 час 58 минути и 14 секунди одвоени за коалицијата предводена од СДСМ. За другите партии е одвоена многу помала минутажа, додека за активностите на КПП, Левица, коалицијата „ВМРО за Македонија", Движењето БЕСА и коалицијата „Алијанса за Албанците" нема прилози. Слична е тенденцијата и во вториот дел[132] од изборната кампања каде за активностите на учесниците во кампањата се одвоени 5 часа 26 минути и 32 секунди. За коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ се одвоени 2 часа 45 минути и 51 секунда, за коалицијата предводена од СДСМ – 2 часа 21 минути и 10 секунди, за ДУИ – 10 минути и 40 секунди, коалицијата „ВМРО за Македонија" 4 минути и 1 секунда, а за Левица, ДПА и КПП помалку од 2 минути. Нема податоци за ЛП, ПДП, Движењето БЕСА и коалицијата „Алијанса за Албанците".

Извештајот за изборното медиумско известување на ТВ Сител и во двата периода[133] на надзор бележи значајна нерамномерност при распределбата на времето во согласност со принципот на пропорционалност. Така, за коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ е одвоено убедливо повеќе време, односно 3 часа 28 минути и 9 секунди, во првиот, и 3 часа 11 минути и 3 секунди, во вториот дел опфатен од надзорот. Наспрема тоа, за коалицијата предводена од СДСМ е одвоен само 1 час 47 минути и 25 секунди, во првиот, односно 57 минути и 17 секунди, во вториот дел. За останатите партии и коалиции ТВ Сител известувала со многу мала минутажа.

131 Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) 21 – 30 ноември 2016 – ТВ Канал 5, АААВМУ. Пристапено на: http://www.avmu.mk/images/TV_KAnal_5_06.12.2016.pdf (последна посета: 10 јануари 2017).

132 Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) 1 – 9 декември 2016 – ТВ Канал 5, АААВМУ. Пристапено на: http://www.avmu.mk/images/Kanal_5_16.12.2016.pdf (последна посета: 10 јануари 2017).

133 Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) 21 – 30 ноември 2016 – ТВ Сител, АААВМУ. Пристапено на: http://www.avmu.mk/images/TV_Sitel_06.12.2016.pdf (последна посета: 10 јануари 2017). Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) 1 – 9 декември 2016 – ТВ Сител, АВМУ. Пристапено на: http://www.avmu.mk/images/Sitel_16.12.2016.pdf (последна посета: 10 јануари 2017).

И во двата извештаја нема прилози за КПП, коалицијата „ВМРО за Македонија", ПДП, Движењето БЕСА и коалицијата „Алијанса за Албанците".

Анализираните прилози во првиот дел[134] од кампањата покажуваат дека ТВ Телма времето за четирите субјекти со седум кандидатски листи го распределила на следниот начин: коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ има 36 минути и 53 секунди, коалицијата предводена од СДСМ има 24 минути и 41 секунда, ДУИ има 11 минути и 24 секунди и коалицијата „ВМРО за Македонија" има 12 минути и 17 секунди. За КПП овој период е известувано 19 минути и 10 секунди. Известувано е и за трите учесници со пет кандидатски листи и тоа, за ДПА – 10 минути и 9 секунди, Левица – 9 минути и 5 секунди и ЛП – 3 минути и 4 секунди. За коалицијата „Алијанса за Албанците" се одвоени 5 минути и 45 секунди, а за Движењето БЕСА се одвоени 2 минути и 55 секунди. ПДП е застапена само со 54 секунди. Во вториот дел[135] од кампањата, за четирите субјекти со седум кандидатски листи најмногу време е одвоено за известување за активностите на коалицијата предводена од СДСМ – 22 минути и 26 секунди, потоа за коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ – 15 минути и 25 секунди, за коалицијата „ВМРО за Македонија" – 13 минути и 57 секунди и за ДУИ – 7 минути и 17 секунди. За КПП се одвоени 11 минути и 46 секунди. Од партиите со 5 кандидатски листи е известувано за ДПА (8 минути и 52 секунди), Левица (5 минути и 30 секунди) и ЛП (3 минути и 2 секунди). Кај учесниците во кампањата со четири кандидатски листи времето е распределено на следниот начин: Движење БЕСА – 6 минути и 53 секунди и коалиција „Алијанса за Албанците" – 3 минути и 13 секунди.

134 Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) 21 – 30 ноември 2016 – Телма, АААВМУ. Пристапено на: http://www.avmu.mk/images/Telma_06.12.2016.pdf (последна посета: 10 јануари 2017).

135 Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) 1 – 9 декември 2016 – Телма, АААВМУ. Пристапено на: http://www.avmu.mk/images/Telma_16.12.2016.pdf (последна посета: 10 јануари 2017).

## РЕЗУЛТАТИ ОД ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ ВО 2016[136]

На предвремените парламентарни избори, кои се одржаа на 11 декември 2016 година, правото на глас го искористија вкупно 1 191 852 гласачи од регистрирани 1 784 524 гласачи во Македонија и 20 629 гласачи во странство. Излезноста на овие избори изнесуваше 66,79 %, што укажува на пораст во споредба со минатите парламентарни избори во 2014 г. кога излезноста беше 63 %.

На овие избори учествуваа вкупно шест политички партии и пет коалиции со 58 листи на кандидати и тоа, коалицијата „За подобра Македонија" предводена од ВМРО-ДПМНЕ, ДПА, ДУИ, коалицијата предводена од СДСМ, „Коалицијата за промени и правда – Трет блок" (КПП), ПДП, коалицијата „Алијанса за Албанците", ЛП, коалиција „ВМРО за Македонија", Движење БЕСА и Левица.

Според конечните и официјални податоци на ДИК, најмногу гласови на предвремените парламентарни избори на 11 декември 2016 година освои коалицијата „За подобра Македонија", предводена од владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ или 454 577, што е 38,14 % од вкупниот број на гласови. Со тоа коалицијата освои 51 пратенички мандат или 10 мандати помалку од претходните парламентарни избори.

На второ место е коалицијата предводена од опозициската СДСМ, која освои 17 596 гласови помалку од владејачката ВМРО-ДПМНЕ, односно вкупно 436 981, што е 36,66 % од вкупниот број на гласови. Коалицијата освои 49 пратенички мандати наспрема 34 мандати освоени на претходните парламентарни избори. Ова е прв пат на едни парламентарни избори да се води толку тесна резултатска битка помеѓу двете најголеми партии од македонскиот блок.

На трето место е ДУИ која досега беше дел од владејачката коалиција. За нејзините кандидатски листи гласаа 86 796 гласачи,

136 За сите податоци во врска со резултатите од предвремените парламентарни избори е користена интернет-страницата на Државната изборна комисија. Пристапено на: https://rezultati.sec.mk/Parliamentary/Results?cs=mk-MK&r=r&rd=r1&eu=All&m=All&ps=All (последна посета: 29 декември 2016).

што е 7,28 % од вкупниот број на гласови, со што добија 10 пратеници во Собранието. На овие избори ДУИ доби значително помала поддршка од гласачите во споредба со парламентарните избори во 2014 кога освои 19 мандати.

На четврто место по бројот на освоени гласови е Движењето БЕСА кое на овие избори доби вкупно 57 868 гласови или 4,86 %. БЕСА за прв пат ќе биде застапена во новиот состав на Собранието на РМ и тоа со 5 пратеници.

Коалицијата „Алијанса за Албанците" се наоѓа на петтото место по бројот на освоени гласови. За кандидатските листи на коалицијата гласаа 35 121 гласачи, што претставува 2,95 % од вкупниот број на гласови. Коалицијата освои 3 мандати и за прв пат ќе има свои претставници во Собранието.

На шесто место се наоѓа големиот ривал на ДУИ, ДПА, која на овие избори постигна значително послаб резултат. За оваа партија гласаа 30 964 гласачи или 2,60 % од вкупниот број на гласови и освои само 2 мандата во споредба со 7 мандати кои ги освои на претходните парламентарни избори.

Останатите партии и коалиции, односно коалицијата „ВМРО за Македонија", Левица, КПП – Трет блок, ЛП и ПДП, не успеаја да обезбедат пратенички места во новиот состав на Собранието. За коалицијата „ВМРО за Македонија" гласаа 24 524 гласачи (2,06 %), за Левица 12 120 гласачи (1,02 %), за КПП – Трет блок 10 028 гласачи (0,84 %), за ЛП 3 840 гласачи (0,32 %) и за ПДП 1 143 гласачи (0,10 %).

На овие избори ниту една партија и коалиција не успеа да освои доволно гласови во ИЕ 7 за да обезбеди пратеник во Собранието од дијаспората.




По изборни единици односот на партиите/коалициите кои обезбедија влез во Собранието е следниот:

| Изборна единица | Регистрирани избирачи во Избирачкиот список | Партија/ Коалиција | Вкупно гласови | Вкупно гласови % | Освоени мандати |
|---|---|---|---|---|---|
| **ИЕ 1** | 295 858 | СДСМ и др. | 92 247 | 42,35 % | 10 |
| | | ВМРО-ДПМНЕ и др. | 72 842 | 33,44 % | 8 |
| | | БЕСА | 11 597 | 5,32 % | 1 |
| | | ДУИ | 12 890 | 5,92 % | 1 |
| Излезност | **217 823 (73,62 %)** | | | | |
| **ИЕ 2** | 306 471 | ВМРО-ДПМНЕ и др. | 73 712 | 36,15 % | 9 |
| | | СДСМ и др. | 69 842 | 34,25 % | 8 |
| | | ДУИ | 16 868 | 8,27 % | 2 |
| | | БЕСА | 16 119 | 7,90 % | 1 |
| Излезност | **203 923 (66,54 %)** | | | | |
| **ИЕ 3** | 280 727 | ВМРО-ДПМНЕ и др. | 102 829 | 50,36 % | 11 |
| | | СДСМ и др. | 81 204 | 39,77 % | 9 |
| Излезност | **204 193 (72,74 %)** | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ИЕ 4** | 282 537 | ВМРО-ДПМНЕ и др. | 101 617 | 47,96 % | 10 |
| | | СДСМ и др. | 94 780 | 44,73 % | 10 |
| Излезност | **211 897 (75,00 %)** | | | | |
| **ИЕ 5** | 290 433 | ВМРО-ДПМНЕ и др. | 72 340 | 38,51 % | 9 |
| | | СДСМ и др. | 71 020 | 37,81 % | 9 |
| | | Алијанса за Албанците | 7 355 | 3,92 % | 1 |
| | | ДУИ | 13 982 | 7,44 % | 1 |
| Излезност | **187 824 (64,67 %)** | | | | |
| **ИЕ 6** | 307 817 | ДУИ | 40 547 | 25,67 % | 6 |
| | | ВМРО-ДПМНЕ и др. | 26 193 | 16,58 % | 4 |
| | | БЕСА | 24 989 | 15,82 % | 3 |
| | | СДСМ и др. | 25 986 | 16,45 % | 3 |
| | | Алијанса за Албанците | 17 946 | 11,36 % | 2 |
| | | ДПА | 16 162 | 10,23 % | 2 |
| Излезност | **157 960 (51,32 %)** | | | | |
| **ИЕ 7** | 20 573 | ВМРО-ДПМНЕ и др. | 5 044 | 61,27 % | / |
| | | СДСМ и др. | 1 902 | 23,10 % | / |
| | | ДУИ | 886 | 10,76 % | / |
| | | ВМРО за Македонија | 157 | 1,91 % | / |
| Излезност | **8 232 (40,01 %)** | | | | |

## ЗАШТИТА НА ИЗБИРАЧКО ПРАВО[137]

Изборниот законик ја гарантира заштитата на избирачкото право. Според Изборниот законик, секој подносител на листа на кандидати и секој избирач има право да поднесе приговор до Државната изборна комисија доколку смета дека нивното право било повредено. Приговорите од страна на подносителите на листите може да се однесуваат на постапката за гласање, сумирањето и утврдувањето на резултатите, додека избирачите може да поднесат приговор доколку во постапката им е повредено избирачкото право. Постапката која се води за заштита на избирачкото право е итна, поради што доставувањето на приговор и тужба за ова не може да се достави по пошта.

Приговорите кои подносителите на листите ги доставуваат до ДИК мора да ги достават во рок од 48 часа по завршувањето на гласањето, односно по објавувањето на првичните резултати, а ДИК е должна во рок од 48 часа по приемот на приговорот да донесе одлука. За одлуката која ја донела ДИК го известува подносителот на приговорот по пат на електронска пошта, а одлуката се смета за доставена во рок од пет часа од испраќањето на електронскиот допис. Подносителот на приговорот, за кој негативно било решено во рамките на ДИК, има право во рок од 24 часа по приемот на решението да поднесе тужба до Управниот суд. Судот мора да донесе одлука во рок од 48 часа по приемот на тужбата. Управниот суд може да ја потврди или да ја преиначи одлуката на ДИК, при што неговите одлуки се правосилни, односно против нив не може да се поднесе жалба или друг вид правна заштита.

Во случај на повреда на избирачкото право на избирачот, истиот може да поднесе приговор до ДИК во рок од 24 часа, а ДИК е должна да донесе одлука во рок од 4 часа по приемот на приговорот. Одлуката на ДИК може да биде обжалена, така што во рок од 24 часа по приемот на решението ќе се достави тужба до Управниот суд. Доколку роковите течат и се пресретнат во текот на процесот на гласањето, а одлуката е позитивна за избирачот, на истиот ќе му се овозможи да го оствари своето право на глас.

Во рамките на законскиот рок политичките партии/коалиции до ДИК поднесоа вкупно 16[138] приговори. Дел од приговорите

[137] Изборен законик (пречистен текст), неофицијална верзија изготвена од Стручната служба на Државната изборна комисија, (Службен весник на Република Македонија, бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16 и 99/16). Пристапено на: http://www.sec.mk/izboren-zakonik/ (последна посета: 19 октомври 2016); Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, Службен весник на Република Македонија, бр. 142 од 1 август 2016. Пристапено на: http://www.avmu.mk/images/Zakon_za_izmenuvanje_i_dopolnuvanje_na_izborniot_zakonik_28_juli_2016.pdf (последна посета: 19 октомври 2016).

[138] Ова е првичната бројка. Потоа СДСМ одлучи да повлече два претходно поднесени приговори наводно со објаснување дека приговорите не можеле да придонесат кон промена на изборниот резултат. На тој начин бројот на разгледани приговори изнесува 14.

се однесуваа на постапката за гласање, а дел на постапката за сумирање и утврдување на резултатите. Приговори поднесоа СДСМ и Движењето БЕСА. Движењето БЕСА поднесе вкупно 8 приговори. Два приговори беа за ИЕ 6, односно за избирачкото место (ИМ) 1995, 1996, 1997, 1997/1, 1999, 2080, 2081 и 2083 во општина Тетово и за ИМ 0396/1 во општина Гостивар. Останатите шест приговори беа поднесени за ИЕ 2 и тоа за ИМ 2333/1, ИМ 2340 и ИМ 2339 во општина Арачиново, за ИМ 1119/1 и 1120 и ИМ 1105 во општина Липково, и за општина Гази Баба. СДСМ поднесе 8 приговори за гласањето во ИЕ 6. Пет приговори беа поднесени за ИМ во општина Теарце, односно за ИМ 2011, ИМ 2010, ИМ 2025, ИМ 2024 и ИМ 2016 во општина Теарце. Останатите три приговори се однесуваа на ИМ 1978, ИМ 1984 и ИМ 1983 во општина Тетово. По поднесувањето на приговорите СДСМ одлучи да повлече два свои приговора, односно за ИМ 1984 и ИМ 1983.

Седницата на ДИК на која се одлучуваше за приговорите траеше три дена. По разгледувањето на приговорите ДИК ги одби сите приговори на СДСМ, а прифати само еден приговор поднесен од Движењето БЕСА и тоа за неправилности во ИМ 0396/1 во општина Гостивар. Од БЕСА претходно изјавија дека за приговорите нема да поднесат ниту една тужба до Уставниот суд поради немањето доверба кон институциите.[139] Веднаш потоа ВМРО-ДПМНЕ како предводник на коалицијата „За подобра Македонија" поднесе тужба до Управниот суд против решението на ДИК да го уважи приговорот на Движењето БЕСА за ИМ 0396/1 во општина Гостивар. Управниот суд ја уважи тужбата на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и со тоа го отфрли приговорот на БЕСА.

Коалицијата предводена од СДСМ не беше задоволна од одлуките на ДИК за избирачките места во ИЕ 6, при што во рамки на законскиот рок поднесе четири тужби до Управниот суд. Управниот суд одби три тужби од СДСМ како неосновани, а ја уважи тужбата поднесена за ИМ 2011 во општина Теарце и одлучи да го поништи гласањето на ова гласачкото место. Како резултат на оваа одлука, ДИК донесе

[139] СДСМ поднесува тужби, БЕСА бојкотира, ВМРО-ДПМНЕ се мисли, 24вести, 26 декември 2016. Пристапено на: http://24vesti.mk/sdsm-podnesuva-tuzhbi-be-sa-bojkotira-vmro-dpmne-se-misli-0 (последна посета: 30 декември 2016).



Решение[140] за повторување на гласањето и негово одржување на 25 декември 2016, односно 14 дена од денот на гласањето.

Одлуката за прегласување отвори можност за промена на изборните резултати поради фактот што на коалицијата предводена од СДСМ ѝ недостасуваа 303 гласа во ИЕ 6 за да освои дополнителен мандат. На гласањето на 11 декември на ова избирачко место победи ВМРО-ДПМНЕ со 91 освоен глас, а СДСМ освои 87 гласа. На прегласувањето на 25 декември во ИМ 2011 во Теарце победи СДСМ со освоени 245 гласа наспрема 149 гласа за ВМРО-ДПМНЕ. Сепак, и покрај победата на СДСМ, изборните резултати не се променија. На тој начин, првичната распределба 51-49 пратеници за ВМРО-ДПМНЕ, односно за СДСМ остана иста.

## ОЦЕНКА НА ИЗБОРИТЕ ОД НАБЉУДУВАЧИТЕ

За следење на предвремените парламентарни избори на 11 декември 2016 г. беа акредитирани вкупно 7 605 домашни набљудувачи, 642 странски набљудувачи, 354 преведувачи и 98 странски новинари.[141] Од домашните организации на овие избори најголем број на набљудувачи имаше Граѓанската асоцијација МОСТ, односно 3 599. Здружението за хуманитарни активности СИНЕРГИЈА Штип ја имаше втората по бројност набљудувачка мисија со вкупно 3 387 набљудувачи. Останатите организации имаа помал број акредитирани набљудувачи. Така, ЦИВИЛ – Центар за слобода имаше 308 набљудувачи, Здружението Национален ромски центар (НРЦ) – Куманово – 143 набљудувачи, Институтот за економски стратегии и меѓународни односи Охрид – 65 набљудувачи, Македонскиот центар за култура и развој – 52 набљудувачи и Центарот за разбирање и институционална соработка Скопје – ЦРИС – 51 набљудувач.

Од странските набљудувачки мисии најбројна беше мисијата на ОБСЕ/ОДИХР со 281 набљудувач. Амбасадата на Соединетите Американски

[140] Решение, ДИК, 21 декември 2016. Пристапено на: https://drive.google.com/file/d/0B-8ZpCwro9h-zRWR1Sms1c3R0Mk0/view (последна посета: 20 декември 2016).

[141] Види Државна изборна комисија, Предвремени избори за пратеници 11.12.2016, Акредитирани набљудувачи. Пристапено на: https://drive.google.com/file/d/0B-8ZpCwro9h-zR1FiS21IaTgwMlU/view (последна посета: 3 јануари 2017).

Држави имаше 51 набљудувач, Парламентарното Собрание на ОБСЕ 27 набљудувачи, Мисијата на ОБСЕ во Скопје 24 набљудувачи, Асоцијацијата на европски студентски стуктури – АЕГЕЕ Европа – 24, Парламентарното Собрание на Совет на Европа 22 набљудувачи, Европска Унија и Европски Парламент – 16. По 15 набљудувачи имаа Советот за јавна дипломатија на Каталонија – Диплокат, Меѓународен студиски центар за избори – Литванија и СИЛБА – Поддршка на иницијативата за дијалог и демократија – Данска. Британската Амбасада во Скопје имаше 12 набљудувачи, Амбасадата на Франција – 8, а Амбасадата на Сојузна Република Германија, Италија и на Република Албанија – 6 набљудувачи. По 2 набљудувачи имаа секоја од амбасадите на Швајцарија, Австрија и Република Чешка.

Изборниот процес го следеа вкупно 98 странски новинари. Најбројна беше екипата на телевизиската мрежа Ал Џазира Балкан со 16 новинари. Потоа следуваа Државната Турска Радио Телевизија – ТРТ со 8 новинари, РТВ 21 Приштина со 7, Радио Телевизија Косово со 6, Топ Канал Тирана и Светска Агенција Ројтерс имаа по 5 новинари. Радио Телевизија Србија, ENG – Здружение за електронски вести Грција, ТВ Клан Косово и ТВ КТВ Коха Визион – Република Косово имаа по 4 новинари. По 2 новинари имаа ОРФ – Австрија, ТВ Прва и Б92 – Република Србија, Радио Телевизија Војводина, Гласот на Америка. По 1 новинар имаа АРД Германска државна телевизија, Радио Телевизија Словенија, Европска пресфото агенција, Агенција Pixsell – Република Хрватска, Новинска Агенција БЕТА ПРЕС Србија.

Во својот прелиминарен извештај од набљудувањето Мисијата на ОБСЕ/ОДИХР[142] заклучи дека изборниот ден поминал мирно без поголеми инциденти и со голема излезност на гласачите. Позитивно беше оценето и објавувањето на првичните резултати по изборни единици на веб-страницата на ДИК во текот на ноќта по изборите. Сепак, и покрај позитивната оценка од набљудувачите, во изборниот процес биле забележани одредени процедурални нерегуларности, пред сè, во текот на броењето на гласовите. Друг проблем бил големиот број лица кои биле избришани од гласачкиот список во текот на спроведената проверка на регистарот на гласачи, поради што на овие граѓани не им било овозможено на денот на изборите да го дадат својот глас. На изборниот ден се забележани случаи на групно гласање, заплашување гласачи, мешање на неовластени лица во работата на ИО (Избирачки одбори), несоодветно запечатување на гласачки кутии. Во однос на ОИК (Општински изборни комисии) забележано било немањето доволен простор за работа, лоша организација, но и присуство на преголема толпа на луѓе. Дополнителна забелешка за повеќе од половина од набљудуваните гласачки места е непостоењето услови за самостоен пристап на гласачи со хендикеп. Во текот на изборната кампања, пак, регистрирани се и случаи на вршење притисок врз гласачи и нивни семејства, вршење притисок врз државни службеници, злоупотреба на административни ресурси, купување гласови во ромската заедница.

Набљудувачите на ОБСЕ го оценија предвременото гласање како генерално позитивно без поголеми инциденти и тензии. Некои процедурални проблеми биле забележани за време на предвременото гласање на 7 декември во КПУ Идризово и се однесувале на случаи на гласачи со валидни лични карти на кои не им било овозможено да гласаат поради тоа што нивните имиња не биле на гласачкиот список. Освен тоа, повеќе од 500 затвореници со лични карти со изминат рок не биле регистрирани во гласачкиот список. Во овој контекст, од Мисијата на ОБСЕ, исто така, беше напоменато дека не постои процедура како да се продолжат личните карти со изминат рок на затворениците.

Според извештајот на ОБСЕ/ОДИХР, предизборниот период поминал во атмосфера на почитување на основните слободи на учесниците за здружување, собирање и изразување и слободно водење на изборната кампања. Сепак, од Мисијата е наведено дека целокупниот процес се одвивал во атмосфера на недоверба на јавноста во институциите и во политичкото уредување. Забележано е и користење негативна реторика особено помеѓу коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата предводена од СДСМ. Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, за која изборите биле референдум за унитарна и суверена држава, упатила

[142] Меѓународна набљудувачка мисија за избори на ОБСЕ/ОДИХР, Република Македонија, Предвремени парламентарни избори, 11 декември 2016, Изјава за првичните наоди и заклучоци. Пристапено на: http://www.osce.org/mk/odihr/elections/fyrom/288296?download=true (последна посета: 3 јануари 2017).

обвиненија кон коалицијата предводена од СДСМ дека го ослабува националниот идентитет на Македонија. Коалицијата предводена од СДСМ, исто така, упатила обвиненија кон коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ кои главно се однесувале на злоупотреба на државните овластувања и спроведување криминални активности. Сличен интензитет и реторика е забележан и помеѓу партиите од албанскиот блок кои ѝ се обраќале на својата заедница. Во текот на изборната кампања регистрирани се насилни инциденти, како вандализирање на партиски штабови, оштетување автомобили на партиски членови, уништени билборди.

Во однос на работата на ДИК, едни од главните забелешки беа намаленото ниво на транспарентност на нејзините активности. Индикатор за тоа беше одржувањето седници зад затворени врати, како и нередовното објавување на одлуките на ДИК на нејзината веб-страница. Дополнителен проблем кој бил регистриран во текот на набљудувањето била пристрасноста на членовите на ДИК при донесувањето одлуки. Така, набљудувачите забележале дека одлучувањето за спорни прашања било правено по партиски линии и интереси од страна на самите членови. Пристрасноста при одлучување се покажала како проблем и во други случаи. На пример, при утврдувањето на редоследот на кандидатските листи на гласачките ливчиња по пат на ждрепка, листите биле поделени во две групи, при што првите места на гласачкото ливче им биле доделени на четирите парламентарни партии застапени во составот на ДИК – коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, коалицијата предводена од СДСМ, ДУИ и ДПА. Ваквото постапување се смета за дискриминаторско во однос на другите кандадати во изборниот процес и следствено на тоа противречи на став 7.6 од Копенхашкиот документ[143] на ОБСЕ од 1990 г., а, пред сè, на стандардите на Советот на Европа.

Известувањето на медиумите е уште еден аспект кој беше покриен од страна на Мисијата за набљудување на избори на ОБСЕ/ОДИХР. Резултатите од набљудувањето покажаа политичка и етничка поделеност на медиумската сцена, како и разлика во медиумската

[143] Копенхашкиот документ на ОБСЕ од 1990. Пристапено на: http://www.osce.org/odihr/elections/14304?download=true (последна посета: 3 јануари 2017).



покриеност од страна на јавните и некои од приватните медиуми. Така, двата јавни телевизиски канали, МРТ1 и МРТ2, овозможиле рамномерно, позитивно и некритично претставување во вестите на учесниците во изборниот процес. Од друга страна, кај некои од приватните медиуми како *Сител*, *Канал 5* и *Алфа* медиумскиот простор бил поделен главно помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Кај сите овие три телевизии набљудувачите забележале небалансирано и пристрасно известување кон владејачката партија на сметка на опозициските партии. *Телма*, *Алсат-М* и *24 Вести* обезбедиле разновидно и често пати критично покривање на главните учесници во изборниот процес во информативните емисии. Мисијата, исто така, забележала загриженост за самоцензурата и за недостигот на уредувачка независност кај медиумите поради политичките и бизнис интересите на самите сопственици. Во согласност со измените и дополнувањата од 2015 година се забранува рекламирање финансирано од страна на Владата и покривање на активностите на државни функционери поддржувачи на одредени политички партии во текот на изборите, но и покрај тоа забележани се вакви активности во текот на изборната кампња. Исто така, од набљудувачите на ОБСЕ беше истакнато дека одредени суштински медиумски реформи предвидени со Договорот од Пржино сè уште не се целосно имплементирани.

Граѓанската асоцијација МОСТ[144] оцени дека на денот на изборите била забележана висока излезност на гласачите, но и нерегуларности во постапката на гласање и случаи на инциденти за поткуп и притисоци врз гласачите на некои избирачки места. Исто така, набљудувачите на МОСТ регистрирале и случаи на групно/семејно гласање, непочитување на тајноста на гласањето, фотографирање на гласачките ливчиња зад параваните, избирачи кои не биле запишани во Избирачкиот список. Изборната кампања е оценета како доста динамична, но со зголемен негативен тон и поостра реторика. И овој пат злоупотребата на меѓуетничките прашања била високо на агендата на учесниците. Во текот на

[144] Парламентарни избори 2016, Граѓанска асоцијација МОСТ. Пристапено на: http://www.most.org.mk/index.php?option=com_k2&view=itemlist&task=category&id=160:parliamentary-elections-2016&Itemid=326&lang=mk (последна посета: 4 јануари 2017).

кампањата биле вршени притисоци врз вработените во јавниот сектор да ги посетуваат партиските митинзи, но и да го дадат својот глас за владејачката партија. Понатаму, забележано е и присуство на функционери на разни партиски настани во текот на работно време, злоупотреба на јавни ресурси, како користење службени возила за партиски цели, но и случаи на противзаконско располагање со буџетски средства во вид на започнување изградба или пуштање во употреба објект финансиран со јавни средства.

Амбасадорот[145] на САД во Македонија, Џес Бејли, исто како и ОБСЕ/ОДИХР, ги оцени изборите како добри со некои процедурални нерегуларности. Во неговата изјава тој ја повика идната влада и понатаму да работи на градење на капацитетите на ДИК, но и да ги разреши правните и структурни прашања во однос на Избирачкиот список. За амбасадорот Бејли изборите во декември се само еден чекор кој води надвор од кризата, па затоа тој ги повика сите партии, оние кои ќе бидат дел од новата Влада, како и од опозицијата, заедно да соработуваат и да ги остварат реформите неопходни за евро-атлантската интеграција на државата. И за евроамбасадорот во Македонија, Самуел Жбогар,[146] изборите биле успешни, при што граѓаните имале можност да ја изразат својата волја. Според него, новиот Парламент и новата Влада требало да продолжат со спроведувањето на реформите кои се неопходни да ја придвижат земјата напред по евро-атлантскиот пат.

## ОЦЕНКА НА ИЗБОРИТЕ ОД ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

На 11 декември, неколку часа по затворањето на избирачките места, првично пребројаните гласови покажаа дека се води тесна битка помеѓу владејачката, ВМРО-ДПМНЕ, и најголемата опозициска партија, СДСМ. Ваквите резултати беа причина двете најголеми партии од македонскиот блок да излезат со различни толкувања на изборните резултати и предвреме да се прогласат за победници на

145 Бејли за изборите: Членството во ЕУ и НАТО е обединувачки фактор, Нова ТВ, 12 декември 2016. Пристапено на: http://novatv.mk/bejli-za-izborite-chlenstvo-to-vo-eu-i-nato-e-obedinuvachki-faktor/ (последна посета: 04 јануари 2017).

146 Жбогар: Пржинскиот договор донесе успешни избори, Индекс 24, 15 декември 2016. Пристапено на: http://index24.mk/index.php/vesti/makedonija/item/4602-zhbogar-pr-zhinskiot-dogovor-donese-uspeshni-izbori (последна посета: 04 јануари 2017).

изборите. Штабот на СДСМ за многу кратко време беше затворен и членовите и симпатизерите на партијата заедно се упатија пред зградата на Владата каде што ја прославуваа победата. По некое време се обрати и лидерот на СДСМ, Зоран Заев, кој изјави: „Бидете среќни и горди. Испишавте историја. Ќе имате што да им кажете на децата и на внуците. Јас се гордеам со вас. Македонија е горда земја, среќна земја... Ги чекаме резултатите, но трендовите може само да растат, не може да паѓаат. Затоа да се радувате, падна режимот, победи животот."[147] Но, и покрај задоволството од начинот на кој гласаа граѓаните и нивната волја за промена, од СДСМ наведоа дека на изборниот ден имало и случаи на притисоци, заплашување и купување гласови.[148]

Набрзо потоа ВМРО-ДПМНЕ свика прес-конференција каде што Влатко Ѓорчев, еден од носителите на листи, им се обрати на македонските граѓани, ја соопшти победата на ВМРО-ДПМНЕ и ги повика на прослава пред штабот на партијата. Ѓорчев, исто така, додаде дека изборите биле фер, демократски, отворени и инклузивни, и повика на обединување и ставање крај на кризата.[149] Половина час по полноќ се обрати и лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Никола Груевски, кој ја прогласи својата партија за победник на предвремените парламентарни избори и истовремено им се заблагодари на сите граѓани кои излегле да гласаат на изборите и на оние кои ја поддржале неговата партија. Според Груевски, поддршката за неговата партија била во рамки на очекуваните граници. Фактот дека Заев добил поддршка и од албанскиот електорат е нешто кое партијата дополнително ќе го разгледала и за кое ќе извлечела поуки.[150]

147 Синоќа ВМРО и СДСМ прогласија победи и почнаа да слават, Алсат М, 12 декември 2016. Пристапено на: http://alsat.mk/News/299502/sinokja-vmro-i-sdsm-proglasija-pobedi-i-pochnaa-da-slavat (последна посета: 22 декември 2016).

148 Резултатите познати, неизвесноста продолжува, Радио Слободна Европа, 12 декември 2016. Пристапено на: http://www.slobodnaevropa.mk/a/28171268.html (последна посета: 22 декеви 2016).

149 Ѓорчев: ВМРО-ДПМНЕ слави победа на изборите, мандатар Никола Груевски, Вест, 13 декември 2016. Пристапено на: http://www.vest.mk/?ItemID=F503192513609A45B807E-8910FAB7BA4&arc=1 (последна посета: 22 декември 2016).

150 Кој е победник на изборите – прашање од милион долари!, Дојче веле, 12 декември 2016. Пристапено на: www.dw.com/mk/кој-е-победник-на-изборите-прашање-од-милион-долари/a-36730641 (последна посета: 22 декември 2016).

Павле Трајанов од Демократскиот сојуз и „Коалицијата за промени и правда" – Трет блок изјави дека изборите покажале огромна поделеност меѓу самите граѓани, односно мнозинство од околу 612 000 граѓани кои го дале својот глас за некоја од партиите од опозицијата. Според Трајанов, и овие избори не поминале без закани, притисоци и клиентелизмот на владејачките партии. Тој повика наместо кризата и понатаму да се продлабочува во вид на протести и притисоци врз ДИК, веднаш по конечните резултати да се конституира новиот состав на Парламентот со цел да се формира парламентарно мнозинство составено од партии и пратеници кои се за промена.[151]

Од коалицијата „ВМРО за Македонија" по изборите се огласи Стојанче Ангелов, претседател на Достоинство, кој на својот Фејсбук профил напиша дека и покрај тоа што нивната коалиција ги изгубила изборите, сепак, освоила доволно гласови за да се наметне како трета политичка опција во Македонија. Ангелов додаде дека и покрај ваквиот резултат, по овие избори во Македонија ништо повеќе немало да биде исто. Се заблагодари на сите граѓани кои излегле да гласаат на изборите, како и на оние кои гласале за коалицијата „ВМРО за Македонија".[152] Исто така, тој нагласи дека малите партии тешко би можеле да си обезбедат влез во Собранието сè додека Македонија е поделена на повеќе изборни единици. И покрај сè, независно од тоа кој би ја составил новата Влада, според Ангелов, неизбежна била длабока политичка криза во Македонија.[153]

Дејан Лутовски, член на Президиумот на Левица, на веб-страницата на партијата напиша дека и на овие избори механизмите на притисок и уцени кон гласачкото тело одиграле значајна улога. Исто така, тој додаде дека со оглед на минималните финансиски средства со кои настапила партијата на изборите, како и со големиот број ограничувања со кои се соочиле како партија, бројот на освоени гласови на партијата е на прифатливо ниво и покрај очекувањата за подобар резултат и освојување мандати за влез во Собрание.[154]

Во албанскиот блок ставовите на партиите беа различни. За лидерот на ДУИ, Али Ахмети, неговата партија е победник меѓу албанските партии. Според Ахмети, изборите поминале мирно и без проблеми што воедно било знак дека земјата направила голем напредок и покажала зрелост во организирањето избори. Сепак, Ахмети не ја скри разочараноста и незадоволството поради дел од изгубените мандати кои за него претставувале само загуба за Албанците и уште еднаш алудираше до албанскиот електорат да не се парцијализираат во мали групи туку да останат заедно.[155]

Лидерот на ДПА, Мендух Тачи, како претседател лично ја презеде одговорноста за лошиот резултат на неговата партија на изборите и им се заблагодари на сите активисти за поддршката. Тачи не го криеше задоволството од поразот на ДУИ меѓу Албанците и ги прогласи БЕСА и НДП за победници на овие избори. Освен тоа, тој изјави дека ДПА безусловно ќе ги поддржат БЕСА и НДП.[156]

